Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 330, 2 октомври 2023 година

октомври 2023 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРИМЕНЕТА МАТЕМАТИКА И МАТЕМАТИЧКО МОДЕЛИРАЊЕ И ДИФЕРЕНЦИЈАЛНИ РАВЕНКИ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИПРЕФЕРАТ** ........ 3

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ГЕРМАНИСТИКА (64005) И ИСТОРИЈА НА КНИЖЕВНОСТ НА ГЕРМАНСКИТЕ НАРОДИ (61212) НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП** ........ 11

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ КАЗНЕНО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП** ........ 23

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТЕКСТИЛНИ И ТЕХНИЧКИ ВЛАКНА И ТЕКСТИЛНО МЕХАНИЧКО ИНЖЕНЕРСТВО НА ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП** ........ 52

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ ДИГЕСТИВНА ХИРУРГИЈА (30306)** ........ 70

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ „ТОКСИКОЛОШКА ХЕМИЈА” ОД ВОНРЕДЕН ПРОФ. Д-Р ДАРИНКА ЃОРГИЕВА-АЦКОВА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП** ........ 94

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ „ТЕХНОЛОГИЈА НА ГОТОВИ ЈАДЕЊА” ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р АЦО КУЗЕЛОВ И ПРОФ. Д-Р ДИМИТАР НАКОВ, ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП** ........ 100

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ „УЧЕБНИК ПО СПЕЦИФИЧНИ ВИДОВИ НА ТУРИЗАМ“ ОД ВОН. ПРОФ. Д-Р ТАЊА АНГЕЛКОВА-ПЕТКОВА И ДОЦ. Д-Р ЦВЕТАНКА РИСТОВА-МАГЛОВСКА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП** ........ 105

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ФИТОФАРМАЦИЈА - СОВРЕМЕНИ АСПЕКТИ НА УПОТРЕБАТА НА ХЕРБАЛНИ БИОАКТИВНИ КОМПОНЕНТИ“ ОД ПРОФ. Д-Р ВИКТОРИЈА МАКСИМОВА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП** ........ 109

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ „АНАТОМИЈА И ФИЗИОЛОГИЈА НА ОКО” ОД ДОЦ. Д-Р БИЛЈАНА ИВАНОВСКА-АЦИЕВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП** ........ 113

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ „МИКРОБИОЛОГИЈА НА ВИНО” ОД ВОН. ПРОФ. Д-Р ФИДАНКА ИЛИЕВА, ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП** ........ 116

**П Р Е Г Л Е Д**
**НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА** ........ 120

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Дејан Мираковски
Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Уредници: проф. д-р Мишко Цидров, м-р Ристо Костуранов
Техничко уредување: м-р Влатко Јовановски
Лектор: Даница Гавриловска Атанасовска
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
**ISSN: 1857- 8497**

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРИМЕНЕТА МАТЕМАТИКА И МАТЕМАТИЧКО МОДЕЛИРАЊЕ И ДИФЕРЕНЦИЈАЛНИ РАВЕНКИ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1502-124/14 од 31 август 2023 година донесена на 236. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика, одржана на 31 август 2023 г., определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на вонреден професор за наставно-научните области ***применета математика и математичко моделирање и диференцијални равенки*** на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха” на 17 август 2023 година и во предвидениот рок се пријави д-р Александра Ристеска-Камчески, доцент.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Д-р Александра Ристеска-Камчески** е родена на 28.12.1985 година во Прилеп, каде што завршува основно и средно образование. Во 2004 година се запишува на Пловдивски универзитет „Паисиј Хилендарски“, Факултет по математика и информатика во Пловдив на насока **Математика**, а дипломира во 2008 година со висок просечен успех (9,52).

Во учебната 2008/2009 година се запишува на постдипломски студии на Пловдивски универзитет „Паисиј Хилендарски“, Факултет по математика и информатика во Пловдив, на насока **Применета математика**. Сите испити предвидени во програмата за постдипломски студии ги положува со просечен успех 9,75. Магистерскиот труд под наслов **„Варијации и некои примени на варијационо сметање“** го одбранува на 7 јули 2009 година и се стекнува со академски степен **магистер по применета математика**.

Кандидатката Александра Ристеска-Камчески во периодот од 2009 до 2010 година работи како демонстратор по предмети од областа на математика и применета математика на Технолошко-технички и Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип. Во март 2010 година е избрана за помлад асистент по применета математика и математичко моделирање на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип. Во рамките на нејзиниот ангажман како помлад асистент и асистент (од 2013 година) по применета математика и математичко моделирање на Факултетот за информатика учествува во подготовка и реализација на повеќе предмети од областа на математика и применета математика, како на Факултетот за информатика, така и на неколку други технички факултети во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

На Факултетот за информатика, Факултетот за природни и технички науки и на Технолошко-техничкиот факултет активно учествува во подготовка и реализација на предметите: Математика 1, Математика 2, Информатика, Механика, графика и дизајн, Основи на програмирање, Инженерска графика, Нумерички методи и др. Од 2015 година работи како асистент-докторанд по применета математика и математичко моделирање на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Во учебната 2011/2012 г. се запишува на докторски студии на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, на студиската програма **Компјутерска техника и информатика**. Предвидените испити на докторските студии ги положува со просечен успех 10,0, а паралелно на тоа активно истражува во областа и работи на подготовка на својата докторска дисертација. На 8.11.2018 година успешно ја брани својата докторска дисертација со наслов **„Влезна сеизмичка енергија во објект при интеракција тло-темел-објект"** и се стекнува со академскиот степен **доктор на науки** (технолошко-технички науки, компјутерска техника и информатика).

Д-р Александра Ристеска-Камчески активно се служи со англискиот јазик, а за познавање на истиот има приложено и соодветен сертификат.

Во 2019 г. е избрана за доцент за наставно-научните области применета математика и математичко моделирање и диференцијални равенки на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, каде што работи и денес. Во овој период одржува вежби и предавања по група предмети од нејзините области на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

1. Доцент со Одлука број 1502-52/12 од 161. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика од 19.2.2019 година;
2. Доктор на науки;
3. Прв циклус студии – 9.52;
   Втор циклус студии– 9.75;
4. Објавени најмалку пет рецензирани научноистражувачки трудови во соодветната област во референтна научна публикација во последните пет години:

| **Бр.** | **Автор** | **Наслов на трудот** | **Референтна научна публикација** | **Год. на излегување и линк** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Risteska, Aleksandra** and Kocaleva, Mirjana | Application of fundamental lemma of variational calculus to the problem of plateau | Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics, 6 (1). ISSN 2545-4083 | Публикација објавена во 2023 година; https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint%3A%3AView&eprintid=32016 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2. | **Risteska, Aleksandra** | Generalization of the application of a fundamental lemma of variational calculus to revolutionize transportation by using the solution of brachistochrone | Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics, VI (1). ISSN 2545-4083 | Публикација објавена во 2023 година; https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint%3A%3AView&eprintid=32017 |
| 3. | **Risteska, Aleksandra** | Analysis of the deformation distribution in the system depending on the yield deformation | BJAMI, 5 (2). ISSN 2545-4803 | Публикација објавена во 2022 година; https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint%3A%3AView&eprintid=31305 |
| 4. | **Risteska, Aleksandra** | Dependence of input energy from the rigidity of the foundation | BJAMI, 5 (2). ISSN 2545-4803 | Публикација објавена во 2022 година; https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint%3A%3AView&eprintid=31283 |
| 5. | **Risteska, Aleksandra** | Dependence of input energy from the level of ground nonlinearity | Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics (BJAMI), 5 (1). ISSN 2545-4803 | Публикација објавена во 2022 година; https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint%3A%3AView&eprintid=31283 |
| 6. | **Risteska, Aleksandra** | Dependence of energy entering a building from the incident angle, the level of nonlinearity in soil, and the foundation stiffness | Balkan Journal of applied mathematics and informatics, 5 (2). ISSN 2545-4803 | Публикација објавена во 2022 година; https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint%3A%3AView&eprintid=31282 |
| 7. | Kocaleva, Mirjana and Karamazova Gelova, Elena and Zlatanovska, Biljana and **Risteska Kamcheski, Aleksandra** | Учење со помош на мобилни уреди- придобивки и предизвици на новото време | INTERNATIONAL CONFERENCE ETIMA 2023, 27-29.09.2023, Stip, R.N.Macedonia | in press |
| 8. | Kocaleva, Mirjana and **Risteska Kamcheski, Aleksandra** and Zlatev, Zoran | With an electronic store closer to our customers | ITRO 2023, 24 Nov 2023, Zrenjanin, Republic of Serbia | in press |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Во периодот од 2019 година до 2023 како доцент д-р Александра Ристеска-Камчески активно учествува во реализација на наставата за прв, втор и трет циклус на Факултетот за информатика и Технолошко-технички факултет, како и прв циклус на Технолошко-технички факултет, Факултетот за природни и технички науки и Машинскиот факултет. Кандидатката е ангажирана за реализација на следниве предмети од прв циклус: Математика 1, Математика 2, Информатика, Нумеричка математика, Инженерско цртање, Компјутерско водење на процеси.

Д-р Александра Ристеска-Камчески има рецензирана скрипта по предмет за кој се избира од соодветната научна област.

- Скрипта „Одбрани делови од математика 1".

Д-р Александра Ристеска-Камчески се јавува и како ментор на дипломски работи и член на комисии за одбрана на дипломски трудови.

***Научноистражувачка дејност***

Д-р Александра Ристеска-Камчески е автор на следниве научни трудови објавени во меѓународни списанија и зборници од трудови на научен собир:

***Трудови со оригинални научни резултати објавени во меѓународни списанија:***

1. Risteska, Aleksandra and Kocaleva, Mirjana (2023) *Application of fundamental lemma of variational calculus to the problem of plateau.* Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics, 6 (1). ISSN 2545-4083 (https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint%3A%3AView&eprintid=32016)

Во овој труд ја докажавме теоремата за функционалот, притоа докажуваме дека неопходен услов за екстрем на функционалот е неговата варијација да биде еднаква на нула. Даден е пример за неговата примена, проблемот на Плато.

2. Risteska, Aleksandra (2023) *Generalization of the application of a fundamental lemma of variational calculus to revolutionize transportation by using the solution of brachistochrone.* Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics, VI (1). ISSN 2545-4083 (https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint%3A%3AView&eprintid=32017)

Во овој труд решението на Ојлеровата равенка го опишуваме со пример на негова примена, како што е проблемот на брахистохроната и неговата генерализација која има потенцијал целосно да го револуционизира транспортот.

3. Risteska, Aleksandra (2022) *Analysis of the deformation distribution in the system depending on the yield deformation.* BJAMI, 5 (2). ISSN 2545-4803 (https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint%3A%3AView&eprintid=31305)

Во овој труд ја анализиравме распределбата на деформациите во системот во зависност од деформацијата на напрегањето.

4. Risteska, Aleksandra (2022) *Dependence of input energy from the rigidity of the foundation.* BJAMI, 5 (1). ISSN 2545-4803 (https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint%3A%3AView&eprintid=31284

Во овој труд анализиравме дводимензионален модел на систем (конструкција) и истражувавме како физичко-механичките карактеристики влијаат на енергијата што ќе влезе во зградата. Го испитавме влијанието на аголот на дојдовниот бран врз енергијата која ќе влезе во зградата.

5. Risteska, Aleksandra (2022) *Dependence of input energy from the level of ground nonlinearity.* BJAMI, 5 (1). ISSN 2545-4803 (https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint%3A%3AView&eprintid=31283)

Во овој труд анализиравме дводимензионален модел на систем (конструкција) и истражувавме како физичко-механичките карактеристики влијаат на енергијата што ќе влезе во зградата. Го испитавме влијанието на густината и брзината на пропагирање на дојдовниот бран врз енергија која ќе влезе во зградата.

6. Risteska, Aleksandra (2022) *Dependence of energy entering a building from the incident angle, the level of nonlinearity in soil, and the foundation stiffness.* Balkan Journal of applied mathematics and informatics, 5 (2). ISSN 2545-4803 (https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint%3A%3AView&eprintid=31282)

Во овој труд е направено истражување и е утврдено како аголот на ширење на бранот влијае на количеството на енергија што навлегува во објектот при различна крутост на темелот, различна крутост на почвата и нивоата на нелинеарност на почвата.

7. Kocaleva, Mirjana and Karamazova Gelova, Elena and Zlatanovska, Biljana and Risteska Kamcheski, Aleksandra (2023) *Учење со помош на мобилни уреди-придобивки и предизвици на новото време.* In: INTERNATIONAL CONFERENCE ETIMA 2023, 27-29.09.2023, Stip, R.N.Macedonia. (in press)

Во овој труд се разгледани придобивките и перспективата на мобилните уреди во образованието, како и предизвиците за универзитетите, професорите и студентите во нејзиното спроведување.

8. Kocaleva, Mirjana and Risteska Kamcheski, Aleksandra and Zlatev, Zoran (2023) *With an electronic store closer to our customers.* In: ITRO 2023, 24 Nov 2023, Zrenjanin, Republic of Serbia (in press

Во овој труд е покажано како е-трговијата и е-продавницата може да се користат за да се започне онлајн бизнис без никакво искуство и зошто е-продавницата е одличен начин за градење онлајн бизнис.

Д-р Александра Ристеска-Камчески со соопштенија/постер презентација учествувала на следните научноистражувачки собири (конференции/работилници):

9. International Conference on Information Technology and Development of Education – ITRO 2023, Zrenjanin, Republic of Serbia.
10. INTERNATIONAL CONFERENCE ETIMA 2023, Stip, R.N.Macedonia

Кандидатката учествувала во работата на следниве научноистражувачки проекти:

11. Meassurement, Processing and Interpretation of ambient vibrations on several bridges in Belgrade, Serbia; Cooperative research University Goce Delcev-Stip and Faculty of Technical Sciences at University of Novi Sad (2022-2023).
12. The Role of Foundation Flexibility in the Earthquake Response of a Modern Tall Building (2023-2024).

Д-р Александра Ристеска-Камчески се јавува и како рецензент на:

13. Два труда презентирани на 9-th International Conference FMNS-2021.
14. Пет труда објавени во списанието Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics (2019, 2020, 2021).

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Во тек на изборниот период кандидатката ги има реализирано следниве стручно-апликативни и организациско-развојни активности:

За потребите на Технолошко-технички факултет кандидатката д-р Александра Ристеска-Камчески има издадено:

**Рецензирана скрипта**

Д-р Александра Ристеска-Камчески е автор на е-скрипта „Одбрани делови од Математика 1", наменета за студентите на прв циклус студии на Технолошко-технички факултет, како и за студентите од другите технички факултети.

15. Risteska, Aleksandra (2023) *Одбрани делови од Математика 1,* ISBN 978-608-244-991-3, https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32062

Д-р Александра Ристеска-Камчески учествува на стручен собир со соопштение на:

16. Ден на диференцијалните равенки со „*Дводимензионален модел за примена на парцијалните диференцијални равенки во брановото пропагирање и негова практична апликација*" на 5.5.2023 година, Факултет за информатика, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Македонија

Кандидатката има учествувано во изработка на елаборати за прв, втор и трет циклус:

17. Пресметковно инженерство како програма за II циклус на Катедрата на применета математика.
18. Применета математика како програма од I циклус на Катедрата на применета математика.

Д-р Александра Ристеска-Камчески се јавува како презентер на семинарот:

*19. Ден на диференцијалните равенки*, одржан на ден 5.5.2023 година на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.

***Членство во организации, работни тела и комисии***

Д-р Александра Ристеска-Камчески поседува извонредни организациски способности, како и способност за тимска и индивидуална работа. Кандидатката е член и на:

20. Пописната комисија на инвентарот на Наставниот центар во Прилеп.
21. Член на работна група за изработка на елаборати за акредитација на студиски програми на прв циклус на студии.

***Членство во научни мрежи, стручни платформи и бази на податоци:***

UGDScholar (http://scholar.ugd.edu.mk/AleksandraRisteska)
AcademiaEdu (https://ugd.academia.edu/AleksandraRisteska)
ResearchGate (https://www.researchgate.net/profile/Aleksandra_Risteska)
UGDAcademicRepository(http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Risteska=3AAleksandra=3A=3A.html)

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на прикажаната научна, наставно-образовна и стручно-апликативна работа може да се заклучи дека кандидатката д-р Александра Ристеска-Камчески е исклучително продуктивен истражувач во областа применета математика и математичко моделирање и диференцијалните равенки. Од нејзините научни трудови може да се утврди дека доволно добро ги владее областите и дека досегашната работа е доволна гаранција дека ќе се развие во исклучителен истражувач.

Имајќи го предвид сето што е наведено во овој извештај, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката д-р Александра Ристеска-Камчески публикува научни трудови со оригинални резултати во референтни меѓународни списанија, активно учествува со оригинални трудови на значајни меѓународни конференции и се јавува како учесник во научноистражувачки проекти од областите на интерес. Покрај научноистражувачката дејност, кандидатката успешно реализира настава на повеќе предмети од областа на математиката на факултетите при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип на прв, втор и трет циклус студии.

Согласно со Законот за високо образование на Република Северна Македонија и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, по деталното разгледување на комплетно доставената документација пропишана во Конкурсот, Рецензентската комисија, врз основа на изнесеното, има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип кандидатката д-р Александра Ристеска-Камчески да ја избере за наставник во звање вонреден професор за наставно-научните области применета математика и математичко моделирање и диференцијални равенки.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Д-р Владо Гичев, редовен професор,
Факултет за информатика, Универзитет „Гоце Делчев", претседател, с.р.
Д-р Билјана Златановска, вонреден професор,
Факултет за информатика, Универзитет „Гоце Делчев", член, с.р.
Д-р Васко Кокаланов, вонреден професор,
Факултет за информатика, Универзитет „Гоце Делчев", член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| **4.** | Избор во звање доцент | 1 | 30 | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |

| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (единствен автор – 2,3,4,5,6; прв автор – 1; втор автор - 8; останати автори до 5 автори – 7;) | 5*9=45<br>1*6=6<br>1*3=3 | | | | 54 |
| **2.** | Учество на научен собир со реферат (постер/ усно), концерт во земјава и во странство (усно во странство - 9; усно во земјава – 10,16) | 2 | 2*1,5=3 | 1 | 1*2=2 | 5 |
| **3.** | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) (во странство – 11, 12) | | | 2 | 2*3=6 | 6 |
| **4.** | Одбранета докторска теза | 1 | 1*8=8 | | | 8 |
| **5.** | Одбранета магистерска работа | 1 | 1*4=4 | | | 4 |
| **6.** | Рецензент на научен труд (во земјава -14 , во странство -13 ) | 5 | 5*1=5 | 2 | 2*2=4 | 9 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **86** |

| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Елаборати и експертизи (17, 18) | 2 | 2*2=4 | | | 4 |
| **2.** | Член на факултетска комисија (20,21) | 2 | 2*2=4 | | | 4 |
| **3.** | Книги/учебници, скрипти објавени во земјава и во странство (15) | 1 | 10 | | | 10 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **18** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **134** |

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ГЕРМАНИСТИКА (64005) И ИСТОРИЈА НА КНИЖЕВНОСТ НА ГЕРМАНСКИТЕ НАРОДИ (61212) НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

Со Одлука бр. 1902-159/4 од 11.8.2023 година донесена на 272. седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на 11.8.2023 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област германистика (64005) и историја на книжевност на германските народи (61212) на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Комисијата работеше во следниов состав:

- проф. д-р Зорица Николовска, претседател (редовен професор, Филолошки факултет, УКИМ, Скопје, наставно-научни области германистика, историја на книжевноста на германските народи, преведување и толкување);

- доц. д-р Маријана Ѓорѓиева, член (Филолошки факултет, УКИМ, Скопје, наставно-научна област историја на книжевноста на германските народи);

- проф. д-р Билјана Ивановска, член (редовен професор, Филолошки факултет, УГД, Штип, наставно-научни области германистика, граматика, семантика, семиотика, синтакса).

На распишаниот Конкурс во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ од 8-9.7.2023 година за овој избор во предвидениот рок се пријави еден кандидат: д-р Милица Денковска.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката д-р Милица Денковска е родена на 28.8.1976 година. Високо образование завршува во Скопје во 1999 година на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје, на Катедрата за германски јазик и книжевност, при што се стекнува со звање *дипломиран професор по германски јазик и книжевност*. Своето образование го продолжува на Универзитет „Св. Климент Охридски“, Факултет за класични и нови филологии, Софија, Република Бугарија. Студиите ги завршува во 2007 година и се стекнува со научен степен *магистер по германска филологија, книжевност-култура-медиуми*. Во мај 2023 година, кандидатката ги завршува докторските студии на Филолошки факултет „Блаже Конески“ во Скопје, студиска програма: Наука за книжевност - германска книжевност и се стекнува со научен назив *доктор по хуманистички науки, наука за книжевност-германска книжевност*.

Кандидатката има богато работно искуство во областа на германскиот јазик и книжевност како предавач и преведувач: како наставник по германски јазик започнува да работи веднаш по дипломирањето (во ОУ „Кочо Рацин“ -

Скопје и во училиштата за странски јазици „Логос Оксфорд“ и „Арс Студио“), а активна е и како преведувач (за Преведувачката агенција „Алкемист“ - Љубљана и како овластен судски преведувач при Основниот суд Скопје 1 во Скопје). Редовно е вработена како лектор по германски јазик на МИТ Универзитетот од 2008 година (со предавања и вежби по Германски јазик на повеќе универзитетски единици, со фонд на часови 2+2 во сите години во парните семестри), а работи и како стручњак од практиката на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Филолошки факултет, Катедра за германски јазик и книжевност од 2017 година (ангажирана е со 6 часа неделно вежби по предметите Германскојазична книжевност 1-4, Култура и цивилизација на германскојазичното подрачје, Интеркултурни релации Германија – Македонија и Специјален курс Томас Ман и Хајнрих Ман, како и лекторски вежби по предметот Современ германски јазик), а на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Катедра за преведување и толкување е од 2016 година (ангажирана е со 4 часа неделно вежби по предметите Преведување од германски на македонски јазик 3 и 4).

Кандидатката пројавила значителна активност и на планот на научната, стручната и применувачката дејност. Истата се манифестира преку учество на 13 меѓународни научно-стручни конференции, во научната област партиципира со одбранета магистерска теза и докторска дисертација, а покажува значаен интерес во научноистражувачката дејност, при што има објавено 18 научни трудови, од кои 16 како самостоен автор (следуваат листи на објавени трудови, учества на меѓународни конференции и стручно-применувачки активности).

1. **Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање насловен доцент**

1.1. **Има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно**

Додипломските студии кандидатката ги завршува со просек 8,81, додека магистерските студии со просечна оценка 9,21 и одбранет магистерски труд со оценка 10. Д-р Денковска кон дипломата и уверението за завршен втор циклус студии достави Решение за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство, како и Решение за еквиваленција на странска високообразовна квалификација издадено од Министерството за образование и наука на РСМ.

1.2. **Има научен степен доктор на науки од научната област за која се избира**

Кандидатката завршува трет циклус студии на Филолошки факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на студиската програма Наука за книжевност - германска книжевност со просек 9,83. На 23.5.2023 година со одбрана на докторската дисертација под наслов „Претставата за Македонија во германскојазичните патописи“ се стекнува со научен назив *доктор по хуманистички науки, наука за книжевност-германска книжевност.*

1.3. **Има објавени најмалку четири научни трудови во референтна научна публикација во последните пет години**

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Denkovska, M. | "Otherness" depicted in travelogues: Macedonia in German-language travelogues | *SCIENCE International journal*, 2(2), 35-38. doi: 10.35120/sciencej020235d. UDK: 821.112.2-992:910.4(497.7). 35-38 (2023) | 2 (од 2022) |
| 2. | Denkovska, M. & Dimitrijovska-Jankulovska, A. | The medium travel guide: some aspects of its strategies and goals | *SCIENCE International Journal*, 2(1). doi: 10.35120/sciencej020141d. UDK: 338.483:087.6(497.7). 41-45 (2023) | 2 (од 2022) |
| 3. | Денковска, М. | Македонската сфинга на Херман Вендел | *KNOWLEDGE International Journal* V-46.6, Skopje, ISSN: 2545-4439 (printed), ISSN: 1857-923X (e-version). 997-1004 (2021) | 15 (од 2009) |
| 4. | Денковска, М. | Патувањето како истражувачки концепт во книжевните студии | *ФИЛКО 3: Филологија, култура и образование,* Зборник на трудови, ISBN 978-608-244-593-9. 139-148 (2018) | 8 (од 2016) |
| 5. | Денковска, М. | Лудвиг Лесен: вдолж и попреку | Центар за меѓународни и развојни студии – Скопје: *Нови балкански предизвици, Современи научни текстови*, година 1, број 1, ISSN 2545-4862. 28-33 (2018) | 6 (од 2018) |

1.4. **Има способност за изведување на високообразовна дејност**

Д-р Милица Денковска е ангажирана на високообразовни институции во последните 15 години: редовно е вработена како виш лектор по германски јазик на МИТ Универзитет – Скопје од 2008 година, работи и како стручњак од практиката на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, Филолошки факултет, Катедра за германски јазик и книжевност од 2017 година, а на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, Филолошки факултет „Блаже Конески", Катедра за преведување и толкување е од 2016 година како надворешен соработник и демонстратор.

2. **Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

2.1. **Наставно-образовна дејност**

Кандидатката д-р Милица Денковска е ангажирана за следните предмети:

2.1.1. МИТ Универзитет – Скопје (од 2008 година како виш лектор по германски јазик со фонд на часови 2+2 во сите години во парните семестри):

- Германски јазик 1-4.

2.1.2. Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Филолошки факултет, Катедра за германски јазик и книжевност (од 2017 година како стручњак од практиката со 6 часа неделно):

- Германскојазична книжевност 1-4,
- Култура и цивилизација на германскојазичното подрачје,
- Интеркултурни релации Германија – Македонија,

- Специјален курс Томас Ман и Хајнрих Ман и
- Современ германски јазик.

2.1.3. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Катедра за преведување и толкување (од 2016 година како надворешен соработник и демонстратор со 4 часа неделно):

- Преведување од германски на македонски јазик 3 и
- Преведување од германски на македонски јазик 4.

2.2. **Научноистражувачка дејност**

Д-р Милица Денковска е активен истражувач и е автор на повеќе трудови објавени во домашни и во меѓународни списанија во областа на германскојазичната книжевност. Исто така, учествува и на повеќе конференции во земјава и во странство. Во продолжение ги наведуваме објавените трудови и учества на меѓународни и домашни научни конференции.

2.2.1. **Објавени научно-стручни трудови:**

1. Denkovska, M. (2023). “Otherness” depicted in travelogues: Macedonia in German-language travelogues, SCIENCE International journal, 2(2), 35-38. doi: 10.35120/sciencej020235dUDK: 821.112.2-992:910.4(497.7). 35-38

Евалуација на трудот: Во германскојазичните патописи, поимот Македонија најчесто се користи речиси исклучиво како географска одредница. Причините за тоа лежат во перцепцијата на авторот, која во основа е оптоварена со сопствената мисија, културната заднина и веќе (суптилно) наметнатите стереотипи изградени врз основа на претходни сознанија (информации кои исто така се обликуваат според овие фактори). Мисиите се различни: економски, политички, природно-научни, религиозни, социолошко-етнолошки, во некои случаи и книжевно-научни. Затоа е тешко да се идентификува овој книжевен жанр во една од воспоставените книжевни рамки. Она што со апсолутна сигурност може да се потврди за овој жанр е неговиот мултидисциплинарен пристап и во овој труд се истражува од оваа перспектива. Се разгледуваат факторите кои влијаат на перцепцијата на патописецот при неговото создавање, со цел да се прикаже застапеноста на Македонија во германскојазичните патописи, при што фокусот е централно на патописецот и сите фактори кои влијаат врз неговото творештво додека ја претставува Македонија во своите дела.

2. Denkovska, M. & Dimitrijovska-Jankulovska, A. (2023). The medium travel guide: some aspects of its strategies and goals. SCIENCE International Journal, 2(1). doi: 10.35120/sciencej020141d. UDK: 338.483:087.6(497.7). 41-45

Евалуација на трудот: Проблематично е туристичкиот водич да се означи како книжевен жанр, бидејќи тој останал во голема мера неистражен во книжевните студии до денес и затоа недостигаат јасни дефиниции и разграничувања. Не постои обемна секундарна литература за туристичките водичи, и покрај нивната популарност меѓу читателите и нивниот статус како еден од најпродаваните жанрови во книжарниците. Медиумот бил потемелно истражуван во дисциплините географија, туризам и фолклор, иако различните аспекти и појдовни точки биле продлабочени во зависност од дисциплината и така не можело да се развие компактно поле на веродостојни знаења и теории. Во овој труд се прави обид за типолошка квалификација на туристичкиот водич во рамките на книжевниот канон: се анализира сродноста на туристичкиот водич со патописот, развојниот

тек на модерниот туристички водич, како и неговата хибридна природа, а акцентот се става на неговата функција и врз основа на досегашното истражување се врши анализа на туристичкиот водич „Северна Македонија“ од Филин фон Опелн.

3. Dimitrijovska-Jankulovska, A. & Denkovska, M. (2023). Postcolonial “otherness”, SCIENCE International journal, 2(1), 47-50. doi: 10.35120/sciencej020147dUDK: 316.734:325(4:5-11). 47-50

Евалуација на трудот: Во овој труд, категоријата „Другост“ се однесува на оние кои заземаат подредена позиција во општеството, кои се претставени како инфериорни во однос на знаењето и способностите, што имплицира дека им треба лидерство на оние кои по дефиниција се поспособни, пообразовани, понапредни, поцивилизирани, помилосрдни итн. На тој начин се воспоставува хиерархија на репрезентации, со што се оправдуваат постоечките односи на моќ во општеството, како и нееднаквиот третман на оние кои се претставени како инфериорни. Концептот на „Другоста“ во рамките на постколонијалната критика се користи за да се опише остатокот од светот, т.е. сето она што не спаѓа во опсегот на Европејците, како една хомогена маса која се карактеризира со грди карактеристики. Сепак, споделувајќи го истиот простор, Ориентот и Западот влијаеле еден на друг, што резултирало со трансфер на елементи од една култура во друга. Плод на ова е појавата на меѓупростор и хибриден идентитет, кој се карактеризира како симултана наклонетост кон два или повеќе различни и спротивставени идентитетски обрасци, но не припаѓа целосно на ниту еден од нив.

4. Денковска, М. (2021). Македонската сфинга на Херман Вендел, KNOWLEDGE International Journal V-46.6, Skopje, ISSN: 2545-4439 (printed), ISSN: 1857-923X (e-version). 997-1004

Евалуација на трудот: Во фокусот на овој труд се истражувањата и соодветните публикации на Херман Вендел кои се однесуваат на Балканот, при што акцентот се става на специфичниот пристап на авторот кон историјата, книжевноста и политички прашања во врска со јужнословенските народи. Она што Херман Вендел во своите истражувања за Балканот ќе го постигне е феноменот кој Георг Зимел ќе го дефинира како „една посебна формација од далечина и близина, рамнодушност и ангажираност“. Вендел го отфрла ригидното стереотипизирање на социјалната и културолошка спротивставеност (што ја препрочитаат неговите современици) и се задлабочува во корените на историските состојби, конфликти и дадености кои навлегуваат во корените на состојбите и развојот на балканските народи и ги засегаат македонските нерешени прашања до ден-денешен.

5. Денковска, М. (2018). Патувањето како истражувачки концепт во книжевните студии, ФИЛКО 3: Филологија, култура и образование, Зборник на трудови, ISBN 978-608-244-593-9. 139-148

Евалуација на трудот: Целта на овој труд е да се истражи (недостатокот на) една развиена заедничка основа за единствена типологија на патописната книжевност како жанр. Притоа се анализира несигурноста на концептот од една, како и неговиот плуралитет од друга страна, преку примери за сликата на Македонија во германскојазичните патописи.

6. Денковска, М. (2018). Лудвиг Лесен: вдолж и попреку, Центар за меѓународни и развојни студии – Скопје: Нови балкански предизвици, Современи научни текстови, година 1, број 1, ISSN 2545-4862. 28-33

Евалуација на трудот: Овој труд претставува преглед на творештвото на писателот и новинар Лудвиг Лесен, значаен поради неговата социјалдемократски ориентирана новинарска активност. Особен акцент се става на неговиот патопис „Вдолж и попреку низ Балканот“ од 1914 година, во кој авторот го опишува своето патување низ Хрватска, Босна, Албанија, Србија, Македонија и Грција.

7. Денковска, М. (2017). Македонија во германскојазичните патописи од деветнаесеттиот век: патописот на Јохан Георг фон Хан, KNOWLEDGE International Journal - Scientific and applicative papers V-19.3, Skopje, ISSN: 2545-4439 (printed), ISSN: 1857-923X (e-version). 1107-1112

Евалуација на трудот: Германскојазичните патописи од деветнаесеттиот век, во духот на емпиристичкиот пристап на документирање, за Македонија се значајни од една страна поради богатите демографски и етнографски податоци, а од друга страна пак поради добивањето јасна слика како Македонија била доживеана и восприемана од аспект на книжевно-политичкиот дискурс на западноевропскиот читател. Овој труд го обработува патописот на Јохан Георг фон Хан како релевантен пример за претставата за Македонија во германскојазичната патописна книжевност од деветнаесеттиот век.

8. Денковска, М. (2017). Факторите кои влијаат врз перцепцијата на туѓоста во патописната книжевност, Општествените промени во глобалниот свет: зборник на трудови / Четврта меѓународна научна конференција, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, ISBN: 978-608-244-423-9. 1148-1156

Евалуација на трудот: Во овој труд се анализираат процесите кои носат консеквенции за формите, во кои патописот го опишува туѓото. Одредени се преку социјалниот статус на патописците и нивната инволвираност во менталитетот на општествените групи; суштински зависат и од техничкиот и организацискиот стандард на превозните средства; и конечно се под влијание и на личните диспозиции на патописецот, кои се кристализираат во неговото образование, предзнаења, интереси како и неговите општи перцептивни способности.

9. Денковска, М. (2017). Македонија во германскојазичните патописи до средината на деветнаесеттиот век, International Journal of Recent Research in Arts and Sciences, Volume 8, MIT University Skopje, June 2017, ISSN: 1857-8128. 492-502

Евалуација на трудот: Предмет на анализа во овој труд се неколку патописци од германското говорно подрачје кои оставиле значајни записи од нивните патувања по балканскиот полуостров помеѓу четиринаесеттиот и деветнаесеттиот век, како што се Јохан Шилтбергер, Рихард Франц Кројтел (како издавач), Јохан Хајнрих Мајр, Хелмут фон Молтке и Јакоб Филип Фалмерајер.

10. Денковска, М. (2016). Книжевно инсценирање на туѓоста: патописот и културниот идентитет, Култура: меѓународно списание за културолошки истражувања бр. 14/2016, Скопје, ISSN: 1857-7717. 192-198

Евалуација на трудот: Традираната просторна претстава како значенска содржина на туѓото во книжевноста ја наоѓа својата концентрација во две основни, просторно моделирани соодносни форми. Во првата, туѓоста е конципирана како непозната надворешност, која му е контрастирачки спротивставена на сопствениот искуствен хоризонт. Во втората туѓото го означува продорот на непознатото во внатрешниот простор, дефиниран како сопствен. Како што туѓото и сопственото се моменти на една соодносна дефиниција, така и непознатото однадвор и продорот на непознатото структурално се надоврзуваат еден на

друг; бидејќи што ќе биде восприемано како туѓо, е одредено според тоа, дали набљудувачот е позициониран „дома“ или „во туѓина“. Книжевното инсценирање на туѓоста неопходно го вклучува ова позиционирање во јазично-културолошката концепција и перспективирање на случувањето. И кога традираните претстави за своето и туѓото парцијално се напуштаат и се подложени на критика, книжевното инсценирање (и неговата анализа) сепак се базира врз традицијата и историјата на сопствените културолошки (во најголема мера евроцентрични) одредби и перспективирања на соодносот. Во овој труд се анализира значењето на патувањето рефлектирано во книжевната наука преку патописот, укажувајќи на фактот дека при инсценирањето на туѓото и сопственото, во книжевната наука, за естетизирањето на средбата со сопственото и туѓото суштински стануваат структурата и топосот на патувањето.

11. Денковска, М. (2015). Претставата за Македонија под влијание на бурните промени на Балканот отсликана низ западноевропската призма: Македонија во германскојазичните патописи од 19 век до денес, Материјали од меѓународната научна конференција по повод 65 години од основањето на Институтот за национална историја Балканот: луѓе, војни и мир, Институт за национална историја, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ISBN 978-9989-159-68-8. 201-211

Евалуација на трудот: Во изминатите векови се издадени бројни германскојазични патописи во кои се опишани патувања низ источноевропскиот, односно балканскиот регион. Притоа сликата за Балканот и Македонија прикажана преку овој книжевен жанр се менувала под влијание на општата слика за источноевропските земји која ја создале западноевропските држави во осумнаесеттиот век, како и поради историски, политички, географски промени итн. Во овој труд се разгледува приказот на Македонија во патописи од германското јазично подрачје (како што се патописите на Хајнрих Барт од деветнаесеттиот век, на Хуго Гроте и Херман Вендел од дваесеттиот век, како и современите патописи на Петер Хандке) и се врши анализа на претставата за Балканот и Македонија под влијание на бурните промени на Балканот отсликана низ западноевропската призма.

12. Денковска, М. (2015). Патописецот помеѓу западната и источноевропската култура: емоционалниот дискурс во современиот патопис на Петер Хандке, Општествените промени во глобалниот свет: зборник на трудови / Втора меѓународна научна конференција, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, ISBN: 978-608-244-267-9. 943-953

Евалуација на трудот: Предметот на истражување во овој труд е застапеноста на емоциите во патописот, кој како жанр тесно се доближува до реалниот свет. Степенот на влијанието на емоциите во овој книжевен жанр варира во однос на епохата, причините за создавањето на делото, како и од мотивите и стилот на авторот. Во современиот патопис на Петер Хандке, емоционалниот дискурс игра фундаментална улога; во овој труд се прави обид да се прикажат сите емоционални аспекти на неговото творештво мотивирано од распадот на Југославија и војните на Балканот: длабоката емоционална подлога како причина за создавање на неговите современи книжевни дела, емпатичките релации кои произлегуваат од нив, како и предизвиканата емоционална реакција на светската јавност и, последователно, на авторот.

13. Денковска, М. (2014). Низ очите на патописецот: Македонија во делата на Херман Вендел, Knowledge International Journal - Scientific and applicative papers V-7, ISSN-7449 (Online), Skopje. 546-549

Евалуација на трудот: Што е туѓинецот, на кој начин се разликува од веќе познатото и како настанува културолошката размена помеѓу различните социјални конструкти. Општествената туѓост, преку пример за восприемање на *балканските работи*, според Херман Вендел најчесто е втисната во готов шаблон, обременет со стереотипи кои резултирале од релевантните системи на примарната средина. Целта на делата на Вендел е „од суштината на нештата да се развие сопствена мелодија, сопствена филозофија". Овој труд ја разгледува неговата уникатна перспектива при претставувањето на Македонија во својот патопис.

14. Денковска, М. (2014). Објективноста при осознавањето на туѓата култура: восприемање на туѓото низ призмата на своето, Journal of Process Management – New Technologies – international, ISSN: 2334-7440 (Online), Special edition, May 2014. 755-759

Евалуација на трудот: Човекот отсекогаш правел разлика помеѓу познатото и туѓото, а следствено на тоа и помеѓу припадноста и неприпадноста. Тој, значи, согласно неговите ставови и интереси се организира во групи. Но, како резултат на фактот, дека човекот како индивидуа своето сопствено опкружување го доживува на свој сопствен начин, кај него ќе се јават тешкотии при размената на мислења и идеи со луѓе од групи со поинаков, *туѓ* начин на размислување и делување. Во овој труд се доаѓа до заклучокот дека овие пречки до одреден степен се надминуваат преку *мобилноста* на набљудувачот, кој ги напушта авторитетите на сопствената култура и, повеќе или помалку, објективно пристапува кон перцепцијата на туѓата. Предуслов за разбирање на туѓото општество се како близината, така и дистанцата. Доколку недостасува едниот или другиот аспект, или пак тежината преовладува на едниот или другиот, заклучоците се или премногу општи или премногу субјективни. Централното прашање кое се поставува во овој труд е, во која мера набљудувачот може слободно и објективно да пристапи кон восприемањето на *другиот*.

15. Denkovska, M. (2012). The Concept of Home in Voluntary Exile Represented through the Latest Work of the Homeless Author Bora Ćosić, Зборник на Институтот за македонска литература Книжевни дислокации, ISBN: 978-9989-886-93-5, Скопје. 151-158

Евалуација на трудот: Во услови кога заминувањето од татковината е неизбежно и враќањето тешко да претставува императив, терминот „дом" станува сложен концепт, особено за еден писател во егзил. Неговиот избор е секогаш проследен со силни критики од луѓето во милјето што го напушта, а исто толку е тешко да се добие признание од луѓето во земјата на имиграција. Во овој труд, авторката се обидува да го анализира влијанието на старото и новото опкружување на прогонетиот автор врз неговата перцепција за концептот „дом" изразен во неговото творештво, користејќи различни теории околу дискурсот „татковина" преку примери од творештвото во егзил на српскиот „бездомен" автор Бора Ќосиќ. Понатаму, се прави обид да се докаже суштинската важност на книжевното признание кое му е потребно на секој автор, за да може да претставува значаен глас во општеството, но и личното признание кое секому му е неопходно за да се чувствува како член на заедницата.

16. Денковска, М. (2011). Поимот татковина како суштински елемент за модерната емигрантска книжевност, Зборник на трудови на МИТ Универзитетот бр. 2, ISBN: 978-608-4589-04-4, Скопје. 173-182

26. Никодиновска Крстевска, Ана, Кошевалиска, Олга и **Максимова, Елена** (2023) *EU-North Macedonia cooperation in prevention of illegal migration and fight against smuggling of migrants: going by the book or backsliding on human rights.* In: International Scientific Conference “Law between the ideal and the reality” thematic conference “University of Priština in Kosovska Mitrovica Faculty of Law, Institute for Comparative Law - Belgrade, 19-20 May 2023, Kosovska Mitrovica.

27. Кошевалиска, Олга, Никодиновска Крстевска, Ана, и **Максимова, Елена** (2023) *Judgement AA and others against North Macedonia: From the obvious to the unexpected.* In: International Scientific Conference Law and social values Niš, 21 April 2023, Faculty of Law, University in Nis, Serbia.

28. Никодиновска Крстевска, Ана, Кошевалиска, Олга и **Максимова, Елена** (2021) *EU solidarity and cooperation in migration and asylum with North Macedonia.* In: Outsourcing and cooperation with third countries - deconstructing the formal and the informal in migration and asylum policies, 23-24.09.2021, University of Goce Delcev, Stip, North Macedonia.

29. Кошевалиска, Олга и **Максимова, Елена** (2021) *Women as offenders of the crime of murder - from a historical overview to a current days in N.Macedonia.* In: International scientific conference “Responsibility in the legal and social context”, 23 April 2021, Nis, Serbia.

30. Кошевалиска, Олга и **Максимова, Елена** (2020) *North Macedonia's policy responses to migration and asylum in the era of COVID-19.* In: M.A.P.S Conference hosted by Queen Mary University of London 11 December 2020 Conflicting Responses to Refugees and Migrants in Covid-19 Europe – Vulnerability, Hostility and the Prospects of the New Pact on Migration and Asylum, 11 Dec 2020, Queen Mary, School of Law, London United Kindom.

31. Никодиновска Крстевска, Ана, Кошевалиска, Олга и **Максимова, Елена** (2020) *Outsorcing and cooperation with third countries: Some observations from North Macedonia.* In: Webinar on Outsorcing and cooperation with third countries, 08.07.2020, Athens.

32. Кошевалиска, Олга и **Максимова, Елена** (2020) *International crimes related to the foreigner's illegal status in Republic of Macedonia, in post migrant crises period.* In: International scientific conference "Responsibility in the legal and social context", 18 Sept 2020, Nis, Serbia. (Unpublished).

33. Кошевалиска, Олга и **Максимова, Елена** (2019) *The profile of female offenders sentenced to imprisonment in the Republic of Macedonia.* In: International Scientific Conference, Apr 2019, Nis, Serbia.

**Пленарно предавање на научен собир:**

34. Никодиновска Крстевска, Ана, Кошевалиска, Олга и **Максимова, Елена** (2022) *Prevention of illegal migration and fight against smuggling of migrants: questioning policies and practices in North Macedonia.* In: Migration and Border Management: Challanges and Perspectives for Reform, 25 March 2022, University of Malta, Malta.

**Секциско предавање на научен собир:**

35. Никодиновска Крстевска, Ана, Кошевалиска, Олга и **Максимова, Елена** (2020) *Outsorcing and cooperation with third countries: Some observations from North Macedonia on irregular migration.* In: Outsourcing and cooperation with third counries, Jean Monnet Network Project on migration and asylum policy systems -MAPS

36. **Максимова, Елена** (2022) *Recognizing potential victims of human trafficking among migrants in the Republic of North Macedonia.* In: conference at the University of Salerno, Italy, within the third edition of the Jean Monnet module on cooperation between the European Union and the Western Balkans in the field of justice and home affairs (EUWEB), 31 March-1 April 2022, Salerno University, Italy.

37. **Максимова, Елена** (2021) *Republic of North Macedonia and the protection of human rights guaranteed by the European Convention on Human Rights during the migrant crisis.* In: Workshop : European judges and migration, 26 March 2021, Lyon.

38. **Максимова, Елена** (2021) *Human Trafficking: Online Recruitment - A Serious Risk to Migrants' Cyber Security in Republic North Macedonia - lecture.* In: Fight Against Transnational Organized Crime, Protection of Vulnerable People and (Cyber) Control of Illegal Migratory Flows, 23 April 2021, University of Salerno, Italy. (Unpublished)

**Одржано предавање по покана од научна институција:**

39. **Максимова, Елена** (2022) Спречување на насилството над жените и девојките во насока на остварување на родовата еднаквост, (предавање на англиски јазик), Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, во рамки на семинарот за Концептот на одржлив развој во правото и во политиките: застапеност, предизвици и перспективи, држи предавање на тема

40. **Максимова, Елена** (2022) Сурогатство – правна уреденост и етички аспекти, во рамки на семинарот ЕУ е -Здравствено право ИКТ и биоетика, https://euehl.ugd.edu.mk/index.php/en/about-us/experts-and-lecturers/89-elena-maksimova

41. **Максимова, Елена** (2021) *Нелегалната трговија со канабис и синтетички дроги како организиран криминал – со посебен осврт кон штетните последици по децата.* In: „Подигање на свеста од потребата за градење на капацитети на релевантните актери на заедницата за спречување на пролиферација на марихуана и синтетички дроги помеѓу младите".

42. **Максимова, Елена** (2021) *Злоупотреба на наркотици, психотропни супстанци и прекурсори од страна на деца.* In: „Подигање на свеста од потребата за градење на капацитети на релевантните актери на заедницата за спречување на пролиферација на марихуана и синтетички дроги помеѓу младите".

**Учесник во научен проект:**

43. Никодиновска Крстевска, Ана, Тушевска – Гавриловиќ Борка, Кошевалиска Олга, **Максимова, Елена,** Тодорова, Билјана, Ѓутова, Милица, Галева, Јорданка, Донева, Наташа, Здравева, Ана, Панев, Кристијан, Трајковска, Елена, (2021) *Концептот на одржлив развој низ призмата на правото и политиките/ The concept of sustainable development through the prism of law and policies.* [Project]

44. Ананиев, Јован, Кошевалиска, Олга, Тушевска Гавриловиќ, Борка, Никодиновска Крстевска, Ана, **Максимова, Елена**, Галева, Јорданка, Денкова, Јадранка (2020) *Истражувачка група „Европско право, политики и институции".* [Project]

45. Russo, Teresa and Nikodinovska Krstevska, Ana and Kosevaliska, Olga and **Maksimova, Elena** (2018) *EU-Western Balkans Cooperation on Justice and Home Affairs.* [Project]

46. Nikodinovska Krstevska, Ana and Tusevska, Borka and Kosevaliska, Olga and Ananiev, Jovan and Sutova, Milica and **Maksimova, Elena** and Jakimovska, Svetlana (2018) *Jean Monnet Network "MAPS – Migration and Asylum Policy Systems. Weaknesses, Shortcomings and Reform Proposals".* [Project]

**Уредник на научно списание**:

47. Student's Social Science Journal, издавач Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, https://js.ugd.edu.mk/index.php/sssj/index2

48. Stanojoska Angelina, Dimovski Darko and Maksimova Elena (2023) The Handbook on Female Criminality in the Former Yugoslav Countries, Springer Cham, pp. 133-163. ISBN 978-3-031-27628-6.

**Уредник на зборник на трудови:**

49. Nikodinovska Krstevska, Ana and Kosevaliska, Olga and **Maksimova, Elena**, eds. (2022) *Есеи за миграција и азил / Essays on migration and asylum.* Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, 2 -ри Август - Штип, Штип. ISBN 978-608-244-942-5, https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30992

**Член на организациски или научен одбор на научен собир:**

50. **Максимова, Елена**, од март 2023 година е член на Уредувачки одбор на Меѓународната научна конференција „Допуштеноста на доказите во европската правна област", Криминалистичко-полициски универзитет, Белград, Србија.

3. **Кратка научна евалуација на научните трудови – посебно за последните пет години (од последниот избор)**

**Максимова, Елена** и Станојоска, Ангелина (2023) *The Impact of the EU Principle of Solidarity and the Rule of Law on Criminal Aspects of the Migrant Crisis in the Republic of North Macedonia.* In: Solidarity and Rule of Law The New Dimension of EU Security. Springer, pp. 113-127. - Миграциската криза покрена голем број прашања низ Европа кои значително го загрозуваат владеењето на правото. Овие проблеми не ги засегаат само земјите членки на ЕУ, туку и третите, главно транзитни земји. Авторите ја анализираат нерегуларната миграција и шверцувањето мигранти кои се зголемија во 2020 година. Конкретно, Република Северна Македонија се соочи со многу предизвици во управувањето со миграцискиот товар, особено од финансиска и оперативна гледна точка. Преку трудот авторите ја анализира соработката помеѓу ЕУ и Република Северна Македонија во случаи на трговија со луѓе и шверцување мигранти, и поопшто, криминализацијата на солидарноста во ЕУ, токсичните наративи и говорот на омраза против мигрантите, новите мерки за азил трагачи и мигранти и влијанието врз трети земји.

**Максимова, Елена и** Кошевалиска Олга (2023) *Battered woman syndrome in female perpetrators in Republic of North Macedonia.* In: Battered woman syndrome in female perpetrators in Republic of North Macedonia. Springer Cham, pp. 133-163. ISBN 978-3-031-27628-6 - Ова поглавје има за цел да ја подигне свеста за проблемот што постои во оваа земја, но сè уште не е доволно препознатлив во пракса – синдромот на скршена/повредувана жена. Единствениот случај кој влева надеж за можно подобрување е издвоен и анализиран како добра практика. Сепак, авторите нагласуваат дека сегашното правно уредување сè уште не е доволно добро дефинирано за да се почитува позицијата на таква жена. Во меѓувреме, мажите сè уште имаат силно влијание во семејството и се во улога на извршители во повеќето злосторства извршени врз жените. Тие сметаат дека ефикасното освестување на знаењето и борбата против ова влијание, т.е. претходна виктимизација и развивање на синдромот на скршена жена, истовремено би значело и би било суштинско за спречување на добар дел од криминалот извршен од жената.

Кошевалиска Олга, Никодиновска Крстевска Ана и **Максимова, Елена** (2023) *Antimigration rhetoric and xhenophobia towards migrants in North Macedonia.* In: Migration and Asylum Policies Systems' National and Supranational Regimes. Editoriale Scientifica, Napoli, pp. 109-128. ISBN 979-12-5976-529-1

Овој труд ја истражува дефиницијата за ксенофобија во контекст на миграција на азил на Балканот со посебен акцент на Северна Македонија и ја испитува нејзината феноменологија преку анализа на злоупотребата на мигрантската криза во Северна Македонија и создавањето на таканаречената антимиграциска реторика, ксенофобични испади на поединци, групи и дури и формални движења. Понатаму, авторите даваат краток преглед на казнено-правната рамка и казнената политика на државата за такво недозволиво однесување, имајќи ги предвид иницијативите спроведени за борба или спречување на ксенофобијата во земјата.

**Максимова, Елена** (2022) *Republic of North Macedonia and the protection of human rights guaranteed by the European Convention on Human Rights during the migrant crisis.* In: Republic of North Macedonia and the protection of human rights

guaranteed by the European Convention on Human Rights during the migrant crisis. Anthemis, Éditeur Juridique Belge De Reference, Lyon, France, pp. 229-255. ISBN 978-2-8072-1006-6 – Авторот на трудот има за цел да придонесе кон анализа на повредите на човековите права и слободи гарантирани со Европската конвенција за човекови права, но и со други меѓународни инструменти, кои се случиле во Северна Македонија во периодот од почетокот на миграциската криза до денес, без разлика дали предметите дошле или не пред Европскиот суд за човекови права. Понатаму, доколку наводните прекршоци не се поднесени пред Судот, се утврдува кои причини стојат зад таквите постапки.

Кошевалиска Олга, Никодиновска Крстевска Ана и **Максимова, Елена** (2022) *'Structured' solidarity of the European Union towards illegal migration challanges in North Macedonia.* In: Outsourcing and cooperation with third countries: Deconstruting the formal and the informal in migration and asylum policies. Editoriale Scientifica, Napoli, pp. 61-76. ISBN 979-12-5976-374-7

Во трудот се дискутира за структурираната солидарност на ЕУ кон предизвиците со илегалната миграција во Северна Македонија. Дава увид за миграциската криза во 2015 година и за начинот на работа што се практикуваше во Северна Македонија, со вклучување на ЕУ и земјите членки на ЕУ со цел да се менаџираат кризата и да се борат против илегалната миграција и шверцувањето мигранти.

**Максимова, Елена** (2021) In: Миграција и азил: национална, меѓународна и европска рамка / Migration and asylum: national, international and European framework. Универзитет „Гоце Делчев", Правен факултет, pp. 21-38.

Со цел авторот да апелира од опасноста од повторување на силната виолација на човековите права на мигрантите на влезот во Европа (а имајќи предвид повторување на други пракси кои упатуваат кон тоа, презентирани подолу), врши анализа на праксата на Судот со акцент на една пресуда стожерна за материјава. Заедно со анализата на ситуацијата дадена претходно, смета дека може да посочи на низа опасности кои демнат во однос на бегалците и мигрантите и нивните права, а кои ги загрозуваат нивните основни права, а пред сѐ нивните животи.

**Максимова, Елена** (2021) *Human Trafficking: online recruitment - a serious risk to migrants' cyber security in Republic North Macedonia.* In: Human security in navigable spaces: common challenges and new trends. AssIDMer - Cahiers de l'Association Internationale du Droit de la Mer, Napoli, pp. 175-189. ISBN 979-12-5976-142-2 - Истражувањето ја испитува злоупотребата на интернетот и сајбер просторот за регрутирање жртви на трговија со луѓе за различни цели, особено за мигрантите како ранлива категорија. Авторот нагласува дека користењето на сајбер просторот за регрутирање жртви на транснационални злосторства не е нова форма на трговија со луѓе или шверцување мигранти. Тоа е едноставно ново оружје во оклопот на сторителите.

**Максимова, Елена** (2022) *Мигрантската криза и повредата на правата загарантирани во Европската Конвенција за човекови права.* Есеи за миграција и азил. ISSN 978-608-244-943-2 – Предмет на анализа се обврските кои ги има Република Северна Македонија како потписник на Европската конвенција за човекови права и пропустите во однос на нејзината должност да ги почитува и спроведува одредбите од Конвенција кон сите оние кои ќе се најдат на нејзина

територија, како што е предвидено со Конвенција. Поради миграциската криза и предизвиците кои дојдоа со неа, Северна Македонија се најде во тешкотии кога станува збор за целосна имплементација на Цели на конвенцијата. Трудот се фокусира на предизвиците со кои се соочи земјата за време на миграциската криза, што го поткопа исполнувањето на обврските на земјата кон Конвенцијата, доведувајќи го во прашање почитувањето на човековите права и слободи на лицата кои транзитирале низ државата за време на кризата.

Кошевалиска, Олга, **Максимова, Елена** и Никодиновска Крстевска, Ана (2022) *Виктимизација на мигрантите и бегалците во Република Северна Македонија во кривични дела, со посебен акцент на трговијата со луѓе и криумчарењето мигранти.* Proceedings of ninth international scientific conference "Social changes in global world". pp. 211-234.

Трудот дава осврт на виктимизацијата на мигрантите и бегалците како дел од мешаните миграциски текови, на територијата на нашата држава, како и опасноста за нивно регрутирање во трговија со луѓе и шверцување мигранти. Особено ги нагласува сличностите меѓу овие две кривични дела кои го отежнуваат правилното препознавање и идентификација на можните жртви на трговија со луѓе на територијата на Република Северна Македонија, но и ги разгледува позитивните правила и прописи, како и практичните напори со доза критицизам за подобри идни резултати.

Нанев, Лазар, Кошевалиска Олга, Роглева, Александра и **Максимова, Елена** - (2021) *Детското престапништво во Република Северна Македонија низ призмата на половата застапеност.* In: Eight International Scientific Conference - Social Changes in the Global World - Faculty of Law UGD, 6-7 September 2021, Штип.

Кога станува збор за половата застапеност на деликвентните поведенија кои ги манифестираат децата, авторите наведуваат дека општопознат факт е дека учеството на момчињата во вкупниот обем на детско престапништво е значително поголемо во споредба со она на женските лица. Сметаат дека ова генерално се должи на разликите што постојат во биопсихолошките карактеристики кај момчињата и девојчињата, но и различното обликување и третман на општествените улогите што ги имаат припадниците на двата пола. Во трудот е даден фокус на основните феноменолошки карактеристики на детското престапништво во Република Северна Македонија, преку призмата на половата диференцијација која предусловува вакви поведенија, како би се утврдиле основите на соодветна општествена реакција и превенција.

**Максимова, Елена** (2020) *Consequences of imposition of prison sentence on a woman as a perpetrator.* Collection of Papers from the International Academic Conference Bratislava Legal Forum 2020, Comenius University in Bratislava, Faculty of Law.

Како што е исклучително важно за правилно разбирање на криминалот, а исто така и за прогнозирање на криминалот, да се навлезе во мотивите на оние што го вршат кривичното дело, не помалку важно е да се препознаат и последиците што го следат лицето по извршувањето на кривичното дело. Трудот дава преглед на последиците кои се јавуваат кај жените осудени на казна затвор за сторено кривично дело, кои всушност се и најчестиот елемент за првично одвраќање на лицата од извршување на кривични дела.

**Максимова, Елена,** Кошевалиска, Олга и Нанев, Лазар (2020) *Криминолошка опсервација на последиците од европската мигрантска криза.* Proceedings of 7th international conference "Social Changes in the Global World", 7 (7). pp. 251-268.

Авторите во трудот анализираат проблеми кои од 2015 година ги донесе мигрантска криза, во која иако мигрантите претендираа влез во некоја од земјите на Европската Унија, истата не ги заобиколи и земјите кои не се членки на ЕУ а се наоѓаат на европското тло. Конкретно нашата земја согласно со местоположбата се најде како дел од најкористената рута – Западнобалканската рута, за транзит до посакуваната дестинација. Криминолошката анализа опфаќа преглед на вршењата на кривичните дела од мигрантите и кон мигрантите, особено вршењето на делата трговија со луѓе и шверцување мигранти, како особено потешки и попроблематични за откривање, препознавање и сузбивање.

**Максимова, Елена** (2020) *Criminal and criminological aspects of trafficking in human beings and other crimes related to the foreigner's illegal status in Republic of Macedonia.* ILLYRIUS International Scientific Review/ n.14/ (I - 2020) scientific review (14). pp. 131-166. ISSN 2225-2894

Во трудот авторот објаснува како да ги разликуваме видовите на кривични дела извршени на територијата на Македонија, како транзитна земја, особено по 2016 година, давајќи криминолошка анализа на најтешките кривични дела меѓу сите – трговија со луѓе и шверц на мигрантите. Прави студија на случај за некои од нив настанати во периодот 2016 и 2019 година. Во овој период македонската полиција работи заедно со полицајци од други партнерски земји кои работат на обезбедување на македонско-грчката граница, а формираа специјални сили кои работат да се спречи илегалната миграција и трговијата со луѓе. Ова е и една од темите, со цел да се утврди како и колку државата соработува со земјите од ЕУ и земјите од регионот, за спречување и сузбивање на споменатите злосторства.

Роглева, Александра и **Максимова, Елена** (2020) *Улогата на системот на социјална заштита во постапување со деца - жртви на сексуална злоупотреба.* Proceedings of the Seventh International Scientific Conference 'Social changes in the global world'. ISSN 978-608-244-778-0.

Трудот прави детален преглед на овластувањата кои ги имаат центрите за социјална работа при постапување со деца-жртви на сексуално насилство и експлоатација и утврдува каква е нивната улога и значење во остварување на концептот на детска благосостојба. Во оваа насока, подеднакво се разгледани оние овластувања кои според својата содржина може да спречат настанување на кривични дела од ваков вид како би се овозможило рано откривање и третман на детето изложено на ризик од злоупотреба, како и интервентните мерки што центрите се овластени да ги преземаат со цел да обезбедат сеопфатност и континуитет во сите фази на заштита на децата од виктимизација.

**Максимова, Елена** (2019) *Жени што убиваат (или повредуваат) од позиција на жртви на семејно насилство.* Македонска ревија за казнено право и криминологија (1-2).

Авторката во трудот нагласува дека посебен акцент треба да биде ставен врз жената во виктимизирана положба која од таа положба врши кривични дела. Детално објаснува како согласно со целокупната нејзина сензибилност условува и потреба од посебно разгледување на влијанието што врз неа го

остава виктимизацијата, а и првично, положбата во која се наоѓа, самата по себе. Психичката состојба кај виктимизираната жена е исто така разгледана и авторката нагласува дека доколку е во зона на висок ризик од нарушување што може да заврши кобно на еден или на друг начин, жената од жртва може да прерасне во сторител на кривични дела. Затоа и трудот е од особена важност и е во насока на освестување за потребата од проширување на етиологијата на криминалитетот на жената во оваа насока и посветување посебно теоретско внимание на овој, не толку редок општествено-правен проблем.

**Максимова, Елена** и Маролов, Дејан (2019) *Стандардите на европската Конвенција за човекови права во поглед на забраната за мачење, нечовечко или понижувачко постапување или казнување.* Proceedings of the VI International Conference “Social Changes in the global world”, Faculty of Law, Goce Delcev University.

- Во трудот авторите ги доближуваат стандардите и критериумите кои ги поставува Европската конвенција за човекови права и праксата на Европскиот суд за човекови права во однос на ова елементарно човеково право и негова правилна примена. Обработен е членот 3, преку кој Конвенцијата го гарантира правото на забрана за мачење, нечовечко или понижувачко постапување или казнување. Право, кое е апсолутно само по себе, не содржи рестриктивни клаузули во членот и не е подложно на никакви ограничувања од страна на државата или трети лица. Сепак, и покрај јасноста на одредбата за која авторите наведуваат дека сама по себе има недвосмислена тежина и е кратка и прецизна, нагласуваат дека есенцијално за правило оживотворување на гаранциите кои произлегуваат од словото на член 3 и негова правилна примена во целост е неговото вистинско разбирање.

Нанев, Лазар и Кошевалиска, Олга и **Максимова, Елена** (2019) *Компаративен осврт на пенитенцијарни услови за жената - затвореник во земјите од поранешна Југославија.* Proceedings of VI International Conference “Social Changes in the global world” Faculty of Law, UGD, 1. pp. 441-464.

Во овој труд авторите прават компаративен приказ за условите под кои жените од земјите во поранешна Југославија ја издржуваат затворската казна, како и даваат заклучок за тоа колку сите земји имаат еволуирано низ годините во остварување на минималните права на жените затворенички. И колку и да се алармира за негативните деприваци од затворањето, и за установата како „универзитет на криминалот“, авторите наведуваат дека сепак казната сама по себе сѐ уште се покажува како најупотребувана во насока на превоспитување и целокупна ресоцијализација. Авторите засебно ја анализираат положбата на жената затвореничка. Сметаат дека би било особено погрешно доколку искуствата на мажите затвореници, како побројни, ги пресликаме и ги земеме како општи за сите затвореници воопшто. Апелираат за засебно проучување со цел креирање на засебни политики за прогноза и превенција на криминалитет вршен од страна на жени и девојки.

**Максимова, Елена** и Маролов, Дејан (2019) *Етиологија на женското престапништво.* Годишен зборник на Правен факултет. ISSN 1857-8713.

Со проучување на досегашните податоци познати за причините за женското престапништво, историските и сегашни познавања и феноменологијата на криминалитетот на жената, заедно со нејзино феноменолошко профилирање, авторите на трудот ја објаснуваат потребата од проучувањето на оваа област

посебно од целокупната криминологија. Нагласуваат дека ваквото објаснување и не претставува толку лесна и едноставна работа, особено кога на располагање се имаат „машките“ методи. Криминолошки, анализата на причините за впуштање на жената во криминалитетот, како и за нејзината, добро позната помала застапеност во вкупниот евидентиран криминалитет, е значајно за создавање на издржана претстава за движењето на криминалитетот на жената е особено за неговата прогноза и развој, а со тоа и ефективни механизми за негово превенирање.

Кошевалиска, Олга и **Максимова, Елена** (2019) *Historical overview of the phenomenology of crimes commited by women, with special emphasis on the middle ages.* Balkan Social Science Review, 13. pp. 57-72. ISSN 1857- 8772.

Преку трудот авторите не претендираат да ги претставуваат жените како „антихерој“ или и дека жените можат да бидат злобни, туку да придонесат кон подобро разбирање на тоталната криминологија, ги откриваат мотивите, начините и последиците од кривичното дело извршено од жените. Користејќи се со ретроспективен пристап укажуваат дека жените можеби се споредни сторители, но постојано ги има како сторители на кривични дела и дека начинот на дејствување е задржан до денес. Преку презентирање на методите, видовите и мотивите на жената за извршување на кривично дело во минатото, ја поставуваат на сцената за подобро да дознаеме за жената како денешниот престапник.

Апасиев, Димитар и Кошевалиска, Олга и **Максимова, Елена** (2018) *Начелото на законитост – нужен коректив против арбитрерноста на државните органи во кривичната постапка.* Годишен зборник на Правен факултет, VIII (8). pp. 54-69. ISSN 1857-8713.

Во овој коавторски труд се прави обид да се анализира начелото на законитост, неговиот историски развиток, неговата имплементација во меѓународните инструменти, во Меѓународниот кривичен суд, како и меѓународните ad hoc трибунали, Европскиот суд за човекови права, како и правните последици кои се резултат на неговата примена. Посебен осврт ќе дадеме на начелото на законитост во македонското позитивно казнено право. Имено, принципот на законитост е темелна вредност, човеково право, но и фундаментален принцип во казненото законодавство. Согласно со ова основно начело – нема кривично дело и нема санкција без претходна законска одредба: Nullum crimen, nulla poena sine lege, што всушност претставува гаранција за човековата слобода. Начелото на законитост ги штити граѓаните од арбитрерноста на државните органи, од незаконитото мешање, но има за цел и да осигури правичност и транспарентност на судските власти.

Маролов, Дејан и **Максимова, Елена** (2018) *Меѓународното право за животна средина во светот на глобализацијата.* Годишен зборник на Правен факултет (8). ISSN 1857 – 8713.

Овој труд прави осврт на најважните правни акти од областа на меѓународното право за животна средина, како дел од меѓународното право во ерата на глобализацијата, каде што проблемите се поретко можат да се класифицираат како чисто локани. Заради претходново, трудот ги детектира поважните теории од оваа област, како и поважните правни акти на меѓународно ниво комбинирајќи ги меѓусебно. Конечно, се прави увид и во судската пракса на меѓународно ниво. Од сето претходно можат да се извлечат соодветни заклучоци за меѓународното право

на животна средина и начинот и степенот на кој истото влијае врз зачувувањето на животната средина ширум целата планета.

Стојановски, Страшко, Апасев, Димитар, Кошевалиска, Олга, **Максимова Елена**, Шутова, Милица, Тодорова, Билјана (2020) *Семејно насилство.* Documentation. Goce Delcev University, Stip.

Во рамките на академската профилација на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, интердисциплинарноста нуди можност за создавање на многу вакви дела на слични или различни тематики, низ кои наставничкиот и академски кадар може да го артикулира својот светоглед, низ призмата на сопствената суспецијалност. Токму во соработката, во која се клучни историски, граѓанско-правни, кривично-правни, социолошки, феноменолошки и криминолошки аспекти на семејното насилство, се пронајдоа професорите Тодорова, Апасиев, Кошевалиска, Максимова, Стојановски и Шутова и како финален производ го продуцираа делото. Ова дело претставува мал придонес од дел од академскиот колектив на Правниот факултет во Штип кон јавната дебата, која треба да биде производ инициран од научната скепса, пласираните тези, проблематизираните прашања и, секако, можноста да се понудат решенија за одредени општествени проблеми.

Кошевалиска, Олга и **Максимова Елена** (2020) *Меѓународно казнено право.* Goce Delcev University. ISBN 978-608-244-769-8.

Учебникот „Меѓународно казнено право" методолошки е одлично приспособен за совладување на испитната материја и за постепено совладување на предметната програма на предметите Меѓународно казнено право и Европско казнено право. Студентите ќе имаат можност да се здобијат со богати теоретски знаења во сите аспекти на меѓународното казнено право и на меѓународната соработка во кривичната материја во овој учебник. Учебникот е наменет и според содржината одговара и може да се користи како дел од задолжителната литература за втор циклус на студии по предметите Европско казнено право и Меѓународно казнено право.  Учебникот во голема мера има за цел да го олесни на студентите совладувањето на сложената материја од областа на меѓународното казнено право, но и да ги упати кон голем број дополнителни библиографски единици од истата област со чија помош ќе можат да ги прошират, да ги продлабочат и да ги унапредат своите знаења и вештини што се неопходни во областа на меѓународната правна помош и соработка во кривичната материја.

**Приказ на докторската дисертација на кандидатот Елена Максимова**

Докторската дисертација е посветена на жената како сторител на кривичното дело, вистинското движење на криминалитетот на жената, како и причините кои ја навеле да се изложи на сторување кривични дела, и последиците од нејзините криминогени постапувања. Временските, просторните услови кои ѝ влијаеле заедно со цел спектар на моментни фактори за да се јави во оваа улога и како истата се рефлектирала врз нејзиниот понатамошен живот. Потесното разгледувањето на овој криминалитет на територијата на Република Македонија заедно со истражувањето кое е спроведено врз жените - сторители на кривични дела, укажува дека и на нашево поднебје постои реално зголемување на криминалитетот вршен од страна на жената низ годините, што ја оправдува научната потреба од континуирана, длабинска анализа на материјата. Во трудот се

анализираат мотивите кои биле присутни и пресудни кај жената за да се впушти во вршење на кривични дела, како генерално така и за жената на нашево поднебје, и се посочува на тоа дека постои разлика меѓу жената и мажот криминалец, со што се издејствува потребата за нивно засебно проучување. Најчестите познати објаснувања за криминалитетот кај жената се сведуваат на тоа - зошто жената врши помалку кривични дела во споредба со мажот, наместо да се одговори на вистинското прашање – зошто жената врши криминалитет воопшто? Така, трудот придонесува за сестрана и детална разработка на темата, со користење на методи кои би го овозможиле разбирањето на криминалитетот да отиде степен погоре, од неговото просто сведување на „машка работа“, да се прошират теоретските, научните и истражувачките сознанија за жената криминалец. Односно, да се избегне од досегашното „оправдување“ на појавата, за да се навлезе во зоната на сестрано нејзино разбирање, надвор од методите адаптирани за примарниот престапник.

Низ целиот труд се провлекува идејата за користење на родово сензибилизирани методи, за теоретско, кривично и криминолошко проучување на криминалитетот на жената, но и за родова сензибилизација при индивидуализација на казнувањето на жената престапник, како и при определувањето на третман на жената затвореник во пракса. Покрај феноменолошки и етиолошки осврт на појавата, трудот дава посебен акцент на жената и нејзината виктимолошка улога, и како истата може да доведе до тоа таа да стане сторител на кривични дела. Имено, посебен акцент е даден на жената која е виктимизирана, особено во рамките на семејството, што предусловило појавување на криминогени дејствувања од нејзина страна, и што од жртва ја метаморфозира во криминалец.

Во трудот се прави поделба на историскиот развој на научната мисла на прва или почетна фаза и втора или фаза која сè уште не завршила, и се анализираат сестрано и двете, со издвојување на периодите во кои има засилени интереси за анализи на темата, теоретичарите кои посветиле посебно внимание, публикациите кои се издадени и научните собири кои се одржани, а чија цел е започнување со развивање на „женската криминологија“. Посочени се и научните центри во светот од каде што потекнуваат идеите и нај длабинските истражувања за жената престапник, за на крај да се даде слика на она кое е постигнато во оваа област на територијата на Република Македонија и придонесот на нашите, домашни, најзначајни криминолози во областа.

Преку проучување на феноменологијата, етиологијата и виктимологијата на појавата, доаѓаме до подробрно криминолошко разбирање на криминалитетот кај жената. Имено, историјата ни сведочи за одредени девијантни дејствувања на жената и начинот на нивно манифестирање и третирање во јавноста. Преку анализа на посебните видови на кривични дела, историски и од сегашен аспект, потоа на движењето на појавата, возрасните категории и нивната поврзаност со пројавување на кривични поведенија, како и здружувањето, се доаѓа до одредени општи карактеристики за тоа како се врши криминалитетот од страна на жената, кој и кога најчесто се изложува на истиот. Затоа, при феноменолошкото анализирање, особено за значајно се зема потенцирањето на девијантните дејствувања специфични само за жената и тоа што истите се манифестираат во засебни, нови видови а кривични дела со специфичен modus operandi.

Етиологијата како составен дел од криминологијата е неминовна за проучување и овде, заради комплетирање на сознанијата за појавата. Причините и последиците се анализираат од аспект на досега познатото со цел сублимирање на вистински профил на жена сторител. Со оглед на тоа дека каузално-теоретскиот

спор се води околу биолошките или социолошките обусловености, се дава исцрпно разгледување на двете групи теоретски објаснувања, со цел опфаќање на сите ендогени и егзогени фактори за појава на криминалитетот на жената. Така, се изнесуваат ставовите на веќе развиените теории, историски и современи, и апстрахирајќи се од едностраноста, се врши целосно заокружување на факторите, кои, согласно со индивидуалните предиспозиции, можат да придонесат жената да пројави криминогени поведенија. Потоа, се разгледуваат последиците од впуштањето во криминалитет од четири битни аспекта: социо-изолација, импликации врз семеен живот, социјална и професионална ексклузија на жената и рецидивизам.

Виктимологијата, како посебно акцентирана се разгледува преку два главни наслова – виктимизацијата на жената во глобала и виктимизацијата во рамките на семејството. Објаснувајќи ја состојбата на жртва во која може да се најде жената, се дава детална слика за ризик-факторите кои придонесуваат за виктимизација и за тоа какви психичко-биолошки последици остава истата состојба врз неа, а особено за посттрауматското стресно растројство. Преку анализа на семејното насилство и насилството од интимниот партнер кои, како форми, најчесто ги трпи жената и насилството кое таа го иницира во рамките на семејството, односно кога таа се јавува како агресор, се укажува на пресвртот кој може да настане, па жената од жртва да стане сторител на кривично дело. Овој дел од дисертацијата е особено битен бидејќи ја внесува потребата од препознавање на „синдромот на малтретирана жена" (bettered woman syndrome), колку од теоретичарите, многу повеќе од практичарите.

Емпирискиот дел се состои од истражувањето кое е направено за појавата на нашево подрачје. Обработени се статистички показатели за движењето на криминалитетот на жената во РМ во анализираниот период, од неколку феноменолошки аспекти. Потоа, преку теоретско навлегување и обработка на затвореничкото општество за жената и затворот како казна, се врши една анализа на профилот на жената затвореничка, заедно со психо-социјалните лузни кои ја бележат, депривациите и потребата од родово сензибилизиран пенитенцијарен и постпенитенцијарен третман, за да може потем да се прикажат резултатите од истражувањето добиено во КПУ Идризово. Истражувањето кое е спроведено во КПД Идризово, во женското одделение, дава одговори на четири категории на податоци и тоа како за *генералните профили* на жената затвореник (од аспект на возраст, етичка припадност, образование, работен статус, брачен статус, примања, сторени кривично дело и сл.), потоа за *рецидивизмот* меѓу затвореничката популација, за претходната *виктимизираност* меѓу жените осуденички (пред влезот во институцијата) и за *третманот* кој го имаат во рамки на истата.

Постои реална потреба од посебно анализирање на материјата, одвоено од анализите за примарниот сторител, а паралелно со нив и градење на посебен систем за препознавање на проблематичното однесување кај жената и развивање на систем за негово третирање. Особено, препораките се насочени кон она на што е и даден посебен осврт во трудот, а тоа е виктимизираната жена, односно жената која во ваква состојба врши кривично дело. Клучно е оспособувањето на механизмите за препознавање на „синдромот на малтретирана жена" и негово адекватно третирање во сите фази и од сите носители на постапката.

Според временскиот период што кандидатката Елена Максимова го има поминато на Правниот факултет при УГД, од демонстратор до доцент, неминовно се гледа нејзиното развивање во наставно-педагошка смисла. Нејзината посветеност на работата овде, се гледа не само во корпусот на активности кои ги презема при

реализација на наставните активности, туку многу повеќе во нејзиното вложување во воннаставните активности и работењето со студентите. Унапредувањето во повисоко звање би значело само мотив повеќе за поисцрпна и попродуктивна работа на кандидатот.

Од приложениот корпус на трудови, каде што кандидатката Елена Максимова се јавува како самостоен автор или коавтор, се гледа дека се работи за посветена личност која дава перманентен научен придонес во областа. Опфаќајќи ги кривично-правните и криминолошки аспекти на неколку појави, вршејќи постојана анализа на кривично-процесните измени и нивното компарирање со решенијата во големите земји, се само еден мал дел од научниот придонес во кривичната област. Кандидатот е максимално посветен во научно презентирање на иновативни научни решенија и во областа на меѓународно ниво, семејното право, граѓанското право, секако во врска со кривичното право, што само укажува на насоката во која би се развивала во иднина и амбициозноста за интердисциплинарен приод за перманентно подобрување на постојното законодавство и пракса. Се работи за сериозен истражувач, кој само ќе се доразвива и надградува во иднина.

**V. Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

1. **Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир**

51. **Максимова, Елена** (2020) *Consequences of imposition of prison sentence on a woman as a perpetrator.* Collection of Papers from the International Academic Conference Bratislava Legal Forum 2020, Comenius University in Bratislava, Faculty of Law.

2. **Продекан**

52. Избрана за продекан за настава на 17 септември 2019 година на 182. седница на Наставно-научен совет на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“.

53. Избрана за продекан за настава на 3 октомври 2022 година на 231. седница на Наставно-научен совет на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“.

3. **Член на институтски орган, комисија**

54. 2022 г. - Член на Универзитетска работна група за организирање на „Прв академски час“.

55. 2023 г. – Член на Универзитетска работна група за организирање на патронен празник.

4. **Член на факултетски орган, комисија**

56. 2022 г. - Член на Комисија за избор на членови на Факултетско студентско собрание.

57. Член на Деканска управа на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип од 2018 г. – тековно.

58. Член на Наставно-научен совет на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Северна Македонија, од 2018 година – тековно.

59. Член на комисии за оцена и одбрана на дипломски и магистерски трудови.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Комисијата со задоволство ги прегледа доставените документи на кандидатката д-р Елена Максимова, како и објавените научни и стручни трудови, учебните помагала, учествата на меѓународни научни конференции, активности од научноистражувачки проекти, стручно-апликативна и организациска, наставна и воннаставна работа. Врз основа на севкупната нејзина активност од изборот во демонстратор на единицата до денес, Комисијата заклучи дека д-р Елена Максимова ги исполнува условите за избор во наставно звање вонреден професор во областа казнено право, согласно со Законот за високо образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип. За целокупната активност во периодот од избор во доцент до денес, кандидатката д-р Елена Максимова има по основ на научноистражувачка работа, наставно-образовна работа и стручно-апликативна, односно организација работа, остварено (НО30 +НИ259.5+САОР25 = 314.5) или вкупно 314.5 поени. Според погоре изнесеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип д-р Елена Максимова да биде избрана во звање вонреден професор во научната област казнено право.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Проф. д-р Гордана Лажетиќ, претседател, с.р.
Проф. д-р Олга Кошевалиска, член, с.р.
Проф. д-р Лазар Нанев, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | Поени | број | поени | |
| | Избор во звање доцент | 1 | 30 | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |

| Р. бр. | Научноистражувачка дејност истручно-уметнички активности | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | Поени | број | поени | |
| | Монографија или научна книга | 1 (бр.1) | 10 | | | 10 |
| | Дел од монографија или научна книга | 2 (бр.6 и бр.8) | 12 | 5 (бр.2,3,4,5,7) | 50 | 62 |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) | Прв автор -7 (7x9) (бр. 9,12, 13, 14, 16, 17, 19)<br>Втор автор -4 (4x6) (бр. 10, 15, 20, 22)<br>Трет автор- 3 (3x3) (бр.11, 18, 21)<br>Поени ( 9/6/3) | | | | 63<br>24<br>9<br>96 |
| | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба | | | 1 (бр. 34) | 6 | 6 |
| | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт | 1 (бр.35) | 2 | 3 (бр.36,37,38) | 12 | 14 |
| | Одржано предавање по покана од научна институција, музички настап на официјален концерт | 4 (бр. 39-42) | 8 | | | 8 |
| | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјата и во странство | | | 9 (бр.25-33) | 18 | 18 |
| | Одбранета докторска теза | 1 | 8 | | | 8 |
| | Одбранет магистерски труд | 1 | 4 | | | 4 |
| | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 1 (бр.43) | 2 | 2 (бр.45,46) | 6 | 8 |
| | Уредник на научно списание (СЦИ/ЦА/останати) | 1 (бр.47) | 3 | 1 (бр.48) | 3 | 6 |
| | Уредник на зборник на трудови | 1 (бр.49) | 2 | | | 2 |
| | Член на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал | | | 1 (бр.50) | 2 | 2 |
| | Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/останати) | 14 (останати) | 14 | 1 (останати) | 1.5 | 15.5 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **259.5** |

| Р. бр. | Стручно-апликативна дејност иорганизациско-развојна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир | | | 1 (бр.51) | 3 | 3 |
| | Продекан | 2 (бр.52,53) | 8 | | | 16 |
| | Член на институтски орган, комисија | 2 (бр.54,55) | 2 | | | 4 |
| | Член на факултетски орган, комисија | 1 (бр.56) | 2 | | | 2 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **25** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕОБЛАСТИ** | | | | | **314.5** |

# Р Е Ф Е Р А Т
# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТЕКСТИЛНИ И ТЕХНИЧКИ ВЛАКНА И ТЕКСТИЛНО МЕХАНИЧКО ИНЖЕНЕРСТВО НА ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука 2302-114/6 од 31.8.2023 година донесена на 151. седница на Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет, одржана на 31.8.2023 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научните области текстилни и технички влакна (22300) и текстилно механичко инженерство (22301) на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ на 17.8.2023 година и во предвидениот рок се пријави кандидатката д-р Силвана Жежова, доцент на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација по Конкурсот и по анализата на доставениот материјал, го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката д-р Силвана Жежова е родена на 17.9.1981 година во Штип, Р. Македонија, каде што завршува основно и средно образование.

Дипломира на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на насоката *Конфекциско инженерство* во 2005 година, со просечен успех од 9,24 и се стекнува со титула дипломиран инженер од областа на конфекциско инженерство.

Во 2008 година се запишува на постдипломски студии на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје на насоката *Менаџмент на конфекциски процеси*, каде што во 2011 година магистрира со просек од 10,0 и се стекнува со академски статус магистер на технички науки од областа менаџмент на конфекциски процеси. Насловот на магистерскиот труд е „Оптимизација на технолошкиот процес на кроење за ефикасно искористување на материјалите“.

Во учебната 2013/2014 г. се запишува на докторски студии на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип на студиска програма *Наука и технологија за текстил*. Во 2018 год. ја брани докторската дисертација со наслов „Примена на текстил во различни форми и современи технологии за добивање на полимерни композитни структури” и се стекнува со титулата доктор по технички науки од областа на науката и технологијата за текстил.

**Работно искуство**

Од 2008 до 2011 година работи како лаборант на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

Со Одлука бр. 2802-82/5 од 8.11.2011 година од Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет е избрана за помлад асистент.

Со Одлука бр. 2302-61/7 од 27.4.2015 година од Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет е избрана за асистент-докторанд.

Со Одлука бр. 2302-53/7 од 19.2.2019 година на Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет е избрана во звањето доцент.

**Општи услови за избор:**

- Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот циклус и вториот циклус.

Кандидатката има остварено просечен успех на додипломски студии од **9,24** и на магистерски од **10,0** односно **9,62** на интегрираните студии од првиот и вториот циклус.

- Да има научен степен доктор на науки од научната област за која се избира:

Кандидатката има научен степен доктор по технички науки од научната област во која се избира: текстилни и технички влакна и текстилно механичко инженерство.

- Да има објавено најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со Законот за високото образование во последните пет години пред објавување на огласот за избор:

Кандидатката во последните пет години има објавено вкупно 24 труда во референтна научна публикација, од кои 16 труда објавени во меѓународни научни списанија, 6 труда во зборници на трудови презентирани на меѓународни научни конференции и 2 труда во зборник на стручни трудови.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание/ конференција | Години на излегување на списанието/ зборникот |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Zhezhova, Silvana**, Jordeva, Sonja, Golomeova, Saska, Maksimov, Stefan and Dimitrijeva, Vanga (2021) | The develompment of textile industry in Shtip. https://eprints.ugd.edu.mk/29017/ | Tekstilna industrija. ISSN 0040-2389 | Од 1953 г.<br>70 години |
| 2. | **Zhezhova, Silvana**, Jordeva, Sonja, Golomeova, Saska and Jovanov, Stojanche (2021) | Application of technical textile in medicine https://eprints.ugd.edu.mk/28319/ | Tekstilna industrija, 69 (2). pp. 21-29. ISSN 0040-2389 | Од 1953 г.<br>70 години |
| 3. | **Zhezhova, Silvana**, Jordeva, Sonja, Golomeova, Saska and Janevski, Aco (2020) | Textile industry in North Macedonia.<br>https://eprints.ugd.edu.mk/27322/ | Tekstilna industrija (3). pp. 44-51. ISSN 0040-2389 | Од 1953 г.<br>70 години |
| 4. | **Zhezhova, Silvana,** Jordeva, Sonja, Golomeova, Saska, Dimitrijeva, Vanga and Dimova, Tanja (2019) | Tactile properties of fabrics.<br>https://eprints.ugd.edu.mk/22383/ | Tekstilna industrija. pp. 4-10. ISSN 0040-2389 | Од 1953 г.<br>70 години |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5. | **Zhezhova, Silvana,** Demboski, Goran, Srebrenkoska, Vineta, Jordeva, Sonja and Golomeova, Saska (2019) | The influence of the type and width of the cut marker on the utilization of textile materials. https://eprints.ugd.edu.mk/23449/ | Advanced technologies, 8 (2). pp. 99-104. ISSN 2217-9720 | Од 2012 г.<br>11 години |
| 6. | Jordeva, Sonja, **Zhezhova, Silvana** and Golomeova, Saska (2023) | Influence of the raw-material composition and the characteristics of the knitted fabrics on the properties of the socks. https://eprints.ugd.edu.mk/31550/ | Knowledge, 56 (4). pp. 417-423. ISSN 2545-4439 | Од 2009 г.<br>14 години |
| 7. | Jordeva, Sonja, **Zhezhova, Silvana** and Golomeova, Saska (2021) | Technological process of finishing of the men's shirt and quality control. https://eprints.ugd.edu.mk/28317/ | Knowledge International Journal, Scientific Papers, 45 (3). pp. 695-700. ISSN 2545-4439 | Од 2009 г.<br>14 години |
| 8. | Jordeva, Sonja, **Zhezhova, Silvana** and Golomeova, Saska (2019) | Monitoring and quality control in the production of work uniforms for flight attendants https://eprints.ugd.edu.mk/22900/ | Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 34 (3). pp. 737-743. ISSN 2545-4439 | Од 2009 г.<br>14 години |
| 9. | Golomeova, Saska, Jordeva, Sonja, **Zhezhova, Silvana,** Dimitrijeva, Vanga and Andronikov, Darko (2023) | Water absorption and dimensional stability of shoe insoles. https://eprints.ugd.edu.mk/31709/ | Leather & Footwear, 72 (1/23). pp. 3-6. ISSN 1849-9769 | Од 2000 г.<br>23 години |
| 10. | Maksimov, Stefan, Jordeva, Sonja , **Zhezhova, Silvana**, Golomeova, Saska and Andronikov, Darko (2022) | Qualitative and quantitative analysis of the pre consumer textile waste in North Macedonia. https://eprints.ugd.edu.mk/29944/ | Advanced Technologies, 11 (1). pp. 88-92. ISSN 2406-2979 | Од 2012 г.<br>11 години |
| 11. | Maksimov, Stefan, Jordeva, Sonja, **Zhezhova, Silvana**, Mojsov, Kiro and Janevski, Aco (2022) | Methodology for determining the quantity of textile waste from the cutting process. https://eprints.ugd.edu.mk/29706/ | Tekstilna industrija. pp. 29-36. ISSN 0040-2389 | Од 1953 г.<br>70 години |
| 12. | Jordeva, Sonja, Kertakova Marija, **Zhezhova, Silvana,** Golomeova, Saska and Mojsov, Kiro (2020) | Dyeing of textiles with natural dyes. https://eprints.ugd.edu.mk/27326/ | Tekstilna industrija. 68 (4), 12-21, ISSN 0040-2389 | Од 1953 г.<br>70 години |
| 13. | Maksimov, Stefan, Golomeova, Saska, Jordeva, Sonja, **Zhezhova, Silvana** (2020) | Application of statistical process control in the production of women's blouse. https://eprints.ugd.edu.mk/27323/ | Knowledge – International Journal, 38 (3). pp. 613-618. ISSN 2545-4439 | Од 2009 г.<br>14 години |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 14. | Golomeova, Saska, Demboski, Goran, Jordeva, Sonja, **Zhezhova, Silvana**, Dimitrijeva, Vanga and Kertakova, Marija and Mojsov, Kiro (2019) | Selection of fusible interlining in apparel industry https://eprints.ugd.edu.mk/23538/ | Tekstilna industrija 67 (4), 4-10 ISSN 0040-2389 | Од 1953 г. 70 години |
| 15. | Golomeova, Saska, Jordeva, Sonja, **Zhezhova, Silvana**, Dimitrijeva, Vanga, Mojsov, Kiro and Andronikov, Darko (2022) | The effect of fabric structure parameters on dimensional stability after domestic washing. https://eprints.ugd.edu.mk/29965/ | Tekstilna Industrija, 70 (2). pp. 22-27. ISSN 0040-2389 | Од 1953 г.<br><br>70 години |
| 16. | Jordeva, Sonja, Anusheva, Hristina, Golomeova, Saska, **Zhezhova, Silvana,** Dimitrijeva, Vanga, Mojsov, Kiro and Kertakova, Marija (2021) | A cut marker for aircraft seat cover<br><br>https://eprints.ugd.edu.mk/28318/ | Tekstilna industrija, 69 (2). pp. 40-47. ISSN 0040-2389 | Од 1953 г. 70 години |
| 17. | **Zhezhova, Silvana,** Jordeva, Sonja, Golomeova, Saska, Srebrenkoska, Vineta and Dimitrijeva-Kuzmanoska, Vanga (2022) | Analysis of the situation with textile waste. In: Contemporary trends and innovations in the textile industry https://eprints.ugd.edu.mk/31246/ | Contemporary trends and innovations in the textile industry | Од 2017 г. 6 години |
| 18. | **Zhezhova, Silvana**, Risteski, Sanja, Jordeva, Sonja and Srebrenkoska, Vineta (2022) | Medical textiles, possibilites and chalenges. https://eprints.ugd.edu.mk/30487/ | Zbornik radova Naučna konferencija SANUS | Од 2022 г. 1 година |
| 19. | Golomeova, Saska, **Zhezhova, Silvana,** Jordeva, Sonja, Maksimov, Stefan, Andronikov, Darko and Mojsov, Kiro (2021) In: | Effect of the pandemic on the clothing industry in the easthern region of R. N. Macedonia. https://eprints.ugd.edu.mk/28691/ | Contemporary trends and innovations in textile industry, Belgrade, Serbia. | Од 2017 г. 6 години |
| 20. | Jordeva, Sonja, Tomovska, Elena, **Zhezhova, Silvana,** Golomeova, Saska and Dimitrijeva, Vanga (2020) | Textile waste management practices. https://eprints.ugd.edu.mk/26677/ | Contemporary trends and innovations in the textile industry CT&ITI 2020. ISSN 677(082) / 687.1(082) | Од 2017 г. 6 години |
| 21. | Zlatkov, Ivan, **Zhezhova, Silvana**, Risteski, Sanja, Srebrenkoska, Vineta and Risteska, Svetlana (2019) | Effect of weave of fabric and molding pressure on the mechanical properties of composite laminates. https://eprints.ugd.edu.mk/22228/ | Contemporary trends and innovations in the textile industry. pp. 391-396. ISSN 978-86-900426-1-6 | Од 2017 г. 6 години |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 22. | Dimova, Tanja, **Zhezhova, Silvana**, Srebrenkoska, Vineta, Risteski, Sanja and Risteska, Svetlana (2019) | Hand lay-up vs machine impregnation of the textile structures. https://eprints.ugd.edu.mk/22227/ | Contemporary trends and innovations in the textile industry. pp. 378-384. ISSN 978-86-900426-1-6 | Од 2017 г. 6 години |
| 23. | **Zhezhova, Silvana**, Janevski, Aco, Jordeva, Sonja and Golomeova, Saska (2020) | Важноста на текстилната индустрија за економијата на Република Северна Македонија. https://eprints.ugd.edu.mk/27324/ | Годишен зборник, Економски факултет, 21. pp. 63-71. ISSN 1857-7628 | Од 2012 г. 11 години |
| 24. | Golomeova, Saska, Andronikov, Darko, **Zhezhova, Silvana** and Mojsov, Kiro (2020) | Контрола на квалитет на производство во различен временски период. https://eprints.ugd.edu.mk/27325/ | Годишен зборник, Економски факултет, 21. ISSN 1857-7628 | Од 2012 г. 11 години |

- Претходен избор во звање: Со Одлука број 2302-53/7 од 19.2.2019 година на Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет, д-р Силвана Жежова е избрана во звањето доцент за наставно-научните области текстилни и технички влакна (22300) и текстилно механичко инженерство (22301).

- Способност за изведување на високообразовна дејност: Д-р Силвана Жежова е ангажирана во наставата по повеќе предмети од прв и втор циклус на Технолошко-техничкиот факултет. Била ментор на 6 (шест) успешно одбранети дипломски трудови и завршни испити, член на уште 28 комисии за одбрана на дипломска работа или завршен испит. Коавтор е на еден учебник за потребите на студентите на ТТФ.

- Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик:

Кандидатката има сертификат за положен англиски јазик од Кембриџ ПЕТ тест за електронско полагање, со постигнато ниво B1 (според Council of Europe Level).

**Посебни услови**

- Рецензиран учебник, скрипта и практикум или авторско ЦД: Кандидатката д-р Силвана Жежова е коавтор на е-учебник „Механичка текстилна технологија 1" наменет за студентите на прв циклус студии на Технолошко-технички факултет.

- Учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати: Во изборниот период д-р Силвана Жежова е учесник во пет проекти.
- Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници: Досега д-р Силвана Жежова има соработувано со неколку наставници и соработници на Технолошко-технички факултет во доменот на научноистражувачката работа и одржувањето на наставата.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Од последниот избор до денес д-р Силвана Жежова е автор на 24 објавени научни и стручни трудови. Од нив, 16 труда се објавени во меѓународни научни списанија и 8 (осум) труда се објавени во зборници на трудови презентирани на меѓународни и домашни конференции. Покрај тоа, од последниот избор до денес има учествувано во 7 изложби со модни ревии/перформанси од регионален карактер. Учесник е во 5 проекти и поседува 3 сертификати за успешно поминати обуки во полето на одржливост, одржлив дизајн и социјална и корпоративна одговорност во индустријата за текстил и облека".

Од 1.11.2008 година е вработена како лаборант на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Со Одлука бр. 2802-82/5 од 8.11.2011 година од Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет е избрана за помлад асистент.

Со Одлука бр. 2302-61/7 од 27.4.2015 година од Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет е избрана за асистент-докторанд. Како асистент-докторанд е ангажирана во изведување на вежби по предметите: Механичка текстилна технологија, Структура и својства на текстил, Технологија на изработка на облека 2, Проектирање на технолошки процеси, Примена на текстил во композити, Планирање на експерименти, Развој на производ, Основи на менаџмент, Индустриски менаџмент, Маркетинг и менаџмент, Хемија и физика на полимери, Рециклирање на полимерите, Нови инженерски материјали, Технологии за пластични маси, Полимерни композитни материјали, Композитни материјали, Производни технологии.

Со Одлука бр. 2302-53/7 од 19.2.2019 година на Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет е избрана во звањето доцент за наставно-научните области: текстилни и технички влакна (22300) и текстилно механичко инженерство (22301). Досега кандидатката учествувала во наставата на прв и втор циклус на студии на Технолошко-технички факултет и тоа по предметите:

- Прв циклус студии на Технолошко-технички факултет: Механичка текстилна технологија 2, Структура и својства на текстил, Технологија на изработка на облека 2, Технички текстил, Рециклирање на полимерите, Основи на менаџмент, Индустриски менаџмент.
- Втор циклус на студии на Технолошко-технички факултет: Влакна од нови полимери, Технички текстил, Индустриски дизајн на текстил, Дизајн на композити зајакнати со влакна.

Научните резултати на кандидатката се објавени во меѓународни научни списанија и зборници на трудови презентирани на меѓународни и домашни конференции. Наведените трудови се составен дел на е-репозиториумот при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип. http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Zhezhova=3ASilvana=3A=3A.html

**Објавени научни и стручни трудови во меѓународни списанија и меѓународни научни публикации во периодот од претходниот избор во доцент:**

***Објавени научни трудови во меѓународни научни списанија***

1. **Zhezhova, Silvana** and Jordeva, Sonja and Golomeova, Saska and Maksimov, Stefan and Dimitrijeva, Vanga (2021) The develompment of textile industry in Shtip. Tekstilna industrija. ISSN 0040-2389 https://eprints.ugd.edu.mk/29017/

Во трудот е анализирана текстилната индустрија во градот Штип кој е главен центар за производство на облека во источниот дел на Република Северна Македонија. Текстилната индустрија учествува со 70% во вкупните достигнувања на индустријата во Општината. Во Штип има над 60 компании за производство на облека, а меѓу нивните најважни партнери се Германија, Италија, Австрија, Белгија и Холандија. Најголем дел од конфекциските компании се организирани како мали или средни претпријатија за производство на секојдневна облека како што се кошули, блузи и сл., кои работат врз основа на производствениот систем „ЛОН“.

2. **Zhezhova, Silvana** and Jordeva, Sonja and Golomeova, Saska and Jovanov, Stojanche (2021) *Application of technical textile in medicine.* Tekstilna industrija, 69 (2). pp. 21-29. ISSN 0040-2389 https://eprints.ugd.edu.mk/28319/

Целта на овој труд е да се нагласи важноста на техничкиот текстил за медицински, хируршки и здравствени апликации, за да се посочи кој текстил во моментов се користи во оваа област. Медицинскиот текстил е познат и како здравствен текстил и е еден од секторите со најбрз раст на пазарот на технички текстил. Поимот медицински текстил ги опфаќа сите видови текстилни материјали кои се користат во здравствениот систем за различни цели. Бројот на апликации е голем и разновиден, почнувајќи од едноставни хируршки конци за шиење па сѐ до комплексни композитни структури за замена на коски и ткива, материјали за одржување хигиена, заштитни производи кои се употребуваат во операционите сали и во процесот на постоперативниот третман на рани.

3. **Zhezhova, Silvana** and Jordeva, Sonja and Golomeova, Saska and Janevski, Aco (2020) *Textile industry in North Macedonia.* Tekstilna industrija (3). pp. 44-51. ISSN 0040-2389 https://eprints.ugd.edu.mk/27322/

Целта на овој труд е да го истражи развојот на текстилната индустрија во Република Северна Македонија во последните 10 години. Текстилната индустрија во Република Северна Македонија е еден од најважните индустриски сектори со долга традиција и искуство и игра огромна улога во општите економски перформанси и надворешната позиција на земјата. Според најновите податоци, текстилната и конфекциската индустрија во 2019 година вработуваат околу 35.000 работници, или 27% од вкупниот број вработени во производствениот сектор. Текстилниот сектор учествува со 13% во индустрискиот БДП на индустријата и со 10% во вкупниот извоз.

4. **Zhezhova, Silvana** and Jordeva, Sonja and Golomeova, Saska and Dimitrijeva, Vanga and Dimova, Tanja (2019) *Tactile properties of fabrics.* Tekstilna industrija. pp.4-10 ISSN0040-2389 https://eprints.ugd.edu.mk/22383/

Во трудот се идентификувани најсоодветните атрибути за опис на ткаенините, а исто така даден е преглед на некои од современите истражувања за предвидување на тактилните својства на ткаенините. Тактилните својства на ткаенините се најважните карактеристики што влијаат на квалитетот на готовите производи и одлуката на купувачот при купување.

5. **Zhezhova, Silvana** and Demboski, Goran and Srebrenkoska, Vineta and Jordeva, Sonja and Golomeova, Saska (2019) The influence of the type and width of the cut marker

on the utilization of textile materials. Advanced technologies, 8 (2). pp. 99-104. ISSN 2217-9720 https://eprints.ugd.edu.mk/23449/

Трудот го испитува ефектот што видот и ширината на кројната слика го имаат врз потрошувачката на текстилниот материјал (кој достигнува до 75% од вкупниот трошок при производството). Минималната заштеда на текстилниот материјал директно влијае на вкупните трошоци за производство. Кројната слика има директно влијание врз потрошувачката на материјалот. Изборот на видот на кројната слика зависи од видот на облеката, структурата на текстилниот материјал и големина на работниот налог. Зголемувањето на искористувањето на кројната слика е од големо значење за техничка подготовка во конфекциската индустрија, поради нивната важна улога во контролирањето на материјалните трошоци.

6. Jordeva, Sonja and **Zhezhova, Silvana** and Golomeova, Saska (2023) Influence of the raw-material composition and the characteristics of the knitted fabrics on the properties of the socks. Knowledge, 56 (4). pp. 417-423. ISSN 2545-4439 https://eprints.ugd.edu.mk/31550/

Во овој труд е направен краток преглед на видовите на чорапи, како и меѓународното означување на големините на чевли и чорапи. Дополнително, направена е анализа на научните истражувања за да се процени влијанието на суровината и карактеристиките на плетенините врз својствата и квалитетот на чорапите. Резултатите покажуваат дека чорапите се димензионално нестабилни и по неколку циклуси на перење при употреба настануваат промени во димензиите кои зависат од видот на суровината и видот на преѓата, како и карактеристиките на плетенината.

7. Jordeva, Sonja and **Zhezhova, Silvana** and Golomeova, Saska (2021*) Technological process of finishing of the men's shirt and quality control.* Knowledge International Journal, Scientific Papers, 45 (3). pp. 695-700. ISSN 2545-4439 https://eprints.ugd.edu.mk/28317/

Во трудот се опишани постапките и машините во завршното пеглање, како и начинот на контрола на квалитетот на машките кошули. Во практичниот дел на трудот е направена анализа на процесот на доработка на машки кошули во една модна конфекција и извршена е завршна контрола на 661 машка кошула. Резултатите покажаа дека најчестите грешки се: лоша позиција на копчето или оштетено копче, грешки од завршното пеглање и грешки кај поработ на кошулата. Благодарение на завршната контрола сè уште е можно да се поправат некои грешки кај кошулите со повторно влегување во производствениот процес, а оштетените производи или оние со непоправливи дефекти може да се класифицираат во пониска класа со намалена цена.

8. Jordeva, Sonja and **Zhezhova, Silvana** and Golomeova, Saska (2019) *Monitoring and quality control in the production of work uniforms for flight attendants.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 34 (3). pp. 737-743. ISSN 2545-4439 https://eprints.ugd.edu.mk/22900/

Трудот се однесува на следење на производството на женско сако и женски елек (како дел од работните униформи на стјуардесите на компанијата Луфтханза) во компанијата за облека МК Амор, компанија од Кочани. Во исто време, извршена е контрола на квалитетот на производите, почнувајќи од контролата

на материјалите до конечната контрола на готовите производи. Резултатите покажуваат дека доброто планирање и следење на производството резултира со навремено и квалитетно производство на двата вида на производи.

9. Golomeova, Saska and Jordeva, Sonja and **Zhezhova, Silvana** and Dimitrijeva, Vanga and Andronikov, Darko (2023) Water absorption and dimensional stability of shoe insoles. Leather & Footwear, 72 (1/23). pp. 3-6. ISSN 1849-9769 https://eprints.ugd.edu.mk/31709/

Целта на овој труд е да се проучи апсорпцијата на вода и димензионалната стабилност на влошките за чевли. Димензионалната стабилност беше испитувана преку бабрење, зголемување на големината на примерокот и собирање. Тестовите беа извршени според релевантните ISO стандарди. Во експериментот се користени осум влошки за чевли со различен состав. Експерименталните резултати покажаа дека способноста за апсорпција на вода на влошките за чевли зависи од составот и структурата на компонентите на влошката. Статистичката анализа на добиените резултати покажа позитивна линеарна корелација помеѓу апсорпцијата на вода на влошките и нивното бабрење и негативна линеарна корелација помеѓу бабрењето и зголемувањето на големината на примероците. Собирањето на сите осум влошки е помало од 1%.

10. Maksimov, Stefan and Jordeva, Sonja and **Zhezhova, Silvana** and Golomeova, Saska and Andronikov, Darko (2022) Qualitative and quantitative analysis of the pre consumer textile waste in North Macedonia. Advanced Technologies, 11 (1). pp. 88-92. ISSN 2406-2979 https://eprints.ugd.edu.mk/29944/

Целта на овој труд е истражување на количината и квалитетот на текстилниот отпад како предуслов за негово понатамошно управување. Текстилниот отпад во Република Северна Македонија учествува со 4,7% во вкупниот состав на комуналниот цврст отпад кој целосно се депонира. Добиените резултати покажуваат доминација на отпадот од процесот на кроење, со вкупна просечна количина од 2792,7 тони годишно. Анализите покажуваат дека најзастапен е отпадот од памук со 46,4%, потоа следи отпадот од вештачки и синтетички влакна со 41,4%. Резултатите покажуваат дека во текот на истражувачкиот период (2015-2020), годишно се генерира 1,42 kg/жител (во просек) текстилен отпад со задржани физички и механички својства.

11. Maksimov, Stefan and Jordeva, Sonja and **Zhezhova, Silvana** and Mojsov, Kiro and Janevski, Aco (2022) Methodology for determining the quantity of textile waste from the cutting process. Tekstilna industrija. pp. 29-36. ISSN 0040-2389 https://eprints.ugd.edu.mk/29706/

Целта на овој труд е да се дизајнира нова методологија за одредување на количествата на текстилен отпад што се создава во процесот на кроење. Анализата на количествата на текстилен отпад е неопходен предуслов за секоја понатамошна иницијатива за негово ефикасно управување, но таква детална анализа засега не постои. Испитувањето на практичната употреба на методологијата е направено во 3 различни компании. Резултатите покажуваат дека со користење на оваа методологија може брзо и лесно да се пресмета количеството на текстилен отпад што се создава во процесот на кроење.

12. Jordeva, Sonja and Kertakova, Marija and **Zhezhova, Silvana** and Golomeova, Saska and Mojsov, Kiro (2020) Dyeing of textiles with natural dyes. Tekstilna industrija. ISSN 0040-2389 https://eprints.ugd.edu.mk/27326/

Овој труд се однесува на карактеризација, класификација и анализа на природните бои; екстракција на бои од надворешната обвивка на кромид и ефекти на различни средства за фиксирање на боите како и влијанието на начинот на нанесување на средствата за фиксирање врз нијансата на бојата. Од гледна точка на животната средина, замената на синтетичките бои со природни не е само стратегија за намалување на ризикот и загадувачите, туку и можност за нови пазари и работни места.

13. Maksimov, Stefan and Golomeova, Saska and Jordeva, Sonja and **Zhezhova, Silvana** (2020) Application of statistical process control in the production of women's blouse. Knowledge – International Journal, 38/3. pp. 613-618. ISSN 2545-443 https://eprints.ugd.edu.mk/27323/

Во трудот е применета статистичка контрола во процесот на производство на женска блуза. Беа применети методите: Чек листа, Парето дијаграм и Ишикава дијаграм. Резултатите добиени од контролата на квалитетот во производството на женска блуза, покажуваат дека најголем процент од забележаните дефекти припаѓа на дефектите брчкање на шевот во пределот на вратниот и ракавниот отвор. Анализата на причините со помош на Ишикава дијаграмот покажа дека главна причина за појава на овие дефекти е техничката подготовка.

14. Golomeova, Saska and Demboski, Goran and Jordeva, Sonja and **Zhezhova, Silvana** and Dimitrijeva, Vanga and Kertakova, Marija and Mojsov, Kiro (2019) Selection of fusible interlining in apparel industry. Tekstilna industrija. ISSN 0040-2389 https://eprints.ugd.edu.mk/23538/

Целта на трудот е селекција на термопластична меѓупостава во производството на машки кошули. За фиксирање на ткаенината се користени три вида на меѓупостави од различни производители и со различни својства. Селекцијата се заснова на јачината на спојот меѓу ткаенината и меѓупоставата. Јачината на спојот е испитувана по фиксирањето и по 5 циклуси на перење.

15. Golomeova, Saska and Jordeva, Sonja and **Zhezhova, Silvana** and Dimitrijeva, Vanga and Mojsov, Kiro and Andronikov, Darko (2022) The effect of fabric structure parameters on dimensional stability after domestic washing. Tekstilna Industrija, 70 (2). pp. 22-27. ISSN 0040-2389 https://eprints.ugd.edu.mk/29965/

Во овој труд е испитувано влијанието на параметрите на структурата на ткаенината врз димензионалната стабилност на 100% памучна ткаенина по пет циклуси на домашно перење. Десет памучни ткаенини со различни структурни параметри беа изложени на пет циклуси на домашно перење и беа исушени закачени во линија. Промените на димензиите на ткаенините беа мерени по секој циклус на перење и сушење, а потоа изразени како процент од почетните димензии. Експерименталните резултати покажаа дека собирање се јавува кај сите десет видови на ткаенини и собирањето е поголемо во правец на основата отколку во правец на јатокот. Со примена на статистичка анализа е идентификувана корелацијата помеѓу собирањето и структурните параметри на ткаенините. Резултатите покажаа дека собирањето на ткаенината е во линеарна корелација со типот на преплетка и факторот на покривање.

16. Jordeva, Sonja and Anusheva, Hristina and Golomeova, Saska and **Zhezhova, Silvana** and Dimitrijeva, Vanga and Mojsov, Kiro and Kertakova, Marija (2021) A cut marker for aircraft seat cover. Tekstilna industrija, 69 (2). pp. 40-47. ISSN 0040-2389 https://eprints.ugd.edu.mk/28318/

Во овој труд е направена анализа на изработката на кројни слики за навлака на авионско седиште и даден е опис на потребните материјали. Навлаката се изработува од повеќеслојни материјали, а трошокот на материјалот се пресметува врз основа на кројната слика.

**Научни трудови објавени во зборници на трудови на научни собири**

**17. Zhezhova, Silvana** and Jordeva, Sonja and Golomeova, Saska and Srebrenkoska, Vineta and Dimitrijeva-Kuzmanoska, Vanga (2022) Analysis of the situation with textile waste. In: Contemporary trends and innovations in the textile industry. https://eprints.ugd.edu.mk/31246/

Целта на овој труд е да се нагласи важноста на одржливите начини на управување со текстилниот отпад кои придонесуваат за намалување на количините на создаден отпад што неминовно ја наметнува потребата од подигање на еколошката свест на создавачите на отпад. Зголемување на производството и потрошувачката на текстилни производи доведува до зголемување на количината на создаден текстилен отпад. Се поголемата количина на текстилен отпад претставува значаен проблем, бидејќи годишно во Европа се создаваат од 2 до 15 килограми отпад по глава на жител. Најголеми производители на текстилен отпад во Европа се Белгија, Чешка, Португалија, Италија, Австрија и Холандија. Само 20% од облеката на глобално ниво се користи повторно или се рециклира. Останатите 80% од текстилниот отпад се депонира или согорува, што доведува до голема загуба на енергија и суровини.

**18. Zhezhova, Silvana** and Risteski, Sanja and Jordeva, Sonja and Srebrenkoska, Vineta (2022) Medical textiles, possibilites and chalenges. Zbornik radova Naučna konferencija SANUS 2022. https://eprints.ugd.edu.mk/30487/

Трудот ги прикажува можностите и предизвиците за примена на различните видови на текстилни структури во областа на медицинската и здравствената заштита. Текстилните структури кои се користат во оваа област вклучуваат преѓи, ткаенини, плетенини, неткаен текстил и текстилни композити, дизајнирани да ги задоволат специфичните барања во хирургијата, постоперативниот третман и третманот на рани и изгореници во стерилни услови. Иако текстилните материјали се широко прифатени за медицински и хируршки апликации, нови области на примена постојано се појавуваат. Пандемијата предизвикана од вирусот ковид-19 директно и индиректно влијаеше на пазарот за медицински текстил. Прогнозите се дека во наредниот период потрошувачката на медицински текстилот ќе продолжи да расте.

19. Golomeova, Saska and **Zhezhova, Silvana** and Jordeva, Sonja and Maksimov, Stefan and Andronikov, Darko and Mojsov, Kiro (2021) Effect of the pandemic on the clothing industry in the easthern region of R. N. Macedonia. In: Contemporary trends and innovations in textile industry, Belgrade, Serbia. https://eprints.ugd.edu.mk/28691/

Целта на овој труд беше да се направи првична проценка на влијанието на Ковид-пандемијата врз индустријата за облека. Овој труд дава анализа на статистичките податоци на индустрија за облека. Анализираните податоци ги вклучуваат бројот на вработени, количината на индустриското производство и промените во типот на производството. Податоците за изминатите 30 месеци беа анализирани и тие покажуваат дека Ковид-пандемијата значително се одрази врз работата на компаниите за производство на облека.

20. Jordeva, Sonja and Tomovska, Elena and **Zhezhova, Silvana** and Golomeova, Saska and Dimitrijeva, Vanga (2020) Textile waste management practices. Contemporary trends and innovations in the textile industry CT&ITI 2020. ISSN 677(082) / 687.1(082) https://eprints.ugd.edu.mk/26677/

Во трудот се анализирани праксите за менаџирање на текстилниот отпад. Во Република Северна Македонија се генерира значајна количина на отпад од процесот на кроење, што претставува вреден ресурс со задржани физичко-механички својства. Овој отпад не се сортира што претставува главна пречка за понатамошно процесирање.

21. Zlatkov, Ivan and **Zhezhova, Silvana** and Risteski, Sanja and Srebrenkoska, Vineta and Risteska, Svetlana (2019) Effect of weave of fabric and molding pressure on the mechanical properties of composite laminates. Contemporary trends and innovations in the textile industry. pp. 391-396. ISSN 978-86-900426-1-6 https://eprints.ugd.edu.mk/22228/

Целта на овој труд е да го истражи дизајнот на полимерни композитни плочи зајакнати со два различни вида на ткаенини. Препрезите за овие композити се произведени со техника на рачна импрегнација, а за производство на композитните плочи е користена технологија на компресионо пресување. Два главни фактори кои се земени предвид при дизајнирање на композитите се: типот на преплетка и притисокот на пресување. За целите на ова истражување, направени се четири конфигурации на тест примероци, за кои се испитани механичките својства, односно јачината на свиткување. Резултатите покажуваат дека типот на преплетка значително влијае врз механичките карактеристики на произведените примероци.

22. Dimova, Tanja and **Zhezhova, Silvana** and Srebrenkoska, Vineta and Risteski, Sanja and Risteska, Svetlana (2019) Hand lay-up vs machine impregnation of the textile structures. Contemporary trends and innovations in the textile industry. pp. 378-384. ISSN 978-86-900426-1-6 https://eprints.ugd.edu.mk/22227/

Во овој труд со примена на технологијата за рачно положување и импрегнација се произведени препрези со соодветни карактеристики кои дополнително се процесирани во композитни плочи со примена на технологија на компресионо пресување. Како зајакнувачка компонента во композитните материјали е користена ткаена стаклена ткаенина и епоксиден смолен систем како матрица. За сите произведени композитни плочи е направена анализа на содржината на составните конституенти и процентот на пори (%). Одредувањето на содржината на составните конституенти е значајно од аспект на моделирање на својствата (механички, физички, термички или електрични) на композитната структура. Процентот на пори во композитниот материјал може значително да влијае на некои од неговите механички својства.

**Трудови објавени во зборник на трудови на стручен собир**

23. **Zhezhova, Silvana** and Janevski, Aco and Jordeva, Sonja and Golomeova, Saska (2020) Важноста на текстилната индустрија за економијата на Република Северна Македонија. Годишен зборник, Економски факултет, 21. pp. 63-71. ISSN 1857-7628 https://eprints.ugd.edu.mk/27324/

Целта на овој труд е анализа на текстилната индустрија во Република Северна Македонија, како и анализа на влијанието на ковид пандемијата врз оваа индустриска гранка. Текстилната индустрија во Република Северна Македонија претставува една од водечките преработувачки индустрии со значителни резултати во формирањето на БДП, високото апсорбирање на работна сила и извозот. Во однос на регионалната поставеност, текстилната индустрија просторно ја покрива целата територија на Република Северна Македонија со значителна концентрација во источниот дел од земјава. Најголем дел од компаниите (преку 90 %) работат според лон системот на производство, додека само 10 % може да понудат целосен пакет на услуги.

24. Golomeova, Saska and Andronikov, Darko and **Zhezhova, Silvana** and Mojsov, Kiro (2020) Контрола на квалитет на производство во различен временски период. Годишен зборник, Економски факултет, 21. ISSN 1857-7628 https://eprints.ugd.edu.mk/27325/

Трудот го истражува влијанието на неработните денови, празници, викенди итн., врз работата на вработените кое резултира во производство на производи со различен квалитет. Контролата на квалитетот е направена во три различни временски периоди (декември, јануари и март), а контролиран е ист производ. За контрола на квалитетот се применети неколку методи и техники како: Чек листа, Парето дијаграм и Ишикава дијаграм. Резултатите од контролата покажуваат дека има разлики во квалитетот на производството во зависност од временскиот период, односно има разлики во квалитетот на работењето на вработените. Во секој од контролираните временски периоди, најмногу дефекти се забележани во првите денови од производството, а најголем процент на дефекти има во јануари.

**Рецензент на 2 книги:**

25. Рецензент на е-практикум „Менаџмент на конфекциско претпријатие" од Сашка Голомеова Лонгурова и Елизабета Митрева, Одлука број 2302-82/7 од 2.5.2023 г.

26. Рецензент на универзитетски учебник „Структура и дизајн на преѓи" од Емилија Тошиќ и Магдалена Пренџова, Одлука број 02-1401/1 од 14.9.2022 г.

**Завршна евалуација на наставно-педагошката и научноистражувачката дејност**

Рецензентската комисија констатира дека д-р Силвана Жежова е истражувач со резултати кои придонесуваат во областите на текстилни и технички влакна и текстилно механичко инженерство. Автор е на вкупно 74 научни и стручни трудови, коавтор на учебник и автор на скрипти и практикуми од соодветните области. Рецензент е на 2 книги. Во рамките на наставно-образовната дејност д-р Силвана Жежова била ангажирана за настава по повеќе предмети на прв и втор циклус на студии на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Била ментор на 6 и член на уште 28 комисии за одбрана на дипломски и завршни трудови.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Во тек на изборниот период кандидатката ги има реализирано следниве стручно-апликативни и организациско-развојни активности.

За потребите на Технолошко-технички факултет кандидатката д-р Силвана Жежова има издадено:

**Рецензиран учебник**

Кандидатката д-р Силвана Жежова е коавтор на е-учебник „Механичка текстилна технологија 1“ наменет за студентите на прв циклус студии на Технолошко-технички факултет:

27. Jordeva Sonja и **Zhezhova Silvana** (2022) Механичка текстилна технологија 1. Универзитет „Гоце Делчев“, Штип. ISBN 978-608-244-935-7 https://eprints.ugd.edu.mk/31144/

**Учество во научен проект**

Кандидатката има учество во следните проекти:

28. Risteski, Sanja and Longurova, Saska and **Zhezhova, Silvana** and Jordeva, Sonja (2023) „Крушево град на култура, традиција, историја 2023“ - Модна ревија: „Во светот на литературните класици”. https://eprints.ugd.edu.mk/32059/

29. Risteski, Sanja and Golomeova, Saska and **Zhezhova, Silvana** and Jordeva, Sonja (2023) „Мода меѓу редови-класици“ – проект одобрен и финансиран од Министерството за култура. https://eprints.ugd.edu.mk/32063/

30. Dimitrijeva-Kuzmanoska, Vanga and Srebrenkoska, Vineta and Despot, Katerina and Sandeva, Vaska and Efremov, Jordan and Golomeova, Saska and **Zhezhova, Silvana** and Jordeva, Sonja and Ristova, Elvira and Bojadziska, Slavica and Slavkova, Emilija and Gjorgjieva, lidija and Mirceska, Natasa and Angelinova-Dimitrova, Penka and Dimitrova Evtimova, Maria and Onteva, Maria and Badea, Corina and Hagi, Emil and Nanusevski Filipovic, Nadica and Janakieska, Danica and Golant, Natalia and Dimitrijeva-Mastev, Marina (2022) Preservation of local craft traditions at the international level and integrations into new tehnologies and process of recycling and apllications in modern and functional design. https://eprints.ugd.edu.mk/28812/

31. Golomeova, Saska and Jordeva, Sonja and **Zhezhova, Silvana** (2022) 4 Р (Редуцирај, рециклирај, реупотреби и пренамени).https://eprints.ugd.edu.mk/31106/

32. Kertakova, Marija and Golomeova, Saska and **Zhezhova, Silvana** and Koceva, Vesna (2021) Проект под иницијатива на Амбасадата на Република Италија во Република Северна Македонија по повод „Ден на италијанскиот дизајн во светот – 100 години од раѓањето на Отавио Мисони” – „Il Giorno del Design Italiano – 100 Anni dalla Nascita di Ottavio Missoni». https://eprints.ugd.edu.mk/28528/

**Кандидатката има учество во следните изложби и модни ревии:**

33. Risteski, Sanja and Golomeova, Saska and **Zhezhova, Silvana** and Jordeva, Sonja (2023) Изложба на дела инспирани од светските литературни класици. https://eprints.ugd.edu.mk/32064/

34. Risteski Sanja, Golomeova Saska, **Zhezhova Silvana**, Jordeva Sonja (2023) Годишната студентска изложба 2023. https://eprints.ugd.edu.mk/31823/

35. Risteski Sanja, Golomeova Saska, **Zhezhova, Silvana**, Jordeva Sonja (2023) Изложба на ТТФ, 16 години УГД - уметнички изложби и перформанси. https://eprints.ugd.edu.mk/31824/

36. Risteski Sanja, Golomeova Longurova Saska, **Zhezhova Silvana**, Jordeva Sonja (2022) There is no Planet B. (Изложба на уникатни производи од текстилен отпад). https://eprints.ugd.edu.mk/30529/

**37. Zhezhova Silvana** (2022) Изложба на модели. https://eprints.ugd.edu.mk/30733/

38. Dimitrijeva Vanga, Golomeova Saska, Jordeva Sonja, **Zhezhova Silvana**, Efremov Jordan (2022) Кирилицата, магичниот мост на уметноста. https://eprints.ugd.edu.mk/31104/

39. Dimitrijeva Vanga, Efremov Jordan, Jordeva Sonja, Golomeova Saska, **Zhezhova Silvana** and (2019) Меѓународни денови на модата – Во чест на св. Кирил и Методиј. https://eprints.ugd.edu.mk/22372/1/moda.pdf

**Студиски престои и обуки во текот на кариерата**

40. Во периодот од 9.5 до 13.5.2022 година учесник во програмата за мобилност на наставнички кадар во рамки на Erasmus +/ KA 1 програмата на Универзитетот „Неофит Рилски“ во Благоевград, Република Бугарија.

**Стручни награди и признанија**

Кандидатката д-р Силвана Жежова поседува сертификат/потврда за успешно реализирани обуки:

41. Risteski, Sanja and Golomeova, Saska and Jordeva, Sonja and **Zhezhova, Silvana** (2023) Recognition of social and ecological changes. Presentation of new ways in textile material procurement. Optimization of supply chains according to the "Green Button". In: Recognition of social and ecological changes. Presentation of new ways in textile material procurement. Optimization of supply chains according to the "Green Button", УГД - Штип**.** https://eprints.ugd.edu.mk/32065/

42. Golomeova Saska, Risteski Sanja, Jordeva Sonja, **Zhezhova, Silvana,** Bojadziska Slavica, (2022) Sustainability and CSR - Basic Knowledge. In: Workshop sustainable fashion - Weis consulting. https://eprints.ugd.edu.mk/31110/

43. Golomeova Saska, Risteski Sanja, Jordeva Sonja, **Zhezhova, Silvana** Bojadziska Slavica, Kertakova Marija (2022) New standards to implement the 17 Sustainable Development Goals. Innovative and practice- oriented qualification in the field Sustainable production - Weis Consulting Assoc. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/31239

44. Risteski Sanja, Golomeova Saska, Jordeva, Sonja, **Zhezhova Silvana** (2022) Од текстилен отпад доготов производ. In: Од текстилен отпад до готов производ, 1 Nov 2022, Stip. https://eprints.ugd.edu.mk/30448/

45. Сертификат за учество во настанот „International Fashion Days" (23.5-28.5.2022), Штип.

46. Сертификат за учество во активности организирани од Информативниот центар на Романија во Република Северна Македонија (30.11-4.12.2022).

***Членство во факултетски орган, комисија***

47. Претседател на Комисија за спроведување на тајно гласање за избор на членови на Факултетско студентско собрание на ТТФ. Одлука број 2303- 54/1 од 23.2.2023 г.

48. Член на Комисија за спроведување на тајно гласање за избор на продекан на ТТФ. Одлука број 2302- 88/4 од 19.9.2022 г.

49. Член на Комисија за спроведување на тајно гласање за избор на декан на ТТФ. Одлука број 2302- 68/5 од 13.6.2022 г.

50. Член на Комисија за спроведување на тајно гласање за избор на ректор. Одлука број 2302-66/10 од 18.5.2022 г.

51. Претседател на Комисија за спроведување на тајно гласање за избор на членови на Факултетско студентско собрание на ТТФ. Одлука број 2303-48/1 од 24.2.2022 г.

52. Претседател на Комисија за избор на стручен соработник-лаборант, Одлука број 2303-60/1 од 20.4.2021 г.

53. Претседател на Комисија за спроведување на тајно гласање за избор на членови на Факултетско студентско собрание на ТТФ. Одлука број 2303-43/1 од 24.2.2021 г.

54. Член на Работна група за изработка на елаборати за акредитација на студиски програми на прв циклус на студии, Одлука број 2302-39/10 од 4.2.2020 г.

55. Член на Дисциплинска комисија на Технолошко-технички факултет, Одлука број 2302-75/7 од 19.10.2020 г.

56. Член на Конкурсна комисија за прием на документи и електронска обработка на податоци за запишување на нови студенти во прва година на прв циклус на студии за учебната 2020/2021 г. на ТТФ, Одлука број 2302-53/3 од 24.6.2020 г.

57. Претседател на Комисија за спроведување на тајно гласање за избор на членови на Факултетско студентско собрание на ТТФ. Одлука број 2303-113/1 од 4.11.2019 г.

58. Член на Конкурсна комисија за прием на документи и електронска обработка на податоци за запишување на нови студенти во прва година на прв циклус студии за учебната 2019/2020 г. на ТТФ, Одлука број 2302-86/5 од 24.6.2019 г.

59. Член на Комисија за спроведување на тајно гласање за избор на декан на ТТФ. Одлука број 2302- 79/4 од 13.6.2019 г.

60. Член на Комисија за спроведување на тајно гласање за избор на ректор. Одлука број 2302-77/3 од 28.5.2019 г.

**Членство во научни мрежи, стручни платформи и бази на податоци:**

- UGDScholar (https://scholar.ugd.edu.mk/silvanazezova)
- AcademiaEdu (https://ugd.academia.edu/SilvanaZezova)
- ResearchGate (https://www.researchgate.net/profile/Silvana-Zhezhova)
- UGDAcademicRepository(http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Zhezhova=3ASilvana=3A=3A.html)

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Рецензентската комисија ја разгледа комплетната документација што ѐ беше доставена и констатира дека единствен пријавен кандидат е д-р Силвана Жежова.

Врз основа на приложените трудови, работната биографија, искуството во наставната и научноистражувачката работа стекнато за време на своето работење и целокупната активност која е поврзана со научната област текстилни и технички влакна и текстилно механичко инженерство, кандидатката д-р Силвана Жежова ги исполнува сите законски услови за избор во звање вонреден професор.

Кандидатката д-р Силвана Жежова покажува голема способност во наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност што се констатира од објавените научни трудови, учество на научни конференции и учество во научни проекти во земјава и во странство, а кои во квантифицирана форма се прикажани во табелите кои се составен дел на Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Врз основа на изложеното, Рецензентската комисијата со задоволство му препорачува на Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, да ја избере кандидатката **д-р Силвана Жежова во звањето вонреден професор за наставно-научните области текстилни и технички влакна и текстилно механичко инженерство.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
**Д-р Винета Сребренкоска, редовен професор**, претседател, с.р.
**Д-р Димко Димески, редовен професор**, член, с.р.
**Д-р Соња Јордева, вонреден професор**, член, с.р.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| 4 | Избор во звање доцент | 30 | | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |

| Р. бр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| 4 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори),<br>реф.1,2,3,4,5 (прв автор ≤ 5 автори)<br>реф.6,7,8, (втор автор ≤ 5 автори)<br>реф.9,10,11,12,13,14 (трет,.. автор≤ 5 автори)<br>реф.15, 16 (трет,...автор > 5 автори) | | | 5<br>3<br>6<br>2 | 9<br>6<br>3<br>2,1 | **45**<br>**18**<br>**18**<br>**4,2** |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир, реф. 17, 18, 19, 20, 21, 22 | | | 6 | 3 | **18** |
| 6 | Пленарно предавање на научен собир, музички настан на официјален концерт, учестви на ликовна изложба, реф. 33, 34, 35, 36, 37, 38, 39 | 7 | 3 | | | **21** |
| 23 | Студиски престој во странство, реф. 40 | | | | | **8** |
| 24 | Рецензент на научен труд<br>(СЦИ/ ЦА/ останати), реф. 25,26 | 2 | 1 | | | **2** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **134,2** |

| Р. бр. | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| 1 | Книга/учебник реф. 27 | 1 | 10 | | | **10** |
| 6 | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир 23, 24 | 2 | 2 | | | **4** |
| 13 | Учесник во научен проект, реф. 28, 29, 30, 31, 32 | 3 | 5 | | | **15** |
| 19 | Стручни награди и признанија, реф. 41, 42, 43, 45, 46 | 5 | 4 | | | **20** |
| 28 | Член на факултетски орган, комисија реф. 47, 48, 49, 50, 51, 52, 53, 54, 55, 56, 57, 58, 59, 60 | 14 | 2 | | | **28** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **77** |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **241,2** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ ДИГЕСТИВНА ХИРУРГИЈА (30306)**

Со Одлука бр. 2002-204/12 од 14.8.2023 година донесена на 306. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за Медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев» во Штип одржана на 14.8.2023 година, формирана е Комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент/насловен вонреден професор за наставно-научната област, дигестивна хирургија (30306) во следниот состав:

- проф. д-р Александар Караѓозов, редовен професор во пензија за наставно-научната област дигестивна хирургија – претседател;
- проф. д-р Александар Митевски, насловен вонреден професор за наставно-научната област дигестивна хирургија, вработен во Приватна општа болница „Ремедика“ – член;
- доц. д-р Илија Милев, доцент за наставно-научна област хирургија, вработен во Клиничка болница Штип и на Факултет за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев» – член.

Конкурсот за избор за наставник во сите звања беше објавен на 8.7.2023 година во весниците „Слободен печат“ и „Коха“, како и на веб-страницата на www.ugd.edu.mk и во предвидениот рок се пријави следниот кандидат:

1. д-р Шенол Тахир.

Врз основа на приложената документација, Комисијата констатира дека документите на кандидатот се навреме доставени во архивата на Медицински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип и чест ни е да на Наставно-научниот совет на Медицински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Биографски податоци**

Кандидатот д-р Шенол Тахир е роден на 2.1.1965 година во Струмица. Основно и средно образование завршува во Валандово. Дипломира на Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, Р. Македонија, во период од 1984 до 1990 година со среден успех (8.00) и се здоби со високо образование (VII/1) и стекна право на стручен назив доктор на медицина.

Работното искуство му започнува во 1990 година и осум години бил вработен како општ лекар во ЈЗУ Здравствен дом - Валандово, во 1998 г. ја започнува специјализацијата по гинекологија и акушерство, во 2000 година преминува на работа во ЈЗУ Универзитетска клиника по хируршки болести „Св. Наум Охридски“ - Скопје, со промена на специјализацијата во општа хирургија.

Во период од 2000 до 2003 година е специјализант по општа хирургија на Оддел за дигестивна хирургија во Универзитетска клиника по хируршки болести „Св. Наум Охридски“ - Скопје.

Во јуни 2003 година кандидатот го положува специјалистичкиот испит по општа хирургија.

Во период од 2003 до 2009 година работи како општ хирург на Оддел за општа и дигестивна хирургија во Универзитетска клиника по хируршки болести „Св. Наум Охридски“ - Скопје.

Во април 2012 година кандидатот го положува супспецијалистичкиот испит по дигестивна хирургија.

Постдипломски студии - магистратура од областа на базична и клиничка медицина завршува во 2014 година на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, Медицински факултет – Скопје, со одбрана на магистерскиот труд под наслов „Вредностите на Алварадо скорот, C-реактивниот протеин и ултрасонографијата како дијагностички фактори за индикација за апендектомија“, со што се стекнува со научно звање магистер на медицински науки.

Во септември 2018 година се запишува на докторски студии од областа на базична и клиничка медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје и на 18 октомври 2021 година ја одбранил докторската дисертација под наслов „Предиктивна вредност на скоринг системите при индикација за апендектомија“ и се стекнува со научно звање доктор на медицински науки-клиничка медицина од областа на хирургијата.

Во период од 2003 г. до денес работи како општ и дигестивен хирург во Универзитетска клиника по хируршки болести „Св. Наум Охридски“ - Скопје.

Научниот и професионалниот развој на кандидатот д-р Шенол Тахир продолжува во 2020 година на XXXI седница на Наставно-научниот совет на Медицински факултет - Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, избран е во соработничко звање асистент на Медицински факултет на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, по предметот Хирургија.

Во период од 2008 до 2023 година кандидатот како едукатор редовно се ангажира за практична настава и вежби според студиската програма Општа медицина, по предметите: Хирургија, Ургентна медицина, Клиничко испитување 1, Клиничко испитување 2 и според студиската програма тригодишни стручни студии за дипломиран физиотерапевт по предметот Хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, и се ангажира за изведување практична настава и вежби по предметот Општа хирургија на Стоматолошкиот факултет во Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“.

**Член е на повеќе здруженија и асоцијации, како во земјава така и во странство.**

Кандидатот има уверение за познавање на англискиот јазик издадено од Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, кој одговара на ниво Б2, според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR).

**Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент**

Кандидатот д-р Шенол Тахир ги исполнува општите и посебните законски услови за избор во наставно-научно звање и условите согласно со Законот за високо образование и тоа:

**Општи услови за избор во наставно - научно звање:**

Од приложената документација, Комисијата утврди дека просечниот успех на кандидатот д-р Шенол Тахир за прв циклус студии изнесува (8.00), просечен успех на кандидатот за втор циклус студии изнесува (9.62), додека просечен успех на интегрираните студиите од првиот циклус и вториот циклус изнесува (8.80).

Кандидатот д-р Шенол Тахир има стекнато научен степен доктор на науки од научната област за која се избира односно поседува научен степен доктор на медицински науки на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, на Факултетот за медицински науки на студиската програма Базични и клинички истражувања во медицината (Диплома сериски број 582, Уверение број 5321 од 18.10.2021 година).

Комисијата од приложената документација утврди дека кандидатот д-р Шенол Тахир има објавено повеќе од четири научни труда во референтна научна публикација, согласно со Законот за високо образование во последните пет години пред објавување на Конкурсот за избор од кои два научни труда во меѓународно научно списание со импакт фактор и седум научни труда во меѓународни научни списанија (Ebsco, Emerald, Scopus, Web of science, Journal Citation reports, SCImago, Journal Rank) без импакт фактор, односно во референтна научна публикација согласно со Законот за високо образование.

Научни трудови на кандидатот д-р Шенол Тахир објавени во меѓународно научно списание со импакт фактор, односно во референтна научна публикација согласно со Законот за високо образование во изборниот период од 5 (пет) години пред објавување на Конкурсот за избор се следните два научни труда:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Импакт фактор |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Andrej Nikolovski, Nimetula Limani, Ana lazarova **Shenol Tahir,** | "Onset of two complications in colon cancer: A Case report" | Journal of Medical Cases<br>ISSN-print: 1923-4155<br>ISSN-online: 1923-4163 \| Monthly Open Access<br>Aims and Scope<br>J Med Cases. 2021 Jun; 12(6) 248-250.<br>doi: 10.14740/jmc3684.<br>Epub 2021 Mar 24.<br>PMID: 34434466;<br>PMCID: PMC8383506. | Indexed and covered by: PubMed; PubMed Central; Scopus; Journal TOCs; Worldcat; Google Scholar; EBSCO.<br><br>Scorpus Cite Score (2022); 0,6 |

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Импакт фактор |
|---|---|---|---|---|
| 2. | **Tahir Shenol,** Jovanovska Frosina, Mustafova Alma, Ambardjieva Martina | "Right hepatic artery 'Caterpillar Hump' and short cystic artery in Laparoscopic cholecystectomy-A Case report" | Biomed J Sci & Tech Res.2023. DOI:10.26717/ BJSTR.2023.49.007845 ISSN: 2574-1241 NLM ID: 101723284 OC0C: 999826537 LCCN:201720254 (Impact Factor: 1,229) Indexing and abstracting: ROAD, Crossref, Scilit, Publons,OCLC WorldCat, WCOSJ, ICMJE, World of Journals,SciForum, SearchIt,RePEc, Zeitschriften Date Bank, Semanti Scholar, Cite Factor, Research Bib, Google Scholar, SCI-HUB. ORCID, BASE, | Scientific Indexing Services, International Scientific Indexing, Plag Scan, Index Copernicus, ResercherID, Scribd, DRJI,Cosmos, TDNet,Libraresof WashingtonState University |

Научни трудови на кандидатот д-р Шенол Тахир објавени во меѓународни научни списанија (Ebsco, Emerald, Scopus, Web of science, Journal Citation reports, SCImago, Journal Rank) без импакт фактор, односно во референтна научна публикација согласно со Законот за високо образование во изборниот период од пет години пред објавување на Конкурсот за избор се следните седум научни труда:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | МЕЃУНАРОДНО НАУЧНО СПИСАНИЕ (Ebsco, Emerald, Scopus, Web of science, Journal Citation reports, SCImago, Journal Rank) | Година на излегување на списанието, публикацијата |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Shenol Tahir,** Nikolovski A, Ambardjieva M, Markov P, Mladenovik D, Selim G, Zafirova-Ivanovska B, Janevski V. | "Predictive value of Alvarado, Acute inflammatory response, Tzanakis and RIPASA scores in the diagnosis of Acute appendicitis" | Lietuvos Chirurgia ISSN 1392-0995 eISSN 1648-9942 LS [Internet]. 2020 Dec.29 [cited 2022 Mar.21]; 19 (3-4): 109-1. Available from: https://www.journals.vu.lt/lietuvos-chirurgija/article/view/22115 | Indexed in: BASE, Cabell's directories of Academic Journals, EBSCO (Academic Search Complete), CNKI, CORE, Dimensions, DOAJ Seal, Google Scholar (h5-index 2; g5-index 4), HEAL link (Hellenic Academic Libraries Link), Index Copernicus, JournalTOCs, Lituanistika, QOAM, Redalyc, ROAD, ScienceGate, ScienceOpen, Scilit Start year: 1993 |

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | МЕЃУНАРОДНО НАУЧНО СПИСАНИЕ (Ebsco, Emerald, Scopus, Web of science, Journal Citation reports, SCImago, Journal Rank) | Година на излегување на списанието, публикацијата |
|---|---|---|---|---|
| 2. | Nikolovski A, **Shenol Tahir,** Mladenovikj D. | "Complications after laparoscopic appendectomy for complicated appendicitis" | Lietuvos Chirurgia ISSN 1392-0995 eISSN 1648-9942<br><br>Content type: Academic/Scholary LS [Internet]. 2020 Jun.10<br><br>[cited 2021Jul.2]; 19 (1-2): 34-1. Available from: https://www.journals.vu.lt/lietuvos-chirurgija/article/view/1836 | Indexed in: BASE, Cabell's directories of Academic Journals, EBSCO (Academic Search Complete), CNKI, CORE, Dimensions, DOAJ Seal, Google Scholar (h5-index 2; g5-index 4), HEAL link (Hellenic Academic Libraries Link), Index Copernicus, JournalTOCs, Lituanistika, QOAM, Redalyc, ROAD, ScienceGate, ScienceOpen, Scilit<br>Start year: 1993 |
| 3. | **Shenol Tahir,** G. Selim, V. Janevski, A. Nikolovski, P. Markov, M.Ambardjieva, D. Mladenovik | "Correlation of scoring systems with histopayhological findings and their importance in reducing of unnecessary appendectomie" | Macedonian Medical Perview<br><br>ISSN 0025-1097<br><br>MMP, 2019;<br><br>73 (3):157-163 | The first number of Journal of the Macedonian Medical Association (MMP)<br><br>was published in 1946 |
| 4. | Nikolovski A, Stavridis G, Fildisevski I, Pavlovska I, Antovik S, Cvetanovska-Ilievski B, Krsteva A, Dimitrovski D, Elezi B, Saliu V, **Shenol Tahir,** Arsenkov S, Mladenovik D | "Rising trend of using laparoscopy in the treatment of complicated appendicitis in our institution during January 2017-May 2019" | Macedonian Medical Perview<br><br>ISSN 0025-1097<br><br>MMP, 2019;<br><br>73 (1): 38-41. | The first number of Journal of the Macedonian Medical Association (MMP)<br><br>was published in 1946 |

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | МЕЃУНАРОДНО НАУЧНО СПИСАНИЕ (Ebsco, Emerald, Scopus, Web of science, Journal Citation reports, SCImago, Journal Rank) | Година на излегување на списанието, публикацијата |
|---|---|---|---|---|
| 5. | Ana Kocevska, Emil Bajalski, Dimitar Georgiev, Bashkim Ismaili, Kristina Skeparovska, **Shenol Tahir,** Aleksandar Nakov | "A rare case of serous carcinoma of the uterine corpus that arises in polyp" | Academic Journal Journal of Morphological Sciences<br><br>ISSN 2545-4706<br><br>JMS 2022;<br>5(1): 44-48 | Journal of the Macedonian Association of Anatomists, |
| 6. | Dimitar Georgiev, Bashkim Ismaili, **Shenol Tahir,** Ana Kocevska, Kristina Skeparovska. | "Case of cornual ectopic pregnancy successfully treated by laparoscop" | Academic Journal Journal of Morphological Sciences<br><br>ISSN 2545-4706<br><br>JMS 2022;<br><br>5(1): 39-43. | Journal of the Macedonian Association of Anatomists,<br><br>National, International: Macedonian association of anatomists is a member of IFAA (International Federation of the Associations of Anatomists)<br>https://mld.mk/maa/ |
| 7. | Ana Kocevska, Dimche Zafirov, Gordana Petrushevska, Bashkim Ismaili, Kristina Skeparovska, Dimitar Georgiev, **Shenol Tahir,** Tosho Plasheski | "Endometrial pathological changes in perimenopause and postmenopause - association with some anamnestic and ultrasonographic parameters" | Academic Journal Journal of Morphological Sciences<br><br>ISSN 2545-4706<br><br>JMS 2022;<br>5(1): 28-38 | Journal of the Macedonian Association of Anatomists,<br><br>National, International: Macedonian association of anatomists is a member of IFAA (International Federation of the Associations of Anatomists)<br><br>https://mld.mk/maa/ |

Кандидатот д-р Шенол Тахир поседува потврда за познавање на еден странски јазик издадена од овластена институција регистрирана за странски јазици, односно издадена од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ - Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ и покажал дека познавањето на англискиот јазик одговара на ниво Б2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR). (Уверение број 03-383/2 од 21.2.2023 година).

Кандидатот д-р Шенол Тахир поседува способност за изведување на високообразовна дејност која се согледува преку неговиот избор за соработник асистент на Медицинскиот факултет на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, по предметот Хирургија (Одлука број 02-5236/95 од 30.12.2020 година и Одлука бр. 02-2860/18 од 20.6.2023 година).

⇨ на Медицинскиот факултет во Скопје на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, кандидатот д-р Шенол Тахир е ангажиран во изведување на вежби по предметите: Хирургија, Ургентна медицина, Хирургија клиничка пракса абдомен, Клиничко испитување 1 и Клиничко испитување 2;

⇨ на Стоматолошкиот факултет во Скопје на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ кандидатот д-р Шенол Тахир е ангажиран во изведување на вежби по предметите: Општа хирургија и Дигестивна хирургија;

⇨ на Медицинскиот факултет во Скопје и на Стоматолошкиот факултет во Скопје кандидатот д-р Шенол Тахир е ангажиран како едукатор на специјализанти во изведување на вежби по Хирургија, Урологија, Гинекологија и акушерство и Стоматологија.

**Посебни услови за избор во наставно-научно звање**

Постигнувања во примена на истражувачките резултати на кандидатот д-р Шенол Тахир се согледува преку учество во проектот на Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување во својство на член и координатор - „Плаќање по учинок на лекарите и останатиот медицински персонал“, во пет болници во државата. По завршување на проектот учествува во изготвување на правилник со препораки за подобрување на давањето на здравствените услуги со користење на наведениот проект.

Кандидатот д-р Шенол Тахир има добиено три препораки од еминентни професори за неговата професионална кариера и тоа: препорака од проф. д-р Слободан Ристовски, препорака од проф. д-р Владо Столевски и препорака од проф. д-р Антонио Глигориевски.

Кандидатот д-р Шенол Тахир е биран во соработничко звање асистент на Медицински факултет - Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, во 2020 година и во 2023 година, и има повеќе од пет години работно искуство во Универзитетска Клиника по хируршки болести „Св. Наум Охридски“ - Скопје и тоа:

⇨ избор во соработничко звање асистент, донесена на ННС на Медицински факултет - Скопје на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ (Одлука број 02-5236/95 од 30.12.2020 година и Одлука бр.02-2860/18 од 20.6.2023 година);

⇨ диплома за завршена магистратура, магистер на медицински науки, (Диплома број 445 од 28.9.2020 година);

⇨ стекнато научен степен доктор на медицински науки – Клиничка медицина од областа на хирургијата на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, Медицински науки, Факултет за медицински науки на студиската програма Базични и клинички истражувања во медицината (Диплома број 582 од 6.4.2023 година);

⇨ работно искуство од 1990 до 1999 година во ЈЗУ Здравствен дом - Валандово;

⇨ работно искуство од 2000 до 2023 година во Универзитетска клиника по хируршки болести „Св. Наум Охридски“ - Скопје.

## I. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Наставно-образовната дејност на д-р Шенол Тахир на Медицински факултет -Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, хронолошки се согледува преку неговиот избор:

[1] избор во соработничко звање асистент по предметот Хирургија (Одлука број 02-5236/95 од 30.12.2020 година);

[2] избор во соработничко звање асистент по предметот Хирургија (Одлука бр.02-2860/18 од 20.6.2023 година).

Наставно-образовната дејност на д-р Шенол Тахир се темели на одговорно, стручно, квалитетно и креативно организирање и изведување на вежбите по предметите: Хирургија, Ургентна медицина, Клиничко испитување 1 и 2 со студентите на додипломски студии на Медицински факултет - Скопје и Општа хирургија со студентите на додипломски студии на Стоматолошки факултет - Скопје на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје.

Наставно-образовната дејност на д-р Шенол Тахир се согледува преку реализација на вежбите на прв циклус студии со студентите од додипломски студии на Медицински факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје:

⇨ Вежби по предметот Хирургија, код: МЕД-421, студиска програма: Општа медицина, Академска година/семестар: четврта година, VII семестар, петта година, IX семестар;

⇨ Вежби по предметот: Ургентна медицина, код: МЕД-514, студиска програма: Општа медицина, Академска година/семестар: петта година, IX семестар;

⇨ Вежби по предметот: Хирургија - Клиничка пракса абдомен; код: М-621; студиска програма: Општа медицина Академска година/семестар, шеста година, XI семестар и XII семестар;

⇨ Вежби по предметот: Клиничко испитување 1 и 2, код: ОМ - 314, студиска програма: Општа медицина, Студиска година/семестар: трета година, V семестар и VI семестар;

⇨ Вежби по предметот: Хирургија, код: ДФ-225, студиска програма: тригодишни стручни студии за дипломиран физиотерапевт, академска година/ семестар: втора година, IV семестар.

Наставно-образовната дејност на д-р Шенол Тахир се согледува преку реализација на вежбите на прв циклус студии со студентите од додипломски студии на Стоматолошки факултет - Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“:

⇨ Вежби по предметот: Општа хирургија, код: 3208, студиска програма Фармација, семестар: трета година, VI семестар.

Од погоре споменатото кандидатот д-р Шенол Тахир има остварено успешна наставно-педагошка и наставно-образовна дејност која ја има изразено преку реализацијата на вежбите по горенаведените предмети на додипломски студии на Медицински факултет и на Стоматалошкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“.

**II. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ И СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНАТА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ**

Преглед на научноистражувачката дејност и стручно-уметнички и стручно-апликативната дејност и организациско-развојна дејност, според член 10 од Правилникот за посебните услови и постапка за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, активностите на д-р Шенол Тахир за периодот од 2018 година до 2023 година, односно во последните пет години пред објавување на Конкурсот за избор се согледува преку следните реализирани активности.

**3. Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор, втор автор, останати автори)**

[3] Authors: Andrej Nikolovski, Nimetula Limani, Ana Lazarova, Shenol Tahir.
Title: "Onset of Two Complications in Colon Cancer: A Case Report",
Impact Factor: Monthly, Open Access I Aims and Scope, Indexed and covered by: PubMed; PubMed Central; Scopus; JournalTOCs; Worldcat; Google Scholar; EBSCO.
Scorpus CiteScore: 0,6 импакт фактор за 2022 година;
Publication date: 2021 Jun;
Journal: Journal of Medical Cases (J Med Cases);
Volume: 12;
Issue: 6;
Pages: 248-250;
ISSN-print: 1923-4155;
ISSN-online: 1923-4163;
Description: Во трудот се дава приказ на случај на поретката појава на синхрона компликација кај малигната колонска опструкција. Како една од почестите малигни заболувања кај светската популација колоректалниот карцином често пати се презентира со своите компликации (перфорација, опструкција и крвавење) со инциденца од 2,5-50%, додека синхрона појава на две компликации е многу поретка и во литературата е спомената во ретки прикази на случаи. Во нашиот приказ на случај пациентка со опструктивна малигна перфорација на колон десценденс со присуство на ретроперитонеален и лумбален апсцес. Пациентката оперирана по Хартманова процедура. Испишана од болница 10-тиот ден по операцијата. Заклучокот е дека раната дијагноза на колоректалниот карцином го намалува процентот на можните единечни и синхрони компликации.

[4] Authors: Shenol Tahir, Jovanovska Frosina, Mustafova Alma, Ambardjieva Martina.
Title: "Right Hepatic Artery 'Caterpillar Hump' and Short Cystic Artery in Laparoscopic Cholecystectomy- A Case Report",
Impact Factor: (Impact Factor: 1,229)
Indexing and abstracting: ROAD, Crossref, Scilit, Publons, OCLC WorldCat, WCOSJ, ICMJE, World of Journals, SciForum, SearchIt, RePEc, Zeitschriften DateBank, Semanti Scholar, CiteFactor, ResearchBib, Google Scholar, SCI-HUB. ORCID, BASE, Scientific Indexing Services, International Scientific Indexing, Plag Scan, Index Copernicus, ResercherID, Scribd, DRJI, Cosmos, TDNet, Librares of Washington State University

DOI: 10.26717/BJSTR.2023.49.007845
Publication date: 2023;
Journal: Biomedical Journal of Scientific &Technical Research, (Biomed J Sci & Tech Res);
Volume 49;
Issue: 4;
Pages: 40946-40947;
ISSN: 2574-1241;
NLM ID: 101723284;
OC0C: 999826537;
LCCN: 2017202541.

Description: Во трудот е прикажан случај на една од можните анатомски варијации на структурите на Калотовиот триаголник при акутна холелитијаза оперативно третирана лапароскопски. Примената на соодветна оперативна техника, а особено користењето на т.н. „безбеден критичен видик" овозможува намалување на процентот на несакани - случајни повреди на васкуларно-билијарните структури во оваа регија. Интраоперативниот наод за акутен холецистит со ангажираност на оментум мајус, гастер и колон трансверум, без соодветна визуелизација на структурите на Калотовиот триаголник, пратен со адхезиолиза и техниката на испразнување на содржината но жолчното ќесе (жолчна течност, билијарни конкременти), а потоа со соодветно препарирање и приказ на анатомските структури визуелизирана е варијација на тортуозна како гасеница десна хепатална артерија со кратко стебло на артерија цистика, следено со соодветно клипсирање на структурите без оперативен несакан инцидент. Заклучокот е дека кај секоја холецистектомија потребна е соодветна визуелизација на анатомските структури на Калотовиот триаголник и безбедно лигирање близу до жолчното ќесе со што се избегнува повреди на десната хепатична артерија и непотребни хеморагии.

4. Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори)

[5] Authors: <u>Shenol Tahir,</u> Nikolovski A, Ambardjieva M, Markov P, Mladenovik D, Selim G, Zafirova-Ivanovska B, Janevski V.

Title: "Predictive Value of Alvarado, Acute Inflammatory Response, Tzanakis and RIPASA Scores in the Diagnosis of Acute Appendicitis",

Publication date: 2020 Dec;
Journal: Lietuvos chirurgija (LS) (Eng.Lithuanian surgery);
Volume: 19;
Issue: 3-4;
Pages: 109-119;
ISSN : 1392–0995;
eISSN: 1648–9942

Description: Целта на овој труд е да се испита предиктивната вредност на четири скоринг системи (Алварадо, Апендицитис инфламаторен одговор-АИО, Тзанакис и РИПАСА) при раната дијагноза на акутен апендицитис при индикација за апендектомија. Резултатите покажаа дека најдобри резултати при поединечна употреба има кај РИПАСА скорот, а најлоши кај АИО скорот. Додека комбинирана

употреба на два скора дава многу подобри а комбинирана употреба на три скора дава најдобри резултати. Заклучокот е дека скоринг системите се корисни алатки во раната дијагноза на акутниот апендицитис, истите треба да бидат користени како дополнување заедно со другите диференцијално дијагностички постапки.

[6] Authors: Shenol Tahir, G. Selim, V. Janevski, A. Nikolovski, P. Markov, M.Ambardjieva, D. Mladenovik

Title: "Correlation of scoring systems with histopayhological findings and their importance in reducing of unnecessary appendectomies",

Publication date: 2019;
Journal: Journal of the Macedonian Medical Association;
Volume: 73;
Issue: 3;
Pages: 157 – 163;

Description: Целта на овој труд е да се утврди влијанието на скоринг ситемите во раната дијагноза на акутниот апендицитис, споредено со хистопатолошкиот наод и нивната евентуална корисност во намалувањето на непотребните апендектомии. Резултатите во трудот покажаа дека со користење на скоринг ситемите процентот на непотребни апендектомии се движи под 10%, за разлика од над 17% кога истите не се користат. Заклучокот е дека скоринг ситемите се корисни дополнителни алатки во раната дијагноза на акутниот апендицитис и како такви придонесуваат во намалување на процентот на непотребни апендектомии.

[7] Authors: Nikolovski A, Shenol Tahir, Mladenovikj D.

Title: "Complications after Laparoscopic Appendectomy for Complicated Appendicitis",

Publication date: 2020 Jun
Journal: Lietuvos chirurgija (LS) (Eng.Lithuanian surgery)
Volume: 19;
Issue: 1-2;
Pages: 34-1.

Description: Целта на овој труд е да се увиди колкав е процентот и дали има сигнификантна разлика во компликациите при лапароскопската апендектомија наспрема класичната-отворена апендектомија. Резултатите покажаа дека кај лапароскопски апендектомии лесно е покачен процентот на интраабдоминална инфламација – апсцеси, но без сигнификантна значајност. Заклучокот е дека лапараскопската апендектомија кај комплициран апендицитис е безбедна и препорачана оперативна метода, но истата треба да ја применуваат доволно искусни и истренирани лапароскопски хирурзи.

[8] Authors: Nikolovski A, Stavridis G, Fildisevski I, Pavlovska I, Antovik S, Cvetanovska- Ilievski B, Krsteva A, Dimitrovski D, Elezi B, Saliu V, Shenol Tahir, Arsenkov S, Mladenovik D.

Title: "Rising trend of using laparoscopy in the treatment of complicated appendicitis in our institution during January 2017- May 2019",

Publication date: 2019;
Journal: Journal of the Macedonian Medical Association (MMP);
Volume: 73;
Issue: 1;

Pages: 38 - 41;
ISSN 0025-1097

Description: Целта на овој труд е да го истражи трендот на користење на лапароскопската апендектомија кај комплицирани акутни апендицитиси. Резултатите покажуваат дека во период од три години процентот на лапароскопски апендектомии кај комплициран акутен апендицитис беше во постојан пораст. Заклучок е дека со постојано подобрување на лапароскопскиот инструментариум и со постојано доедуцирање на лапароскопските хирурзи процентуално расте и бројот на лапароскопски апендектомии кај комплициран акутен апендицитис. Со препорака дека истата секогаш треба да биде изведена од искусен и добро обучен лапароскопски хируршки тим.

[9] Authors: Ana Kocevska, Emil Bajalski, Dimitar Georgiev, Bashkim Ismaili, Kristina Skeparovska, Shenol Tahir, Aleksandar Nakov.

Title: "A rare case of serous carcinoma of the uterine corpus that arises in polyp",
Publication date: 2022;
Journal: Journal of Morphological Sciences (JMS);
Volume: 5;
Issue: 1;
Pages: 44 – 48;
ISSN : 2545-4706

Description: Овој труд е приказ на случај на 72-годишна пациентка со утерино крвавење. Ултрасонографски наод со лесно задебелен ендометриум. Експлоративна киретажа со хистопатолошки наод за ендометријален аденокарцином кој потекнува од полип на ендометриум.

Заклучок: Ендометријалните полипи се најчесто бенигни, но во постменопаузалниот период нивниот малиген потенцијал е изразено повисок (2,3%), затоа раното откривање и навремено лекување е од круцијална важност.

[10] Authors: Dimitar Georgiev, Bashkim Ismaili, Shenol Tahir, Ana Kocevska, Kristina Skeparovska.

Title: "A case of corneal ectopic pregnancy successfully treated by laparoscopy"
Publication date: 2022;
Journal: Journal of Morphological Sciences (JMS);
Volume: 5;
Issue: 1;
Pages: 39 – 43;
ISSN 2545-4706

Description: Овој труд е приказ на случај на ретка корнуална (само 2-3 % од сите ектопични бремености) неперфорирана ектопична бременост. Пациентка на 40-годишна возраст во седмата недела на аменореја. Дијагностицирана ултрасонографски, а оперирана лапароскопски, со корнуектомија и саплингектомија од истата страна.

Заклучок: корнуалната ектопична бременост може успешно да се дијагностицира со ултрасонографија (3-Д) и hCG- тестирање.

[11] Authors: Ana Kocevska, Dimche Zafirov, Gordana Petrushevska, Bashkim Ismaili, Kristina Skeparovska, Dimitar Georgiev, Shenol Tahir, Tosho Plasheski.

Title: "Endometrial pathological changes in perimenopause and postmenopause–association with some anamnestic and ultrasonopgraphic parameters"

Publication date: 2022;
Journal: Journal of Morphological Sciences (JMS);
Volume: 5;
Issue: 1;
Pages: 28 – 38;
ISSN 2545-4706

Description: Во трудот се презентира атипичната ендометријална хиперплазија како пренеопластична состојба која предизвикува ендометријален аденокарцином. Постменопаузалното крвавење е ненормална состојба и како таква треба да се испита. Резултати: кај 120 пациентки кај 30% најдени функционални, а кај 70% органски нарушувања. Најчеста причина беше ендометријалниот полип (45% пациентки). Просечна дебелина на ендометријален ѕид беше 7,9 мм.

Заклучок: Ендометријалниот аденокарцином е присутен кај 3% перименопаузални и 5% постменопаузални пациентки. Перименопаузалните пациентки имаат сигнификантно подолготрајно ендометријално крвавење.

**9. Учество на научен собир со реферат (постер/усно) концерт во земјава и во странство**

[12] Authors: A. Kocevska, E. Bajalski, B. Ismaili, D. Georgiev, K. Skeparovska, Shenol Tahir, A. Nakov

Title: "A case report of serous carcinoma of the uterine corpus".
Presentation: POSTER;
Publication date: Abstract book, 16-18.09.2022, London, UK;
Organizer: "The International Society of Ultrasound in Obstetrics and Gynecology";
Event: 32-nd World Congress on Ultrasound in Obstetrics and Gynecology, 16–18 September 2022, London, UK & Virtual

Description: Во 2020 година во земјава беа откриени нови 369 случаи на карцином на телото на матката, односно 10,9% од сите новооткриени малигни тумори. Ендометријалните полипи се чести, со преваленца од 16-34%. Трудот е приказ на случај на пациентка на 72 години со серозен ендометријален канцер кој потекнува од ендометријален полип. Пациентка 20 години во менопауза се јавува заради утерино крвавење. Ултрасонографија и ексллоративна киретажа со хистопатолошки наод ја потврдија дијагнозата. Тотална хистеректомија со патохистолошки наод за pT2 без околна лимфна и васкуларна инвазија.

Заклучок: Навремени дијагностички постапки се потребни за рано откривање и лекување на овој вид на малигнитети.

[13] Authors: A. Kocevska, B. Ismaili, K. Skeparovska, D. Georgiev, Shenol Tahir, A. Nakov

Title: "A case report of fetal spinal meningomyelocella".
Presentation: POSTER;
Publication date: Abstract book, 16-18.09.2022, London, UK;

Organizer: "The International Society of Ultrasound in Obstetrics and Gynecology"

Event: 32-nd World Congress on Ultrasound in Obstetrics and Gynecology, 16–18 September 2022, London, UK & Virtual

Description: Дефекти на неуралната туба се конгенитални малформации на ЦНС, заради неправилно затворање на неуралната туба во третата и четртата недела од интраутериниот раст, кој презентира со дефекти на ѐрбетен столб, спинален канал и други делови на ЦНС. Трудот е приказ на 25-годишна трудница во 17 гестациска недела со ултрасонографски знаци за спина бифида, со присутна лумбосакрална менингомиелоцела. Пациентката е пратена на индукција за прекин на бременоста. Аутопсијата потврди постоење на спина бифида. Заклучок: раните откривања на аномалиите се од особено значење за навремено прекинување на бременоста.

[14] Authors: A. Kocevska, B. Ismaili, K. Skeparovska, D. Georgiev, M. Risteski, Shenol Tahir.

Title: "Ultrasound assessment of endometrial thickness in women with endometrial bleeding".

Presentation: POSTER;

Publication date: Abstract book, 16-18.09.2022, London, UK.

Organizer: "The International Society of Ultrasound in Obstetrics and Gynecology"

Event: 32-nd World Congress on Ultrasound in Obstetrics and Gynecology, 16–18 September 2022, London, UK & Virtual

Description: Во постменопаузалниот период не би требало да има крвавење. Кај 90% од ендометријалните канцери има утерино крвавење, но кај постменопаузалното крвавење само кај 9% случаи се јавува ендометријален канцер. Трудот опфаќа 120 испитаници за утврдување на дебелината на ендометриумот кај перименопаузални и постменопаузални утерини крвавења. Кај сите испитаници е направена ултрасонографија и експлоративна киретажа. Резултати: Ендометријален аденокарцином беше присутен кај 3% перименопаузални и 5% постменопаузални пациентки.

Заклучок: Фракционирана експлоративна киретажа е ефикасен метод за навремена и ефективна дијагноза на патолошките промени.

[15] Authors: Shenol Tahir, Jovanovska F, Mustafova A, Ambardjieva M, Markov P, Kocevska A.

Title: "Left- sided Malignant Colonic Obstructions Treated With Total Colectomy with Ileo-Recto Anastomosis - Our Experiences".

Presentation: POSTER;

Publication date: Abstracts book, ISUCRS 2022, Istanbul, Turkiye;

Organizer: International Society of University Colon and Rectal Surgeons

Event: ISUCRS 2022, Istanbul, Turkiye;

Description: Во трудот е презентирана лева малигна колон опструкција со компетентна валвула Баухини. Можни третмани се ресекција со темпорерна илеостомија или тотална колектомија со илеоректална анастомоза (рачна или стаплерска). Резултати: Кај 58 пациенти применета тотална колон ресекција

со илео ректална анастомоза. Кај 4 пациенти имаше дехисценција со креирање на илеостома. Кај еден пациент настапи егзитус постоперативно заради кардиореспираторна слабост. Заклучок: Тотална колектомија со илеоректална анастомоза како еднostепена операција има предности наспрема двостепената операција со привремена илеостомија.

[16] Authors: Markov P, Jovanovska F, Mustafova A, Ambardjieva M, Kocevska A, Shenol Tahir

Title: "Synchronous tumors: caecal adenocarcinoma and pleomorphic rhabdomyosarcoma of abdominal wall - Is the resection/excision enough? - Case report".

Presentation: POSTER;

Publication date: Abstracts book, ISUCRS 2022, Istanbul, Turkiye;

Organizer: International Society of University Colon and Rectal Surgeons

Event: ISUCRS 2022, Istanbul, Turkiye

Description: Трудот е приказ на случај на 70-годишна пациентка, хоспитализирана заради акутна колон опструкција. На направен КТ на абдомен верификуван тумор на цекум со компетентна валвула Баухини и тумор на лев предно-долен абдоминален ѕид. Оперирана: десна хемиколектомија и екстирпација на туморот на лев абдоминален ѕид. Патохистолошки наод за синхрон аденокарцином на десен колон и рабдомиосарком на лев ректус абдоминис. Дали се доволни ресекциите? Постоперативно продолжен онколошки третман. Рецидив на рабдомиосаркомот на 1, 2, 4 години со ре-операции. Заклучок: Синхроните тумори иако ретко може да бидат присутни, потребен е соодветен хируршки и онколошки третман.

[17] Authors: Shenol Tahir, Jovanovska Frosina, Mustafova Alma, Bundovska Marija, Panik Katarina, Ambardjieva Martina, Markov Petar.

Title: Laparoscopic management of hydatid disease of the liver in 8 year old patient – a case report;

Presentation: POSTER;

Publication date: Abstracts book, E-Poster UEHS Belgrade 2023;

Organizer: Udruzenje Endoskopskih Hirurga Srbije;

Event: UEHS Belgrade 2023

Description: Приказ на случај на лапароскопски хируршки третман на Ехинококова болест на црн дроб кај осумгодишна пациентка. Со примена на три порта од кои едната 10 мм–камера порт супраумбиликално и два 5 мм порта на билатерални медиоахиларни линии периумбиликално се влегува во абдоминална шуплина со инсуфлација на $CO_2$. Се евакуира цистичната содржина, а потоа во шуплината се инфилтрира 20% NaCl (стои 10 минути). Потоа во ендобег се испразнуваат цистите ќерки. Се поставува дрен. Со тоа се завршува оперативната интервенција. Време на операција околу 50 минути.

Заклучок: Лапароскопски третман на ехинококоза на црн дроб е можна како кај возрасни така и кај деца, доколку локацијата одговара за соодветен пристап, истата треба да ја изведува добро истрениран лапароскопски хируршки тим.

[18] Authors: <u>Shenol Tahir,</u> Jovanovska F, Mustafova A, Markov, P, Panik K, Popovska B, Ambardjieva M, Bundevska M.

Title: "Primary Resection Anastomosis or Hartmann procedure in Acute Malignant Colonic Obstructions".

Presentation: POSTER;

Publication date: Abstracts book, E-Poster IASGO Belgrade, 2023;

Organizer: "International Association of Surgeons, Gastroenterologists, and Oncologists";

Event: IASGO Belgrade 2023

Description: Трудот е конципиран за да се направи споредба помеѓу примарната колон ресекција и анастомоза, со Хартман процедурата кај малигнитети на колон и ректум. Резултати: од вкупно 456 пациенти малигната опструкција кај 24% биле десен, 48% лев, 13% трансверзален колон и 15% ректум. Кај 66% од пациентите била направена ресекција со примарна анастомоза. а кај останатите Хартманова процедура. Немаше сигнификантни разлики во компликациите кај двете групи. Заклучок: Предлагаме дека кај добро селектирани пациенти примарната ресекција со анастомоза, кај добро истрениран хируршки тим е добра алтернатива на Хартмановата процедура.

[19] Authors: <u>Shenol Tahir,</u> Kovachevski s, Goshev G, Pachoov N, Markov P, Ambardjieva M, Mustafova, A, Mladenovik D.

Title: Treatment of reccurent incisional lumbar hernia- a case report.

Presentation: ORAL;

Publication date: IMCA Tirana 2020;

Organizer: Albanian Medical Education Association & American Hospital

Event: International Multidisciplinary Medical Congress in Albania- IMCA Tirana 2020

Description: Рецидивните лумбарни хернии најчесто настануваат заради претходни операции на ретроперитонеумот (Бенигни состојби или малигноми на бубрег или липосаркоми). Трудот е приказ на случај на 66-годишна пациентка со претходна операција заради малигном на бубрег и две операции на лумбална хернија, првата со сутурна техника, а втората со онлајн пласирање на полипропилен меш. Заради големината на дефектот се пласираше 20x30 см со соодветно поставување: долу фиксирање на криста илиака, латерално на лумбална мускулатура, а горе со висечки рабови на 10-то ребро, медијално на здравиот мускулно-апоневротичен раб и на претходниот меш. Пациентката седмиот ден е испишана од болница. Контроли до шест месеци уредни.

Заклучок: Полипропиленска голема мрежа може успешно да се користи во решавање на големи лумбални хернии со соодветно пласирање и фиксирање на мешот.

[20] Authors: <u>Shenol Tahir,</u> Selim G, Janevski V, Nikolovski A, Ambardjieva M, Markov P, Mladenovik D.

Title: "Significance of inflammatory markers and ultrasound findings as a part of the Appendicitis Inflammatory Response and Tzanakis Score in improving the Diagnosis of Acute Appendicitis".

Presentation: POSTER;

Publication date: IMCA Tirana 2020;
Organizer: Albanian Medical Education Association & American Hospital
Event: International Multidisciplinary Medical Congress in Albania- IMCA Tirana 2020
Description: Иако се користат софистицирани дијагностички постапки, сепак се уште не е значително намален процентот на задоцнети-перфорирани и непотребни апендектомии. Во трудот сакаме да ја видиме сигнификантноста во користење на инфламаторните маркери и ултрасонографијата преку двата скоринг системи (Апендицитис инфламаторен одговор – АИО и Тзанакис) при дијагнозата на акутниот апендицитис. Резултати: Од 100 испитаници кај 10% имавме непотребна апендектомија, а 16% беа со задоцнет – перфориран апендицитис. Високи вредности на CRP имаше кај навремени гангренозни апендицитиси, додека ниски вредности кај непотребните апендектомии. Кај 22% од позитивните хистопатолошки наоди за акутен апендицитис ултрасонографскиот наод беше негативен (т.е. несоодветен).

Заклучок: Инфламаторните маркери и ултрасонографијата даваат делумна поддршка во раната дијагноза на акутен апендицитис и намалувањето на процентот на непотребните апендектомии.

[21] Authors: Shenol Tahir, Nikolovski A, Markov P, Ambardjieva M, Limani N, Mustafova A, Mladenovik D.
Title: "Polypropylene mesh as a replacement for part of aponeurosis and muscle rectus abdominis- a case report".
Presentation: POSTER;
Publication date: IMCA Tirana 2020;
Organizer: Albanian Medical Education Association & American Hospital;
Event: International Multidisciplinary Medical Congress in Albania- IMCA Tirana 2020
Description: Трудот е приказ на случај каде што кај пациент на 30 години голем дезмоиден тумор (8 см х 8 см) го зафаќа предниот абдоминален ѕид. Туморот се екстирпира заедно со инволвираниот лев ректус абдоминис. Дефектот се пополнува со (15 см х 15 см) полипропилен макропорус меш. Оперативен и постоперативен тек уредни.

Заклучок: Полипропилен меш може успешно да биде замена за поголем мускулен дефект.

[22] Authors: Shenol Tahir, Jovanovska F, Mustafova A, Bundovska M, Panik K, Ambardjieva M, Markov P.
Title: "A case report of laparoscopic treatment of hydatid disease of the liver in a 13-year old child".
Presentation: POSTER;
Publication date: Pristina, Kosovo 2023;
Organizer: Kosova College of Surgeons;
Event: 3th Clinical Congress of Kosova College of Surgeons, 12-15.10.2023, Prishtina, R. Kosovo

Description: Трудот е приказ на случај на лапароскопски хируршки третман на Ехинококова болест на црн дроб кај 13-годишна пациентка. Со примена на три порта од кои едната 10 мм–камера порт супраумбиликално и два 5 мм порта на билатерални медиоахиларни линии периумбиликално се влегува во абдоминална шуплина со инсуфлација на $CO_2$. Се евакуира цистичната содржина, а потоа во шуплината се инфилтрира 20% NaCl (стои 10 минути). Потоа во ендобег се испразнуваат цистите ќерки. Се поставува дрен. Со тоа се завршува оперативната интервенција. Време на операција околу 50 минути.

Заклучок: Лапароскопски третман на ехинококоза на црн дроб е можна како кај возрасни така и кај деца, доколку локацијата одговара за соодветен пристап, истата треба да ја изведува добро истрениран лапароскопски хируршки тим.

**10. Одбранета докторска дисертација**

[23] Доктор на медицински науки – Клиничка медицина од областа на хирургијата на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, Медицински науки, Факултет за медицински науки на студиската програма Базични и клинички истражувања во медицината, во времетраење од 3 години / 6 семестри, докторски студии, трет циклус на студии, 180 ЕКТС, VIII (осмо ниво), (Диплома број 582 од 6.4.2023 година);

**11. Одбранети специјализации**

[24] Кандидатот д-р Шенол Тахир во јуни 2003 г. го положува специјалистички испит по Општа хирургија (Уверение број 07-02-1375 од 10.9.2003 година).

[25] Кандидатот д-р Шенол Тахир во април 2012 г. го положува супспецијалистичкиот испит по Дигестивна хирурргија (Уверение број 0903-1090/1 од 11.4.2012 година).

**12. Одбранет магистерски труд**

[26] Постдипломски академски студии (магистерски студии), втор циклус студии Студиска програма за базични и клинички истражувања во медицината, на Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ - Скопје, Медицински факултет - Скопје, 60 ЕКТС, редовни студии според (Диплома бр. 445 од 28.9.2020 година).

**22. Награди признанија за научни /уметнички постигнувања, сценско-музички награди**

[27] Прва награда за Best Quick Shot презентација на Вториот хируршки конгрес на Косово, 15-17 септември 2022 година (Сертификат од Организациски одбор на Конгресот и Плакета од Организацискиот одбор на Конгресот).

[28] Награда „Шести ноември“ на градот Валандово, за 30-годишно организирање на Меѓународна културно, научно-образовна манифестација (ноември 2018 година) (прилог 17/39)

**23. Студиски престој во странство**

[29] Кандидатот Шенол Тахир во периодот ноември-декември 2014 г. бил на стручен престој на Одделот за дигестивна хирургија во Универзитетската клиничка болница во Валенсија, Шпанија. Таму престојува во рамките на програмата на Министерството за здравство на Р. Македонија за обуки во странство, при што се усовршува за напреднати лапароскопски техники во дигестивната хирургија.

Ноември-декември 2010 г., стручен престој на Одделот за супспецијализација по дигестивна хирургија во Клиничката болница - Туркије во Анкара, Турција. Таму престојува во рамките на програмата на Министерството за здравство на Р. Македонија за обуки во странство, при што се усовршува за класични и напреднати лапароскопски техники во дигестивната хирургија.

Мај - јули 2008 г., стручен тримесечен престој на Одделот за дигестивна хирургија на УКЕ Универзитетската клиничката болница во Хамбург, Германија. Таму престојува во рамките на соработката со УКЕ и визитинг професорот Јакоб Избицки и Министерството за здравство на Р. Македонија за обуки во странство, при што се усовршува за напреднати класични и лапароскопски техники во општата и дигестивната хирургија.

**III. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ**

Во поглед на стручно-апликативната дејност има одржано повеќе предавања на стручни собири и бил член на институционални комисии.

**7. Учество на стручен собир со реферат (постер/усно)**

[30] Authors: Shenol Tahir, Martina Ambardjieva, Frosina Jovanovska, Alma Mustafova, Kristijan Dervisov, Nimetula Limani, Berat Dalipi, Petar Markov

Title: “LigaSure hemorrhoidectomy with “near basis “ techniques”;
Presentation: ORAL;
Publication date: Abstract Book, 2021;
Organizer: Turkish Colo Rectal Surgical Association;
Event: 1st Turkish International Colorectal Surgery Congress, 30. 11 - 04.12.2021, Antalya, Turkiye

Description: Во трудот е презентирана техниката на Лигашур хемороидектомија, каде што истата е модифицирана со користење на инструментот не на базата на хемороидалниот јазол, туку над базата на 2 мм. Резултати: 52 пациенти со градус 3-4 на хемороиди се третирани со оваа техника, со оперативно просечно време од 17 минути, без мајорни компликации без анус стеноза или инконтиненција.

Заклучок: Споредено со резултатите од литературата, Лигашур хемороидектомијата е метода на избор и истата треба рутински да се користи за хемороидектомија кај градус 3-4 хемороиди.

[31] Authors: Shenol Tahir, Martina Ambardjieva, Frosina Jovanovska, Alma Mustafova, Kristijan Dervisov, Nimetula Limani, Petar Markov, Berat Dalipi.

Title: "Cecum Volvulus, In Misdiagnosis of Acute Appendicitis: a case report";
Presentation: ORAL;
Publication date: Abstract book, 2021;
Organizer: Turkish Colo Rectal Surgical Association;
Event: 1st Turkish International Colorectal Surgery Congress, 30.11-04.12.2021, Antalya, Turkiye

Description: Целта на овој труд е да прикаже случај на волвулус на цекум кој е дијагностициран (мис-дијагноза) како акутен апендицитис. Интестиналната малротација иако ретка, сепак најчеста е кај сигмоидот, следено со цекум и трансверзалниот колон. Пациентка под сомнение за акутен апендицитис со Алварадо скор 8 и позитивен ултрасонографски знаци е примена и третирана лапароскопски. Интраоперативно виден наод на малротација, направена коннверзија со десна хемиколектомија.

Заклучок: Малротацијата на цекум иако редка појава на која треба да се помисли при диференцијална дијагноза на акутен апендицитис, доколу не сакаме да дојде до погрешна дијагноза (мис-дијагноза).

[32] Authors: Shenol Tahir, Jovanovska F, Mustafova A, Bundovska M, Pamik K, Ambardjieva M, Markov P

Title: "Giant retroperitoneal liposarcoma with involving adjacent abdominal organs: two case reports";
Presentation: ORAL;
Publication date: Abstracts book, 15-18.09.2022, Prishtina, R. Kosovo;
Organizer: Kosova College of Surgeons;
Event: Second Clinical Congress, 15-18.09.2022, Prishtina, R. Kosovo

Description: Ретроперитонеалните липосаркоми се ретки малигнитети кои потекнуваат од адипоцитите. Презентирани се два случаи со ретроперитонеални гигантски липосаркоми со потекло од мазна мускулатура со зафатеност на околните органи. Лева флехура колон ресекција со спленектомија во првиот и лев колон, дистален панкреас и спленектомија во вториот случај беа изнудените ресекции.

Заклучок: Липосаркомите се агресивни малигнитети, раното откривање и хируршкиот третман со соодветна онколошка терапија дава многу подобри резултати.

**8. Учество на стручен собир со реферат (постер/усно)**

[33] Authors: Georgiev Dimitar, Kocevska Ana, Eftimova-Kitanova Aleksandra, Shenol Tahir, Nakov Aleksandar, Mladenovska - Stojkovska Ivana.

Title: "Condylomata accuminata as a cause of obstructed birth and emergency cesarean section";
Presentation: POSTER;
Publication date: Abstract book, 28.09–02.10. 2022, Ohrid, Macedonia;
Organizer: Macedonian Medical Association & Macedonian Dermatovenereologic Society;

Event: VII Congress of dermatovenereologists of Macedonia, with Internacional participation, September, 28 – October, 02 2022, Ohrid, Macedonia

Description: Кондилома акумината е една од најчесто сексуално преносливите болести, предизвикана од ХПВ. Трудот е приказ на случај на 24-годишна првородка со 2 см туморска маса на интроитусот на вагина. Заради попречен родилен пат одлучено е за царски рез и дополнителна ексцизија на туморот. Постоперативен тек уреден. Патохистолошки наод: Кондилома акумината со диспластични промени од тежок и лесен тип VIN3, VIN1.

Заклучок: При верификување на кондилома акумината потребно е да се упатат на ХПВ типизација и соодветно да се лекуваат, за да не дојде до неочекувани компликации.

[34] Authors: Kocevska Ana, Georgiev Dimitar, Mladenovska - Stojkovska Ivana, Eftimova - Kitanova Aleksandra, Shenol Tahir, Nakov Aleksandar.

Title: “Dermatological discorders in patients with polycystic ovarian syndrome”;

Presentation: POSTER;

Publication date: Abstract book, 28.09–02.10. 2022, Ohrid, Macedonia

Organizer: Macedonian Medical Association & Macedonian Dermatovenereologic Society;

Event: VII Congress of dermatovenereologists of Macedonia, with Internacional participation, September, 28 – October, 02 2022, Ohrid, Macedonia

Description: Синдромот на полицистични јајници е често ендокрино нарушување кај жените со преваленција од 4 до 10%. Целта беше да се утврдат дерматолошките нарушувања кај овие полицистични јајници. Опфатени 46 испитаници кои пополнија посебни прашалници. Резултати: 89% биле со олигоменореја, кај 85% присутни дерматолошки проблеми, 46% со хирзутизам, а кај 25% присуство на акни.

Заклучок: Дерматолошките проблеми имаат важно место кај овој синдром, затоа и треба да се обрне особено внимание за навремено и правилно лекување на состојбите.

**29. Член на институтски орган комисија**

[35] Член на Комисија за ревизија на наод оцена и мислење за утврдување на инвалидност, односно неспособност за работа, Министерство за труд и социјална политика на РС Македонија (Решение број: 09 -10120/1 од 31.12.2019 година)

Кандидатот д-р Шенол Тахир има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето, односно во делот на (НО) од (min 30) има остварено (30 поени), во делот на (НИ) од (min 38) има остварено (120 поени) и во делот на (САОР) од (min 7) има остварено (16 поени). Комисијата констатира дека кандидатот д-р Шенол Тахир има вкупно 166 поени, со што ги исполнува условите за избор во насловно звање.

## IV. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за професионалната биографија, работното искуство и резултатите на д-р Шенол Тахир, Комисијата констатира дека кандидатот има завршено прв циклус додипломски студии на Медицинскиот факултет - Скопје на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ и се стекна со назив доктор по медицина, има завршено втор циклус, постдипломски студии-магистратура по медицински науки, научна област хирургија на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје и има завршено трет циклус докторски студии од областа на базична и клиничка медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, со одбрана на докторскиот труд под наслов „Дијагностичка предиктивна вредност на скоринг системите при индикација за апендектомија“ и се стекнал со научно звање доктор на медицински науки – клиничка медицина од областа на хирургијата.

Комисијата заклучува дека д-р Шенол Тахир ги исполнува општите и посебните услови за избор во звање со што констатира дека кандидатот има просечниот успех 8,88 на интегрираните студии од првиот и вториот циклус, има стекнато научен степен доктор на науки, има објавено два научни трудови во списание со импакт фактор и седум научни трудови во меѓународно научно списание во последните пет години, поседува потврда за познавање на англискиот јазик „Б2“, издадена од овластена институција и поседува способност за изведување на високообразовна дејност.

Од прегледот и карактеризација на изработените, рецензирани и објавени трудови се гледа плоден и континуиран научно-стручен развој на кандидатот д-р Шенол Тахир.

Покрај тоа, кандидатот има избор во соработник асистент (во 2020 година и во 2023 година), на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, по предметот Хирургија и е ангажиран за изведување на практична хируршка настава и изведување на вежби, како и едукација на специјализанти.

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев» – Штип, опусот на неговата научноистражувачка работа, прикажан со печатени трудови во научни и стручни списанија, трудови објавени во зборници на трудови на меѓународни научни и стручни собири, учество на повеќе национални и меѓународни конференции, обуки и проекти, кандидатот покажува постојан подем во научноистражувачката работа, како и во изведување на практичната работа што сведочи за педагошкиот пристап во едукативниот дел од неговата хируршка професија.

Чест и задоволство ни претставува да му предложиме на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев» во Штип, кандидатот д-р Шенол Тахир да го избере во насловно звање насловен доцент во научна област дигестивна хирургија (30306).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Александар Караѓозов, претседател, с.р.

Проф. д-р Александар Митевски, член, с.р.

Доц. д-р Илија Милев, член, с.р.

**ТАБЕЛА**
**на активности кои се бодираат при изборот во звање насловен доцент**
**за кандидатот д-р Шенол Тахир**

| Ред. бр. | I. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | Поени | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | во земјава | | во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | |
| 1 | **Избор во звање асистент (Одлука бр. 02-5235 од 30.12.2020 година)**<br>Активност ред. бр. [1] | 1 | 15 | / | / | **15** |
| | **Избор во звање асистент (Одлука бр.02-2860/18 од 20.06.2023)**<br>Активност ред. бр. [2] | 1 | 15 | / | / | **15** |
| | **Вкупно поени: НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | | | | | **30** |
| **Ред. бр.** | **II. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ** | **Поени** | | | | **Вкупно** |
| | | во земјава | | во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | |
| 3. | **Научен труд објавен во списание со ИФ** (прв автор втор автор, останати автори 15/10/5)<br>Труд под ред. бр. [3]<br>Труд под ред. бр. [4] | [3-ост. автор] 5 поени<br>[4-прв автор] 15 поени | | | | **20** |
| 4. | **Научен труд објавен во меѓународно научно списание** (прв автор, втор автор, останати автори, 9/6/3) | | | | | |
| | **Прв автор (еден автор) (1.3 x 9) = 11.7 п** | | | | | **0** |
| | **Прв автор (повеќе автори) (1 x 9) = 9 п.**<br>Труд под ред. бр. [5]<br>Труд под ред. бр. [6] | [5-прв автор] = 9 поени<br>[6-прв автор] = 9 поени | | | | **18** |
| | **Втор автор (повеќе автори) (1 x 6) = 6 п**<br>Труд под ред. бр. [7] (три автори) | [7-втор автор] = 6 поени | | | | **6** |
| | **Трет и останати автори (1 x 3) = 3 п.**<br>Труд под ред. бр. [8]<br>Труд под ред. бр. [9]<br>Труд под ред. бр. [10]<br>Труд под ред. бр. [11] | [8] (ост. автор) = 3 поени<br>[9] (ост. автор) = 3 поени<br>[10] (трет автор) = 3 поени<br>[11] (трет автор) = 3 поени | | | | **12** |
| 9. | **Учество на научен собир со реферат (постер 1/1.5) / (усно 1.5/2)** | Во земјава | | Во странство | | |
| | **Постер:** Акт.под ред. бр. **[12] [13] [14] [15] [16] [17] [18] [20] [21] и [22]** | / | / | 10 | 1.5 | **15** |
| | **Усно**:<br>Акт. под ред. бр. **[19]** | / | / | 1 | 2 | **2** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **10.** | **Одбранет докторски труд (диплома број 5321 од 18.10.2021 година)**<br>Акт. под ред. бр. [23] | 8 | | / | | 8 |
| **11.** | **Одбранета специјализација**<br>**(Уверение број 07-02-1375 од 10.9.2003 година)**<br>Акт. под ред. бр. [24]<br>**(Уверение број 0903-1090/1 од 11.04.2012 година)**<br>Акт. под ред. бр. [25] | 6<br>6 | | 6<br>6 | | **6**<br>**6** |
| **12.** | **Одбранет магистерски труд (диплома број 445 од 28.9.2020 година)**<br>Акт. под ред. бр. [26] | 4 | | / | | 4 |
| **22.** | **Награди признанија за научни постигнувања**<br>Во земјата под ред. бр. [27]<br>Во странство под ред. бр. [28] | /<br>1 | /<br>5 | 1<br>/ | 10<br>/ | **10**<br>**5** |
| **23.** | **Студиски престој во странство**<br>Акт. под ред. бр. [21] | 8 | | | | **8** |
| | **Вкупно поени:** | **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ** | | | | **120** |
| **Ред. бр.** | **III. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ** | **Поени** | | | | **Вкупно** |
| | | **во земјава** | | **во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| 7. | **Пленарно предавање на стручен собир**<br>Во земјата под ред. бр. /<br>Во странство под ред. бр. [30] [31] [32] | /<br>/ | /<br>/ | /<br>3 | /<br>4 | /<br>**12** |
| **8.** | **Учество на стручен собир со**<br>Во земјата, ред. бр..<br>Во странство [33] и [34] | /<br>/ | /<br>/ | /<br>2 | /<br>1 | /<br>**2** |
| **17.** | **Елаборати и експертизи**<br>Активност под ред. бр. | / | / | / | / | **0** |
| 29 | **Член на институтски орган, комисија**<br>Активност под ред. бр. [35] | 1 x 2 | | | | **2** |
| | **Вкупно поени:** | **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ** | | | | **16** |
| | **ВКУПНО ПОЕНИ: (НОД) + (НИДСУА) + (САДОРД):** | | | | | **166** |

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ „ТОКСИКОЛОШКА ХЕМИЈА" ОД ВОНРЕДЕН ПРОФ. Д-Р ДАРИНКА ЃОРГИЕВА-АЦКОВА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр. 2002-171/15 од 23.6.2023 год., од 304. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 23.6.2023 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Биљана Ѓорѓеска, редовен професор, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип;

- проф. д-р Татјана Кадифкова-Пановска, редовен професор, Фармацевтски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„ТОКСИКОЛОШКА ХЕМИЈА" од авторот вонреден професор д-р Даринка Ѓоргиева-Ацкова,** наменет за студентите на прв и интегрираните прв и втор циклус студии, студиска програма Фармација и Медицински лаборанти на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Наслов на учебникот: „Токсиколошка хемија". Наслов на предметот: Основна литература за предметот Токсиколошка хемија, со неделен фонд на часови 3+3+1, осми семестар, студиска програма Фармација и дополнителна литература за предметот Клиничко-токсиколошки анализи, фонд на часови 3+2+1, Медицински лаборанти, петти семестар. Име и презиме на авторот на трудот: вонр. проф. д-р Даринка Ѓоргиева-Ацкова.

Приложениот ракопис е дел од Годишниот план и програма за издавачка дејност на Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, усвоен за издавање во 2023 година. Приложениот ракопис за рецензија е во согласност со наставната програма на предметот Токсиколошка хемија и ја опфаќа наставната содржина предвидена во студиската програма за која е наменет.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот се состои од 319 страници во А4 формат, со наведени прилози, односно 210 слики и 17 табели. Во делот за користена литература цитирани се 103 примарни и секундарни научни извори и 15 интернет страници, актуелни во областа и сè до најнов датум. Во однос на обемот на содржината, соодветно на фондот на часови, ракописот за учебникот „Токсиколошка хемија" ги задоволува критериумите според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" и овозможува комплетно покривање на предвидената предметна програма.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** На Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, на Е-библиотека нема објавено учебник со ваков или сличен наслов. Исклучок е рецензираната универзитетска скрипта, издадена во 2017 година од истиот автор, чија содржина е надградена и дополнета во овој ракопис.

Во државата, според наше знаење, не постојат учебници со истиот наслов од домашни автори кои ја третираат оваа научна област. И покрај постоењето на учебни помагала кои третираат слична проблематика, овој ракопис на препознатлив и лесно прифатлив начин пред студентите го елаборира предметот на изучување на токсиколошката хемија, збогатен со современите сознанија од областа на токсикологијата. Обемот на материјалот е приспособен на фондот на часови предвидени за совладување на предметот и овозможува комплетно покривање на содржината предвидена со предметната програма, па како таков претставува есенцијална учебна литература за студентите кои го изучуваат овој предмет.

**Краток опис на содржината:** Учебникот обработува содржини кои се поделени во четиринаесет целини.

**ВОВЕД ВО ТОКСИКОЛОГИЈАТА И ТОКСИКОЛОШКАТА ХЕМИЈА.**

Првото поглавје дава опсежна дефиниција на поимите важни за токсикологијата, поделба на различни дисциплини, како и осврт на историскиот развој на областа и насоките на идниот развој. Обработени се основните пристапи во токсиколошките истражувања и регулативата во оваа област. Во ова поглавје се дадени повеќе класификации и дефиниции релевантни за токсикологијата и токсиколошката хемија, како различните видови токсични супстанции, видови на експозиција, врска доза-одговор, фази на токсичност, токсичност и детоксикација, интеракции меѓу токсичните агенси и сл. Се дава детален преглед на различните видови антидоти (противотрови), нивниот механизам на дејство и индикација.

**ОПШТА ТОКСИКОЛОГИЈА.**

Поглавјето ги обработува хемиските карактеристики на токсикантите како основа на токсичноста, нивниот метаболизам и одделните фази на метаболизирање, користејќи познати примери и можности за метаболичка активација на одделни групи отрови. Се зборува и за биохемиските и молекуларните механизми на токсичност, како и најважните рецептори за интеракција со токсичните агенси, со посебен осврт на ензимските рецептори. Детално се објаснети биохемиските основи на мутагенезата и хемиската канцерогенеза и дадена е класификација на хемиските канцерогени кај човекот.

**ТОКСИЧЕН ОДГОВОР НА ОРГАНИТЕ И СИСТЕМИТЕ КОН ДЕЈСТВОТО НА ТОКСИКАНТОТ. СИСТЕМСКА ТОКСИКОЛОГИЈА.**

Бидејќи различните класи на токсиканти влијаат врз различните ткива во организмот со различни видови на токсични ефекти изразени во различен степен, во ова поглавје разработени се сегменти од токсичниот одговор на одделни системи. Органски системи кои се предмет на интерес во врска со можните токсични одговори се: респираторен систем, кожа, црн дроб, крв и кардиоваскуларен систем, имунолошки систем, ендокрин систем, нервен систем, репродуктивен систем и екскреторни органи.

**ТОКСИЧНИ ХЕМИСКИ ЕЛЕМЕНТИ.**

Ова поглавје детално ги обработува механизмите на токсичност и претставниците од токсичните хемиски елементи, задржувајќи се и давајќи информации за токсичните метали (Li, Be, V, Cr, Co, Cu, Ni, Cd, Hg, Pb), металоидот As, неметалите O, P, халогени елементи, како и радиоактивните изотопи на Rn и Ra.

**ОРГАНОМЕТАЛНИ И ОРГАНОМЕТАЛОИДНИ СОЕДИНЕНИЈА.**

Како важен начин за мобилизирањето на металите од животната средина (на пример, метилација на жива и арсен), во оваа целина најнапред е дадена класификацијата и најважните карактеристики на органометалните и органометалоидните соединенија, а потоа е обработена нивната токсичност преку соодветни примери на токсични органометални соединенија на цинк, кадмиум и жива, олово и арсен.

**ТОКСИЧНИ НЕОРГАНСКИ СОЕДИНЕНИЈА.**

Ова поглавје ги класифицира и објаснува механизмите на токсичност на токсичните неоргански соединенија на јаглерод (преку примерите на цијанид, јаглерод моноксид, јаглерод диоксид), азот (амонијак, азотна киселина, нитрати и нитрити, хидразин, азотни оксиди), потоа халогенидите (особено HF и HCl, како и соединенијата кои произлегуваат од халогените елементи), како и неорганските соединија на Si кои имаат токсичен потенцијал, особено $SiO_2$ и азбест. Исто така, соодветно место е дадено и за токсиколошките особености на неорганските соединенија на фосфор (фосфин и фосфорни оксиди) и сулфур (сулфур водород, сулфур диоксид и сулфити, сулфурна киселина, јаглерод дисулфид).

**ТОКСИЧНИ ОРГАНСКИ СОЕДИНЕНИЈА – ЈАГЛЕВОДОРОДИ.**

Поради огромниот број од неколку милиони познати органски соединенија, повеќето од кои се помалку или повеќе токсични, токсиколошката хемија на органските соединенија опфаќа многу голема научна област. Во ова поглавје авторката дава јасна и прецизна класификација и детално ги обработува класите на јаглеводородни соединенија со токсичен потенцијал, почнувајќи од алканите, продолжувајќи со незаситените неароматични јаглеводороди, ароматичните јаглеводороди, при што особен акцент е поставен на бензенот и неговите деривати (толуен, ксилен) како карактеристични претставници. Исто така, во ова поглавје се обработени и полицикличните ароматични јаглеводороди како перзистентни загадувачи со потекло од животната средина кои имаат широк опсег на биолошка токсичност и чиешто отстранување (ремедијација) од околината претставува глобална загриженост денес.

**ТОКСИЧНИ ОРГАНСКИ СОЕДИНЕНИЈА КОИ СОДРЖАТ КИСЛОРОД.**

Ова поглавје како посебен сегмент од токсичните органски соединенија ги разработува соединенијата кои содржат кислород во своите функционални групи, а се познати по својата токсичност. Обработени се алкохолите (метанол, етанол, етилен гликол, виши алифатични алкохоли) и ароматичните алкохоли (фенолот и неговите деривати). Понатаму, се дава преглед на токсичните карактеристики

на јаглеводородните оксиди, алдехидите (формалдехид) и кетоните, избрани карбоксилни киселини, етери, анхидридот на оцетната киселина и естрите.

**ТОКСИЧНИ ОРГАНСКИ СОЕДИНЕНИЈА КОИ СОДРЖАТ АЗОТ.** Обрнувајќи внимание на многубројните органски соединенија и од синтетско и од природно потекло во чијшто состав влегува азотот, направен е успешен преглед на карактеристиките и механизмите на токсичност на истите, преку илустративни примери од групите на неароматичните амини и ароматичните амини каде особен акцент е ставен на анилинот како индустриски токсикант, потоа бензидинот и нафтиламинот. Ова поглавје ги обработува и нитрилите со токсиколошко значење, како и соединенијата кои содржат нитро група (нитробензен, *p*-нитрофенол, 2,4-динитрофенол). Во продолжение се обработени и нитрозоамините како соединенија со исклучителна токсиколошка важност поради нивниот канцероген потенцијал. Обработени се и изоцијанатите, како и пестицидите кои содржат азот преку претставници од групата на карбаматни и бипиридилни пестициди. На крајот, ова поглавје ги обработува и алкалоидите како значајни токсични агенси од природно потекло.

**ТОКСИЧНИ ОРГАНСКИ СОЕДИНЕНИЈА КОИ СОДРЖАТ ХАЛОГЕНИ ЕЛЕМЕНТИ (ОРГАНСКИ ХАЛОГЕНИДИ).**

Во ова поглавје, токсичните соединенија кои содржат халоген елемент во составот се обработени во три групи: заситени (алкилхалогениди), незаситени (алкенилхалогениди) и ароматични (арил) халогени соединенија. Притоа особен акцент е ставен на механизмите со кои овие соединенија ги манифестираат своите токсични ефекти преку примерите на јаглерод тетрахлорид, халотан и винил хлорид. Како дел од оваа разновидна група на токсични соединенија, во ова поглавје обработени се органохлорните инсектициди и неинсектицидните органохлорни хербициди, со претставници како DDT, линдан, камфен, 2,4-D, TCDD и други.

**ТОКСИЧНИ ОРГАНСКИ СОЕДИНЕНИЈА КОИ СОДРЖАТ СУЛФУР.**

По класификацијата на органските соединенија кои содржат сулфур и имаат токсиколошко значење, во ова поглавје обработени се класите на тиолите (меркаптаните), сулфидите и дисулфидите, јаглеродниот дисулфид, сулфоксиди и сулфони, како и сулфурните соединенија кои содржат дополнително азот или фосфор во својата молекула (тиоуреа, тиоцијанати и изотиоцијанати, тиофосфатните естри).

**ТОКСИЧНИ ОРГАНСКИ СОЕДИНЕНИЈА КОИ СОДРЖАТ ФОСФОР (ОРГАНОФОСФОРНИ СОЕДИНЕНИЈА, ОФС).**

Поглавјето дава детален приказ на соединенијата кои содржат фосфор, а имаат токсичен потенцијал. Оваа група соединенија имаат широка индустриска употреба и многу од нив, особено органофосфатните естри, се едни од најшироко користените инсектициди. Дел од овие соединенија, како што се нервните гасови произведени како бојни отрови, се смртоносни во мали количини. Затоа, во ова поглавје, особен акцент е даден на токсичните ефекти, односно на механизмите кои се носители на токсичното дејство на органофосфатните инсектициди, инхибицијата на ензимот ацетилхолинестараза, како и третманот на труењата со органофосфати.

**ТОКСИЧНИ СОЕДИНЕНИЈА СО ПРИРОДНО ПОТЕКЛО.**

Токсичните соединенија со природно потекло се отрови (токсини) произведени од страна на живи организми. Во оваа група влегуваат огромен број на супстанции, вклучувајќи животински отрови, микробиолошки токсини, протозојни токсини, отрови од алги, микотоксини и растителни отрови.

Видови токсични соединенија од природно потекло на кои авторката се задржува во ова поглавје се: микробиолошките (бактериски) токсини со акцент на ботулинум токсин, микотоксините (афлатоксини, охратоксини, зеараленон, фумонизини, патулин и ергоалкалоиди), отровните печурки, токсините од протозои и алги, токсичните супстанции со растително потекло (невротоксини, цитотоксини, метаболички токсини и иританси на кожа и слузокожа), токсини од отровни инсекти (биогени амини, пептиди/мали протеини и ензими) и отровни пајаци, отрови од влекачи (змиски отров), водоземци, риби и други животни.

**ТОКСИКОЛОШКО-ХЕМИСКА АНАЛИЗА НА КСЕНОБИОТИЦИ ТОКСИЧНИ АГЕНСИ.**

Потврдувањето на изложеност на отрови преку детекција на отровот со примената на различни аналитички техники е еден од клучните аспекти во токсикологијата. Последното поглавје на карактеристичен начин ја презентира токму анализата на ксенобиотиците и експозицијата на организмите на истите. Дефинирани се индикаторите на изложеност, при што е даден осврт на анализата на ксенобиотиците во различни биолошки примероци, подготовката на примерокот за анализа и карактеристиките на аналитичките постапки кои се користат за различните типови на аналити. Притоа, дадени се и конкретни примери за испитување на определени токсични агенси, како за оригиналното соединение, така и за неговите метаболити. Со ова поглавје, практично се систематизираат чекорите од аналитиката на токсикантите обработени во претходните поглавја, со што на читателот му се дава комплетен увид во значењето, важноста и начинот на изведување на токсиколошко-хемиските анализи.

**ЗАКЛУЧОК**

Предложениот ракопис за универзитетски учебник „Токсиколошка хемија“ по истоимениот предмет, наменет примарно за студентите на студиската програма Фармација на Факултетот за медицински науки, е материјал кој обезбедува доволен квантум на знаења од оваа област кои потоа многу лесно може да бидат и надоградени со нови содржини во зависност од личниот интерес и професионалната определба на студентот. Ракописот содржи поглавја кои во значителен обем даваат теоретски образложенија и темелно и детално обработуваат најголем дел од токсичните агенси класифицирани според хемиската структура, поврзувајќи ги во логична целина аспектите на биотрансформацијата, механизмот на токсичност, токсичниот одговор, третманот и аналитичките методи кои се користат за проценка на изложеност, превенција и третирање при различни видови на труења. Се очекува дека истиот ќе им помогне на студентите по фармација во совладувањето и систематизирањето на знаењата не само од областа на токсиколошката хемија, туку и останатите области од фармацевтските науки како метаболизмот на лекови, фармакологијата, фитохемијата, аналитичките методи и др.

Имајќи го предвид претходното, се очекува дека овој ракопис ќе предизвика интерес не само кај студентите кои овој предмет го имаат во својата студиска програма, туку и кај сите оние кои се занимаваат со оваа проблематика, се образуваат и работат во областа на фармацијата.

Ракописот за учебникот „Токсиколошка хемија“ цитира како основна, така и најсовремена литература со најнов датум, со што пред читателот се презентираат најновите сознанија од оваа област.

Деталноста, илустративноста, систематичноста и современоста на предложениот ракопис се карактеристики кои ќе обезбедат исполнување на целите и задачите на предметната програма по предметот Токсиколошка хемија.

Поради ова, со големо задоволство препорачуваме ракописот за учебник со наслов „Токсиколошка хемија“, од авторот вонр. проф. д-р Даринка Ѓоргиева-Ацкова да биде објавен како универзитетски учебник во електронска форма за студентите на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Рецензенти**
Проф. д-р Биљана Ѓорѓеска, с.р.
Проф. д-р Татјана Кадифкова-Пановска, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ „ТЕХНОЛОГИЈА НА ГОТОВИ ЈАДЕЊА” ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р АЦО КУЗЕЛОВ И ПРОФ. Д-Р ДИМИТАР НАКОВ, ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1302-148/5 од 30.8.2023 г, на 219. редовна седница на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет, одржана на ден 30.8.2023 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Митре Стојановски, редовен професор (во пензија) на Факултетот за биотехнички науки при Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола;

- проф. д-р Елена Јошевска, редовен професор на Факултетот за биотехнички науки при Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„ТЕХНОЛОГИЈА НА ГОТОВИ ЈАДЕЊА”** од **проф. д-р Ацо Кузелов и проф. д-р Димитар Наков,** наменет за студентите на прв циклус студии на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот: Учебникот „Технологија на готови јадења” од проф. д-р Ацо Кузелов и проф. д-р Димитар Наков,** наменет за студентите на прв циклус студии на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, за предметот Технологија на готови јадења, кој се слуша како изборен предмет во VII семестар, со 4 ЕКТС, со фонд на часови 2+1+1, односно вкупен фонд 180 часови, на студиската програма Квалитет и безбедност на храна. Приложениот ракопис е во согласност со наставната програма за предметот Технологија на готови јадења на студиската програма Квалитет и безбедност на храна, конципиран на начин што му овозможува на студентот да ги воочи важните факти и го мотивира да користи различни стратегии за учење со цел продлабочување на знаењата и развивање на вештини. Учебникот е наменет да служи како основна литература за изучување на предметот Технологија на готови јадења. Учебникот ги следи методите, активностите и дидактичките насоки за реализација на наставната програма.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот за учебникот е напишан на 190 страници согласно со ОИДК. ОБ.15. Упатство за техничко уредување на учебници и учебни помагала во електронска форма, компјутерски обработен текст во А4 формат, со проред 1, со употреба на фонт Arial, големина на букви 11 и маргини на страниците 2,54 cm: top, left, bottom, right. Цитирањето е во АПА стил, при што цитатите во текстот се поставени во рамките на реченициите и параграфите, со што се олеснува прегледноста на информациите за цитирање, односно авторите и делата кои се консултирани за изготвување на учебникот. Ракописот е илустриран со 46 слики и содржи 38 табели. Учебникот е структуриран согласно

со методологијата на матичните научни дисциплини и модуларната програма на предметот Технологија на готови јадења кој се слуша како изборен предмет во VII семестар, со 4 ЕКТС и фонд на часови 2+1+1, односно вкупен фонд 180 часови, на студиската програма Квалитет и безбедност на храна на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. Учебникот е систематизиран во единаесет поглавја, а дванаесеттото поглавје претставува прилог со рецептури за подготовка на готови јадења, конципирани согласно наставната содржина на предметот Технологија на готови јадења. Рецензентска комисија констатира дека обемот на учебникот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите согласно предвидениот број на часови и одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Учебникот „Технологија на готови јадења" претставува прегледно дело за вид храна која е широко прифатена од потрошувачите. Готовите јадења претставуваат храна која поминала процес на термичка обработка и може да се консумира без дополнителен третман за контрола на микробната контаминација. Овој вид на храна не мора дополнително да се приготвува пред консумирање, освен миење, одмрзнување или умерено загревање. Брзиот начин на подготвување пред консумирање ги прави готовите јадења конкурентни во време на „брзо живеење". Во светски рамки постои литература која ја обработува технологијата на готовите јадења, со напомена дека палетата на производи кои припаѓаат во групата на готови јадења е специфична за различни региони што кореспондира со навиките на потрошувачите да консумираат различни видови готови јадења. До денес во нашата држава нема учебник кој ја опфаќа хигиената, технологијата и безбедноста на готовите јадења, пред сè готовите јадења од месо. Авторите поттикнати од недостатокот на литература со таква содржина го напишале учебникот првенствено да им помогне на студентите за полесно совладување на наставниот материјал. Меѓутоа, побарувањата од прехранбената индустрија за овој вид храна секојдневно се зголемуваат. Затоа, содржините презентирани во овој учебник може да претставуваат солидна теоретска основа за совладувањето на материјата и да им биде од корист на технолозите, менаџерите и раководителите кои работат во индустријата за производство на готови јадења.

**Краток опис на содржината:** Учебникот **„Технологија на готови јадења" од проф. д-р Ацо Кузелов и проф. д-р Димитар Наков,** наменет за студентите на прв циклус студии на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, за предметот Технологија на готови јадења, изборен предмет на студиската програма Квалитет и безбедност на храна, е систематизиран во дванаесет поглавја.

**Поглавје 1: ПОИМ И ПОДЕЛБА НА ГОТОВИТЕ ЈАДЕЊА.**

Авторите даваат преглед на поделбата на готовите јадења зависно од суровините за нивно подготвување, технологијата на производство, постапките за конзервирање и законската регулатива.

**Поглавје 2: ЗНАЧЕЊЕ НА ГОТОВИТЕ ЈАДЕЊА ВО СОВРЕМЕНОТО ОПШТЕСТВО.**

Во второто поглавје авторите даваат осврт на навиките на потрошувачите во исхраната да употребуваат готови јадења. Основен принцип во исхраната на современиот човек е таа да е со полна биолошка вредност и да ги содржи во

соодветен сооднос сите неопходни хранливи материи. Покрај тоа, храната мора да задоволува во квалитет и да се води сметка за безбедноста на готовите јадења заради сложениот технолошки процес на нивно производство. Современите достигнувања во технологијата на производство на готовите јадења овозможуваат зачувување на неопходните хранливи состојки со што се добива готов производ со висок квалитет.

**Поглавје 3: СУРОВИНИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ГОТОВИ ЈАДЕЊА**.

Ова поглавје го воведува читателот во технолошкиот квалитет на месото за преработка и производство на готови јадења. Авторите даваат класификација на технолошкиот квалитет на месото од различни видови животни, го опишуваат хемискиот состав на месото и влијанието на процесите на замрзнување и одмрзнување врз квалитетот на месото. Понатаму, авторите ја опишуваат технолошката употреба на мастите во производството на готови јадења, како и употребата на зеленчукот и житариците во производството на готови јадења.

**Поглавје 4: ЗАЧИНИ И ДОДАТОЦИ.**

Во ова поглавје е даден опис на најчесто употребуваните зачини и додатоци во технологијата на производство на готови јадења.

**Поглавје 5: АМБАЛАЖА.**

Ако се има предвид дека готовите јадења го поминале процесот на термичка обработка, тогаш основното барање кое се поставува при избор на материјал и садови за термичка обработка на готовите јадења е тие да бидат изработени од доволно издржливи материјали кои можат да ја издржат силата на притисокот при пастеризацијата или стерилизацијата, хемиски да се потполно инертни кон производот и да обезбедат потполна херметичност на садот во кој се полни содржината на готовото јадење. Амбалажата ги штити производите при манипулација, транспорт и продажба од  механички оштетувања и губење на масата на содржината на готовото јадење. Авторите даваат преглед на материјалите кои се користат за изработка на амбалажа во индустријата за месо и индустријата за готови јадења од месо.

**Поглавје 6: ТЕРМИЧКА ОБРАБОТКА НА МЕСОТО И ГОТОВИТЕ ЈАДЕЊА**.

Во ова поглавје авторите го истакнуваат значењето на термичкиот третман на готовите јадења како начин за контрола на микробната контаминација. Притоа, даваат осврт на промените кои термичкиот третман ги предизвикува на месото, техниките на топлотен третман, предностите и недостатоците на постапките на пастеризација и стерилизација и динамиката на уништувањето на микроорганизмите при топлинскиот третман. На крајот од ова поглавје авторите ги наведуваат новите техники за конзервирање на храната.

**Поглавје 7: ХИГИЕНСКА ИСПРАВНОСТ И БЕЗБЕДНОСТ НА ГОТОВИТЕ ЈАДЕЊА ОД МЕСО.**

Терминот безбедност на храната се употребува за практиките кои обезбедуваат храната да не предизвикува штета по здравјето на луѓето и животните. Анализирајќи ги ризиците по безбедноста на готовите јадења, авторите ги делат опасностите на биолошки, хемиски и физички. Притоа, најголемо

внимание посветуваат на биолошките опасности, меѓу кои главните патогени микроорганизми кои предизвикуваат болести од консумирање готови јадења: *Listeria monocytogenes, Salmonella enterica, Escherichia coli O157:H7, Campylobacter spp., Yersinia enterocolitica* и *Clostridium perfringens*.

**Поглавје 8: АНАЛИЗА НА РИЗИК И АОККТ ПРИ ПРОИЗВОДСТВО НА ГОТОВИ ЈАДЕЊА ОД МЕСО.**

Како надополнување на претходното поглавје за ризиците и опасностите по безбедноста на готовите јадења, авторите даваат преглед на АОККТ-системот (HACCP - Hazard Analysis and Critical Control Point) како алатка за проценка на опасностите при производство на храна и воспоставување контролни системи што се фокусираат во спречување на овие опасности. Даден е дијаграм на производство на готови јадења и одредување на ККТ (Критични контролни точки). Направена е категоризација и рангирање на ризикот по безбедноста на храната во контекст на АОККТ-системот. На крајот од ова поглавје даден е приказ на предусловните програми за имплементација на АОККТ-системот.

**Поглавје 9: ХИГИЕНСКИ ДИЗАЈН НА ОБЈЕКТИТЕ И ОПРЕМАТА ЗА ПРЕРАБОТКА НА МЕСО И ПРОИЗВОДСТВО НА ГОТОВИ ЈАДЕЊА.**

Во согласност со АОККТ системот и безбедноста на храната, објектите за производство на готови јадења мора да имаат простории кои ги исполнуваат општите и посебните барања за хигиена на храната од животинско потекло. Понатаму, опишани се хигиенските барања за опремата која се користи во производството на готови јадења, хигиената на водата која се користи во производниот процес и хигиената на вработените во прехранбената индустрија.

**Поглавје 10: ТЕХНОЛОГИЈА НА ПРОИЗВОДСТВО НА ГОТОВИ ЈАДЕЊА СО МЕСО.**

Откако претходно авторите го запознаваат читателот со сите неопходни знаења за суровините кои се користат во производството на готовите јадења, зачините и адитивите, амбалажата, термичката обработка и опасностите по безбедноста на готовите јадења, во ова поглавје даваат осврт на технологијата на производство на различни готови јадења, пред сè готови јадења од месо. Така, опишана е технологијата на производство на полуподготвени готови јадења, јадења во желатин, супи и концентрати за супи, стерилизирани готови јадења и замрзнати готови јадења. Како прилог дадени се авторски слики на сите овие јадења со цел постигнување на подобар визуелен ефект при совладување на материјата. На крај од поглавјето, авторите укажуваат на ризиците и грешките во производството на готовите јадења.

**Поглавје 11: СОСТАВ, БИОЛОШКА И ЕНЕРГЕТСКА ВРЕДНОСТ НА ГОТОВИТЕ ЈАДЕЊА.**

Во поглавјето дадени се содржината на протеини, шеќери, масти и енергетската вредност на различни суровини кои се користат во производството на готови јадења, а кои треба да ги задоволат енергетските и биолошките потреби на организмот на луѓето.

**Поглавје 12: ПРИЛОГ РЕЦЕПТУРИ ЗА ПОДГОТОВКА НА ГОТОВИ ЈАДЕЊА.**

Како прилог на учебникот дадени се рецептури за подготовка на готови јадења. Авторите дале во прилог рецептури за подготовка на готови јадења кои се специфични за нашето поднебје, како ќебапчиња, пивтија, шпагети со мелено месо, говедски гулаш, грав со месната сланина, грав со телешко месо, говедско месо во сопствен сок, свинско месо во сопствен сок, полнети пиперки со месо, ќофте во сос од домати, грав со свинско месо, телешко печено месо во сос.

Библиографските единици користени при пишување на учебникот правилно се цитирани во АПА стил.

**ЗАКЛУЧОК**

Учебникот **„Технологија на готови јадења"** од **проф. д-р Ацо Кузелов** и **проф. д-р Димитар Наков,** наменет првенствено за студентите на прв циклус студии на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, за предметот Технологија на готови јадења, изборен предмет на студиската програма Квалитет и безбедност на храна, претставува прва публикација во Република Северна Македонија која обработува актуелна тема поврзана со хигиената, технологијата и безбедноста на готовите јадења, пред сè готовите јадења од месо. Учебникот ги следи методите, активностите и дидактичките насоки за реализација на наставната програма. Во изнесување на наставната материја авторите користат научно проверени теории и стручна терминологија кои се приспособени на начин што студентот и стручната јавност може да ги разберат, согласно со стекнатите предзнаења и спознајните способности, со што би го поттикнала читателот на учење со разбирање. Учебникот е конципиран на начин што му овозможува на читателот да ги воочи важните факти и го мотивира да користи различни стратегии за учење со цел продлабочување на знаењата и развивање на вештини. Во изнесената материја јасно е воочливо што треба да се научи, во кој обем, со кои средства и каде може наученото да се примени. Учебникот дава можност за надградување со други учебни помагала и нуди можност за различни нивоа на знаење. Поддржува отворена настава и продлабочувања на знаењата. Користените илустрации и шематски прикази даваат придонес кон совладување на наставната материја. Учебникот е напишан на разбирлив, стандарден македонски јазик, а текстовите се прегледни овозможувајќи самостојно совладување на јазичните законитости и збогатување на речникот. Авторите направиле синтеза на научните и стручните аспекти на изнесената проблематика, овозможувајќи практична имплементација на стекнатите теоретски знаења во индустријата за производство на готови јадења.

Според погоре наведеното, учебникот ги исполнува целите за едукација и стекнување на знаења од областа на хигиената, технологијата и безбедноста на готовите јадења, пред сè готовите јадења од месо. Врз основа на стандардите, критериумите и индикаторите предвидени со методологијата за вреднување и објавување на учебници, Рецензентската комисија има особена чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип учебникот **„Технологија на готови јадења" од проф. д-р Ацо Кузелов и проф. д-р Димитар Наков** да го одобри за издавање.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**
Проф. д-р Митре Стојановски, с.р.
Проф. д-р Елена Јошевска, с.р.

## РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ „УЧЕБНИК ПО СПЕЦИФИЧНИ ВИДОВИ НА ТУРИЗАМ“ ОД ВОН. ПРОФ. Д-Р ТАЊА АНГЕЛКОВА-ПЕТКОВА И ДОЦ. Д-Р ЦВЕТАНКА РИСТОВА-МАГЛОВСКА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр. 2102-143/9 од 20.9.2023 од 295. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 20.9.2023 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Дејан Методијески, редовен професор на Факултетот за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип,
- д-р Наташа Митева, вонреден професор на Факултетот за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис на учебник „**Специфични видови на туризам“** од авторките д-р Тања Ангелкова-Петкова, вонреден професор и д-р Цветанка Ристова-Магловска, доцент на Факултетот за туризам и бизнис логистика, наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика го поднесува следниов

### ИЗВЕШТАЈ

**Општи податоци за ракописот:** Овој учебник е од областа на туризмот и угостителството. Учебникот се состои од дваесет и четири (24) дела, што е во согласност со Наставниот план и програмата на Факултетот за туризам и бизнис логистика. Овој задолжителен предмет се изучува во трета година/петти семестар на насоката Туризам и угостителство како (задолжителен предмет) и ја покрива наставната материја со оптовареност 3+2+2. Може да се користи од сите студенти на останатите факултети каде што се изучува предметот Специфични видови на туризам, но и останатите стручни кадри кои ја проучуваат оваа проблематика. Учебникот е изготвен со цел да се унапреди наставата по предметот Специфични видови на туризам и да се подобри квалитетот и знаењето на студентите. Користена е соодветна литература од познати автори и институции од областа.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот има вкупно 267 страници, 7 табели, 5 графикони и 88 слики. Предаден е за рецензија, среден во А4 формат. Обемот на ракописот на учебникот по содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**Краток опис на содржината:** Ракописот на учебникот „Специфични видови на туризам" ги опфаќа основните концепти на видовите туризам, вовед во проектирањето на базата на податоци, како и основните системи во туризмот и хотелиерството. Учебникот е изработен во дваесет и четири (24) дела. Во сите делови јасно и разбирливо се дадени поимите и дефинициите за разните видови на туризам.

Најпрво се обработува поимот и карактеристиките на специфичните видови на туризам, потоа се обработени повеќе дефиниции за поимот кои се соодветно цитирани и приложени во литературата.

Во вториот дел, понуда, побарувачка и карактеристики на современите туристи за специфични видови на туризам се дадени објаснувања за тоа што е понуда, а што побарувачка, што нудат дестинациите и што бараат современите туристи. Дадена е класификација која се заснова на типовите туристи, меѓу кои се оние кои припаѓаат на организираната маса туристи, кои купуваат пакет аранжмани и престојуваат во рамките на дадената дестинација, хотелски комплекси и сл., следејќи ја планираната маршрута целосно одвоени од локалното население и во никој поглед не се авантуристи. Друг тип на туристи се оние кои припаѓаат на индивидуалната маса туристи, кои користат капацитети обезбедени од тур-операторите, но имаат контрола врз сопствените маршрути. Третиот тип на туристи се истражувачите, односно оние кои сами си го организираат патувањето.

Следните два дела се однесуваат на одржлив развој и одржлив туризам, каде јасно се објаснува Агенда 21, според која туризмот е една од најзначајните стопански гранки во светот. Туризмот треба да помогне во водење на здрав и продуктивен живот во согласност со природата, треба да придонесе за зачувување, заштита и реставрација на екосистемот. Одржливиот туризам ги чува ресурсите, ја почитува локалната култура и традиција, не ги злоупотребува производите, тежи кон квалитет не квантитет, подразбира значајни патувања и задоволство кај корисниците на услугите.

Петтата и шестата тема се пообемни, во кои се обработени повеќе видови и подвидови на екотуризам и рурален туризам, како што се: велосипедизам, туризам со коњи (коњички туризам), алпинизам, планинарење, спелеотуризам, параглајдерство, екотури, екодестинации, агротуризам и други. Дадена се: анализа на трендовите во руралниот туризам; значењето на земјоделието; секојдневното за домаќините е необично и несекојдневно за туристите, каде што секој направен производ од домаќините или туристите може да се однесе како сувенир, потоа перспективите за младите и жените како поранлива категорија, во селските подрачја. Табеларно се претставени карактеристиките на концептот за рурален туризам, агротуризам и туризам во селски домаќинства.

Понатаму се дава осврт на градски туризам и културен туризам кои се надополнуваат еден со друг, како што е случајот со екотуризам и рурален туризам. Обработени се видови градски туристички дестинации, кои се постапките во планирање на градскиот туризам. Направено е разграничување што е културно наследство, а што културен туризам, објаснета е меѓународната повелба за културен туризам, ресурсите, обичаите, традицијата и фолклорот.

Следните теми се однесуваат на манифестациски туризам, негови видови и поделби и сл.; бизнис туризам, наутички туризам, каде што се објаснуваат крстарењата со брод и сл.; образовен (едукативен) туризам – воспитно-образовното значење за учење во природа, условите и работата на училиштата во природа. Близок туризам на образовниот е младински туризам, каде што авторките се задржуваат и на хостелите, како едни од најнискобуџетни објекти за сместување на студенти и ученици.

Доста опширно и детално е објаснет религиозниот туризам, како во РС Македонија така и во неколку други земји, се објаснува православна вера, исламот, се задржува на Мека, Медина и Ерусалим како едни од побитните симболи за религијата. Дадени се и други религии за развој на религиозен туризам и сите заедно се објаснети со познати примери за да им бидат поблиски на студентите кои ќе ја изучуваат оваа материја.

Во петнаесеттата и шеснаесеттата точка станува збор за поврзаноста на здравствениот туризам и бањскиот туризам, нивен историски развој, SPA и WELLNESS туризам, трендови во здравствениот туризам, поврзаноста помеѓу Wellness бањи и медицински бањи, нивни претставници и организации и сл.

Во следните делови опфатени се спортскиот туризам, направена е разлика помеѓу спортот и туризмот, дадени се карактеристики на спортскиот туризам и туристите, односот помеѓу туристичките дестинации и спортот и сл. Додека пак ловниот туризам е опфатен малку пошироко и дадени се регулативи и правила за негово исполнување како еден од поспецифичните форми на туризам. Ловниот туризам како сегмент на ловното стопанисување, потребна инфраструктура за развој на ловниот туризам и сл.

Останатите теми се однесуваат на мрачен (dark) туризам, туризам за храна и вино, кампинг туризам, авантуристички и екстремен туризам. Во овие делови како и во претходните дадени се видувања и размислувања од еминентни професори и научници кои се занимаваат со таа проблематика. Мрачниот туризам е посебно претставен бидејќи се повеќе и повеќе станува атрактивен за туристите кои ги посетуваат таквите места како што се логорот Аушвиц, Јасеновац и други логори од Втората светска војна или пак полињата на смртта на Сремскиот фронт и сл., а агенциите и туроператорите се почесто ги нудат како дел од нивните аранжмани.

Во дваесет и третата точка е дадена застапеноста на дигиталните технологии кај специфичните видови на туризам, каде што се објаснуваат видовите на дигитални технолошки трендови, транзицијата кон дигиталните технологии: нови бизнис модели за давателите на услуги, потоа транзиција кон дигиталните технологии: ново искуство за туристите и сл.

За на крај да се заокружи со истражување и проценка на локалните ресурси за организирање на специфични видови на туризам.

На крајот од ракописот е дадена користената литература и интернет страници, каде што се наведени сите наслови, цитирани во материјалот, предмет на овој учебник.

**ЗАКЛУЧОК**

Според гореизнесеното, рецензентите констатираа дека поднесениот ракопис за учебникот „Специфични форми на туризам" од д-р Тања Ангелкова-Петкова, вонреден професор и д-р Цветанка Ристова-Магловска, доцент, опфаќа научни, стручни и наставни содржини според наставната програма за овој предмет. Материјалот е квалитетно обработен и систематизиран, а ракописот е напишан на јасно разбирлив стил и на ниво достапно и разбирливо за студентите.

Учебникот ќе придонесе студентите на поедноставен начин да ја совладаат оваа значајна материја од областа на туризмот, која е целосно во согласност со наставната програма на соодветната дисциплина што се слуша во трета година / петти семестар на насоката Туризам и угостителство како задолжителен предмет.

Со задоволство му препорачуваме на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да го прифати позитивно рецензираниот ракопис за учебникот „Специфични форми на туризам" од авторките д-р Тања Ангелкова-Петкова, вонреден професор и д-р Цветанка Ристова-Магловска, доцент, како основен учебник и да одобри негово користење според Правилникот за издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

**Рецензенти**

**Д-р Дејан Методијески**, редовен професор,
ФТБЛ - Факултет за туризам и бизнис логистика - Гевгелија,
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип ,с.р.

**Д-р Наташа Митева**, вонреден професор,
ФТБЛ- Факултет за туризам и бизнис логистика - Гевгелија,
Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ФИТОФАРМАЦИЈА - СОВРЕМЕНИ АСПЕКТИ НА УПОТРЕБАТА НА ХЕРБАЛНИ БИОАКТИВНИ КОМПОНЕНТИ“ ОД ПРОФ. Д-Р ВИКТОРИЈА МАКСИМОВА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2002-171/15 од 304. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки одржана на 23.6.2023 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Елена Дракалска-Серсемова, вонреден професор на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев”;
- проф. д-р Даринка Ѓоргиева-Ацкова, вонреден професор на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев”

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„ФИТОФАРМАЦИЈА - СОВРЕМЕНИ АСПЕКТИ НА УПОТРЕБАТА НА ХЕРБАЛНИ БИОАКТИВНИ КОМПОНЕНТИ“** од **проф. д-р Викторија Максимова, вонреден професор,** наменет за студентите на прв и на втор интегриран циклус студии на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Предложениот ракопис од проф. д-р Викторија Максимова со наслов „Фитофармација - современи аспекти на употребата на хербални биоактивни компоненти“ како учебник за објавување во електронска форма во е-библиотеката на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип е наменет за предметот Фитофармација, што се слуша во деветтиот семестар, на студиската програма Фармација, на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип со неделен фонд на часови од 2+1+1.

Ракописот на проф. д-р Викторија Максимова е подготвен според наставната програма и во целост ја опфаќа наставната материја за курсот Фитофармација.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот има вкупно 130 страници (А4 формат, со големината на фонтот Arial 11, *regular*, единечен проред) и, во однос на обемот, ги задоволува основните критериуми за објавување на учебник во електронска форма според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Содржината на учебникот е поделена на 10 поглавја, кои одговараат на посебните наставни единици од областа на фитофармацијата. Покрај текстот, ракописот

содржи и 8 табели и 21 автентични слики. Сликите и табелите во овој учебник имаат за цел да го поедностават приказот на дадени процеси и процедури кои се користат за добивање и ставање во промет на современите хербални препарати, како и да опишат некои од структурните формули на биоактивните компоненти од растително потекло.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Овој текст ќе биде од особен придонес во реализација на наставата по предметот Фитофармација, бидејќи студентите на студиската програма Фармација на Факултетот за медицински науки при УГД досега немаа на располагање соодветен рецензиран материјал на македонски јазик, како сублимиран материјал од наставата преку кој ќе ја совладаат оваа материја. При изработката на овој ракопис авторката консултирала релевантни научни извори кои се однесуваат на современите приоди во обработка на предвидените наставни содржини, но и литература за понатамошно проширување на сознанијата од областа на фармакогнозијата, фитотерапијата, како и современите аспекти на хербалните лекови.

**Краток опис на содржината:** Ракописот започнува со дадена содржина на поглавјата, со што го олеснува следењето на понудениот материјал. Со кус предговор, авторката ги воведува студентите во основната содржина на учебникот, а потоа следи детална разработка на предметната програма за предметот Фитофармација. На крајот е дадена листа на референци или библиографија (користена литература). Содржината што се презентира во учебникот е систематизирана во десет поглавја.

Во првото поглавје **Појава и развој на хербалните лекови од минатото до современата фитотерапија** е направен краток ретроспективен преглед на појавата на лекови од растително потекло и значењето на хербалните лекови од минатото па сè до денес. Тука е особено истакната зголемената употреба на овие лекови во светски рамки и револуцијата во употребата на хербалните лекови во последните децении. Врз основа на популарното користење на лековитите растенија, а со понатамошни научни истражувања базирани на деталните студии на растителни видови, како и ботанички, фитохемиски, фармаколошки, токсиколошки аспекти и развојот на научни и технолошки методологии овие лекови се здобиваат со статус на готови хербални лекови кои според квалитетот, ефикасноста и безбедноста може да се поистоветат со конвенционалната терапија.

Во второто поглавје **Поим и видови на хербални лекови, дефиниции**, авторката ги дефинира основните поими и дефиниции со кои треба да се запознаат идните фармацевти. Дефинирањето на поимите како што се хербална супстанца (дрога), хербална преработка, хербален лек, традиционален хербален лек е од особено значење за студентите со цел истите во иднина да можат правилно да ја следат литературата и развојот на овие видови на лекови. Разграничувањето на терминологијата ќе им биде од особена помош и во толкување на законските прописи и нормативи поврзани со овие конкретни видови на препарати.

Третото поглавје **Формулација и претпроизводствени процеси во подготовка на хербални лекови** ги опфаќа процесите кои влегуваат во формулација на еден нов готов хербален лек, како и претпроизводствените процеси кои се вклучени во добивањето на квалитетен растителен материјал. Формулацијата на готов хербален лек претставува дејство или процес на развивање на препарат

со терапевтска вредност, користејќи комбинација од еден или повеќе делови на медицински растенија кој студентите треба да го разберат и во иднина да научат да го применуваат со цел на пациентите да им се понудат хербални препарати со широк опсег на дејство, висока ефикасност, а ниска токсичност. За таа цел, добивањето на квалитетни растителни суровини во претпроизводствените процеси треба да биде изведено во согласност со највисоките стандарди и водичи за добра агрокултурна и собирачка пракса кои се детално објаснети во ова поглавје.

Авторот во четвртото поглавје насловено **Хербални лекови, процеси во нивно добивање** става акцент на производствените процеси: мелење, сеење, мешање, мацерација, перколација и други видови на екстракции вклучени во индустриската изработка на готовите хербални лекови. Истовремено, ги опишува и хербалните преработки како галенски препарати (инфузии, декокти, чаеви, екстракти, тинктури итн.), но и готовите хербални лекови како фармацевтски дозирани форми кои денес се користат (таблети, капсули, пастили и сл.).

Во петтото поглавје со наслов **Добра производствена пракса на хербални лекови** детално се опишани начелата на добрата производна пракса кои треба да се имплементираат и во производството на хербални лекови. За обезбедување не само на соодветен квалитет, туку и безбедност и ефикасност на комплексни формулации/производи од биолошко потекло како што се хербалните droги, од круцијално значење е да се дефинираат чекорите на нивното производство. Поради сложениот и променлив состав, бројот и малите количини на одредени активни состојки, контролата на почетните материјали, нивното чување и преработка заземаат посебно и значајно место во производството на лекови од хербално потекло.

Шестото поглавје **Контрола на квалитет на хербални лекови** ја опфаќа темата за обезбедување на квалитет на хербалните лекови. Во овој дел авторот ги презентира сите значајни елементи што можат поединечно или збирно да влијаат на квалитетот на лекот. Контролата на квалитетот е оној дел од добрата производна пракса кој се однесува на узорцирање, спецификации и испитувања, како и на организирање, документирање и пропишување на постапки, со што се обезбедува спроведување на сите неопходни и релевантни методи за испитување на квалитетот на почетните супстанции и готовите лекови пред нивната употреба, односно ставање во промет.

Во седмото поглавје **Валидација на аналитички постапки** се објаснети параметрите кои се евалуираат при валидација на аналитичките постапки кои се користат при контрола на квалитет на хербалните лекови. Валидацијата на аналитичките постапки игра голема улога во постигнувањето на оваа цел и истата се бара од страна на законските прописи и регулативи. Валидираните аналитички постапки се неопходни при идентификација на хербални активни компоненти, определување на содржина на активните компоненти, но и при одредување на онечистувања во еден хербален лек.

Осмото поглавје **Регулатива и регистрација на хербален лек** се однесува на законската регулатива која ги дефинира поимите за хербален лек, хербални преработки и хербални супстанци во нашата држава, усогласени со законите што се пропишани во Европската регулатива. Дополнително тука се опфатени

и традиционалните хербални лекови кои се дефинирани како посебна група на лекови регулирани со дополнителни законски измени во нашата држава. Во ова поглавје е детално опишана и постапката за регистрација на традиционален хербален лек.

Деветтото поглавје **Хербални препарати од Canabis sp., легислатива и медицинска употреба во Република Северна Македонија и надвор од државата**, детално ги објаснува хербалните препарати од *Canabis* sp. Најпрво во ова поглавје е опишана морфологијата и систематиката на родот *Cannabis*, а потоа и неговите биоактивни компоненти и фармаколошкото дејство на истите. Потоа, поглавјето дава преглед на законската легислатива во врска со одгледување на канабис за медицински цели во нашата држава, како и неговата употреба кај нас и надвор од државата.

Во десеттото поглавје **Евалуација на ефикасноста и безбедноста на хербалните лекови** е даден општ преглед на ефикасноста и безбедноста на хербалните лекови. Воедно, тука накратко е презентиран и начинот за истражување и проценка на нивната ефикасност и безбедност.

На крајот од учебникот, во делот Литература, се цитираат референците користени при изработката на овој ракопис, кои истовремено претставуваат и дополнителна информација за сите оние студенти и корисници кои имаат желба да ги прошират своите сознанијата од областа на фитофармацијата.

**ЗАКЛУЧОК**

При презентирањето на материјалот за остварување на наставната програма од областа на фитофармација, авторката на овој труд применува современи начела и принципи и од методски и од методолошки аспект. Наставните единици се елаборирани системски и прегледно што е основен предуслов студентите да можат лесно да ја следат, воспримат и разберат суштината на наставната содржина од областа на фитофармација, односно современите аспекти на добивањето и употребата на хербалните лекови. Секако, овој учебник би бил еднакво корисен и за веќе дипломираните студенти или студентите на академски специјалистички студии од областа на фармакогнозијата и фитофармацијата, од каде што би можеле да се консултираат со најновите начела и прописи за производство, регистрација и употреба на препаратите од хербално потекло.

Од горнаведеното може да се заклучи дека ракописот со наслов **„**Фитофармација - современи аспекти на употребата на хербални биоактивни компоненти“ - учебник, од проф. д-р Викторија Максимова, ги задоволува критериумите за објавување во форма на рецензиран учебник. Поради тоа, како членови на Рецензентската комисија, со задоволство им предлагаме на членовите на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки во Штип да го прифатат овој труд за објавување како електронски учебник во е-библиотеката на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

**Рецензенти**
Проф. д-р Елена Дракалска-Серсемова, с.р.
Проф. д-р Даринка Ѓоргиева-Ацкова, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ „АНАТОМИЈА И ФИЗИОЛОГИЈА НА ОКО” ОД ДОЦ. Д-Р БИЛЈАНА ИВАНОВСКА-АЏИЕВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2002-219/25 од 307. редовна седница на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет, одржана на 1.9.2023 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- **проф. д-р Невенка Лабан-Гучева** - редовен професор за наставно-научната област офталмологија на Медицински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
- **проф. д-р Страхил Газепов** - вонреден професор за наставно-научната област офталмологија, вработен на Медицински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**Анатомија и физиологија на око**” **од авторката доц. д-р Билјана Ивановска-Аџиевска,** наменет за студентите на прв циклус студии на Медицински факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Медицински факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Скриптата „Анатомија и физиологија на око“ од доц. д-р Билјана Ивановска-Аџиевска е наменета пред се за студентите на прв циклус студии на Високата школа по оптометрија, при изучување на предметот Анатомија и физиологија на око.

Според Наставниот план и според Наставната програма, содржината и материјата што се разработува во приложениот ракопис на **скриптата „Анатомија и физиологија на око“** сметаме дека соодветствува на наставната програма и во целост ја опфаќа наставната материја по предметот Анатомија и физиологија на око со фонд на часови 3+3+1, кој студентите на прв циклус студии на Високата школа по оптометрија го изучуваат во првиот семестар. Исто така, може да им послужи и на студентите по медицина при нивното изучување на предметите Анатомија и Офталмологија 2+1+1, на студентите на Високата школа за медицински сестри при изучување на предметот Офталмологија и нега со фонд на часови 2+1+1, како и на студентите по оптометрија на втор циклус студии.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот од материјалот на скриптата „Анатомија и физиологија на око“ е на 89 страници, А4-формат, со проред 1 и со големина на букви 11. Станува збор за концизен труд, кој соодветствува на бројот на часовите, од една страна, и соодветствува според одредбите од Правилникот

за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, од друга страна.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Со оглед на фактот што објавените скрипти и учебници наменети за студентите по оптометрија и офталмологија се од областа на општата анатомија на човекот, оваа скрипта е прв специјализиран материјал конкретно за анатомијата и физиологијата на окото.

**Краток опис на содржината:** Скриптата „Анатомија и физиологија на око" на концизен и јасен начин ги разработува основните поими од анатомијата и физиологијата на окото и ги воведува студентите во структурите на окото како специјализиран орган за вид, како и во процесите вклучени во функција на видот.

Материјалот што е понуден во скриптата се состои од неколку дела. Во првите пет поглавја се опишува анатомијата на орбитата, очниот булбус, како и надворешните делови на окото – капаците, конјунктивата и солзниот систем. Се опишуваат и богато се илустрирани сите соодноси кои постојат помеѓу структурите на орбитата и очниот булбус, како и нивната поврзаност со останатите анатомски структури на главата.

Во следните 4 поглавја се опишани предниот сегмент на окото и структурите од надворешната очна обвивка: корнеата, склерата, предната комора, а посебен осврт е даден и на прекорнеалниот солзен филм.

Понатаму во 4 поглавја посебно се обработени анатомските карактеристики и физиологијата на средната очна обвивка (увеата) – ирисот, цилијарното тело и хориоидеата. Опишани се процесите на создавање и истекување на очната водичка, а во посебно поглавје е обработена леќата, процесот на акомодација, како и процесите на стареење на истата (формирање на катаракта).

Во посебни поглавја се обработени внатрешната очна обвивка – ретината и стаклестото тело, при што опширно е опишана и богато е илустрирана нивната комплексна структура и меѓусебни соодноси. Понатаму е даден осврт на физиологијата на ретината и се објаснети основните функции во процесите на формирање на видот.

Во следното поглавје се опишани кранијалните нерви кои учествуваат во процесот на формирање на видот, како и движење на очите. Со многубројни илустрации се објаснети анатомските соодноси помеѓу кранијалните нерви и соседните коскени структури, како и нивните патишта низ мозочното ткиво. Исто така, во посебно поглавје е објаснета васкуларизацијата на окото и неговите помошни структури.

Во последните две поглавја се опишани екстраокуларните мускули, нивната анатомија и функција, како и процесите кои се одвиваат во окото, видните патишта и центрите за вид при формирање на бинокуларниот вид.

Вака конципираниот учебник сметаме дека ќе им биде од голема полза на студентите што ја изучуваат анатомијата и физиологијата на окото како предмет на различните студиски програми на Медицинскиот факултет, но и на специјализантите по офталмологијата при нивните специјалистички студии.

**ЗАКЛУЧОК**

Според одредбите од Статутот и од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, официјално избраната Рецензентска комисија на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип смета дека поднесениот ракопис **„Анатомија и физиологија на око“** од **доц. д-р Билјана Ивановска-Аџиевска** соодветствува да биде учебно помагало, наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Наведената скрипта, со своите научни квалитети, ги задоволува критериумите за објавување како педагошки труд. Рецензентската комисија во состав проф. д-р Невенка Лабан-Гучева и проф. д-р Страхил Газепов му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да ја објави скриптата **„Анатомија и физиологија на око“** од **доц. д-р Билјана Ивановска-Аџиевска.**

**Рецензенти**
Проф. д-р Невенка Лабан-Гучева, с.р.
Проф. д-р Страхил Газепов, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ „МИКРОБИОЛОГИЈА НА ВИНО”**
**ОД ВОН. ПРОФ. Д-Р ФИДАНКА ИЛИЕВА,**
**ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1302-148/6 од 30.8.2023 год. на 219. редовна седница на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет, одржана на 30.8.2023 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Сања Костадиновиќ-Величковска, редовен професор на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и
- проф. д-р Виолета Димовска, редовен професор на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**МИКРОБИОЛОГИЈА НА ВИНО” од авторката вон. проф. д-р Фиданка Илиева,** наменет за студентите на прв циклус студии на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот за учебникот „Микробиологија на вино“ од вон. проф. д-р Фиданка Илиева е конципиран и пишуван според Наставниот план и програма за предметот Микробиологија на вино, кој се изучува на студиите од прв циклус на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“- Штип, на студиската програма Лозарство и винарство и Енологија, во четврта година, седми семестар, како задолжителен предмет со неделен фонд на часови 2+2+1, вкупен фонд од 180 часови и 6 ЕКТС. Ракописот во целост ја опфаќа наставната материја за студиската програма за којашто е наменет.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот за учебникот „Микробиологија на вино“ е напишан на 134 страници, на А4 формат, фонт Arial, со големина 11 и нормален пропред и е во согласност со Упатството за техничко уредување на учебници и учебни помагала во електронска форма на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Ракописот е поделен на 12 тематски наслови, а содржи 27 табели и 34 фотографии. Обемот и содржината на ракописот во целост ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Досега нема објавено ист или сличен ракопис од други автори.

**Краток опис на содржината:**

Краткиот *Вовед* на учебникот „Микробиологија на вино“ е дефиниран како дел од научната област прехранбена микробиологија, која ги проучува само оние микроорганизми кои можат да се развиваат во суровините, помошните материјали, полуготовите и готовите производи во винарската индустрија. Даден е краток историјат за развојот на ферментационата микробиологија, поточно добивањето на ферментационите производи и нивна употреба. Понатаму, во воведот е посебно нагласена улогата на квасците во процесот на трансформација на гроздовиот сок во вино. Овој вид на „ферментација“ е разработен уште во втората половина на 19 век, кога спроведените истражувања на основачот на микробиологија, научникот Луј Пастер, објаснуваат дека алкохолната ферментација се одвива со помош на мали, живи организми, со што го отповикува тврдењето дека ферментација е след на т.н. безживотни процеси.

Во второто поглавје *Квасци* авторката ги опишува најважните видови на родот *Saccharomyces,* како и нивните морфолошки карактеристики и тоа: *Saccharomyces ellipsoideus* Hansen, *Saccharomyces oviformis* Osterwalder (Sacch. Bayanus Saccardo), *Saccharomyces chevalieri* Guillermond, *Saccharomyces exiguus* Hansen, *Saccharomyces fermentati* (Saito) Lodder et Kreger - Van Rij, *Saccharomyces heterogenicus* Osterwalder, *Saccharomyces italicus* Castelli, *Saccharomyces rosei* (Guilliermond) Lodder et Kreger – van Rij и *Saccharomyces aceti* Santa Maria.

Во третото поглавје *Лимоновидни квасци* се опишани квасците од родовите: *Hanseniaspora Zikes*, *Hanseniaspora uvarum* (Niehaus), *Kloeckera Janke*, *Saccharomycodes* и *Hansenula Sydow* . Попрецизно авторката ја опишува нивната форма, големина, начинот на размножување, како и продуктите што ги создаваат во текот на алкохолната ферментација. Овие квасци се сметаат за штетни во производството на вино, бидејќи кога им е дозволено да учествуваат активно во ферментацијата ја потиснуваат активноста на култивираните квасци, ги влошуваат органолептичките карактеристики на виното кое многу тешко се бистри и се филтрира.

Во четвртото поглавје од овој ракопис *Екологија и распространетост на квасците,* авторката ги објаснува изворите, распространетоста и кружно движење на квасците во природата.

Понатаму, во петтото поглавје е објаснето *Влијанието на физичките, хемиските и биолошките фактори на средината врз развојот и биохемиската активност на квасците,* пред се температурата, влажноста, pH-вредноста, влијанието на кислородот, концентрација на шеќерите во гроздова каша, азотни материи, процент на етанол, сулфур диоксид, присуство на пестициди и интеракции меѓу квасците помеѓу квасците и млечно-киселите бактерии и помеѓу винските квасци и оцетнокиселинските бактерии.

Шестото поглавје *Чисти култури вински квасци* ги акцентира значењето и предностите на чистите култури во процесот на ферментација и нивната улога во производството на вино. Дадено е објаснување дека при селекција на винските квасци се користат соеви кои образуваат помалку испарливи киселини, виши

алкохоли и сулфиди. За ферментација на покисела гроздова каша се преферираат соеви кои повеќе ја разградуваат јаболчната киселина. Со избраниот селектиран квасец може да се забрза алкохолната ферментација и да се влијае до извесен степен врз составот на виното. Во ова поглавје авторката ги опишува и четирите фази за развој на квасците во статична култура и селекција на квасци при производство на вино.

Во седмото поглавје *Млечнокисели бактерии* се опишани најважните топчести и стапчести видови на хомоферментативни млечнокисели бактерии, нивна класификација, форма, големина, физиолошка и биохемиска активност и нивната улога во процесот на ферментација.

Понатаму се опишани корисни и штетни млечнокисели бактерии каде што авторката нагласува дека некои видови на млечнокисели бактерии може да бидат корисни, а некои шететни при алкохолна ферментација на виното. Нагласено е дека од процесите кои ги предизвикуваат млечнокиселите бактерии, како на пример ферментацијата на јаболчната киселина до млечна е корисна за некои типови на вина. Од друга страна, разградувањето на другите состојки на виното е повеќе или помалку штетно. Во ова поглавје се разработени факторите кои влијаат врз јаболчно-млечно киселата ферментација, како pH вредност, сулфур диоксид, температурата, влијание на етанолот, процентот на гликоза, винска киселина и количеството на глицерол врз развојот на млечнокиселите бактерии и влијанието на квасците. Некои соеви на култивирани квасци се силни антагонисти на јаболчно-млечнокиселите бактерии. Кај вината добиени со овие квасци јаболчната киселина не се разградува, а тој процес повторно се појавува при ново инфицирање со бактерии.

Во осмото поглавје *Оцетнокисели бактерии* авторката ги опишува карактеристиките и класификацијата на оцетнокиселите бактерии. Посебен акцент е ставен на разликување на родовите *Gluconobacter* и *Acetobacter,* како и основните критериуми за разликување на видовите од родот *Acetobacter*. Опишан е метаболизмот на овие оцетнокисели бактерии во виното, како асимилацијата на шеќери, синтеза на алкохол, киселини и образување на полисахариди, алдехиди и естери. Зависноста на активноста на оцетнокиселите бактерии од процентот на кислород, pH-вредноста, количеството на етанол, сулфур диоксид и температурата е детално објаснета во ова поглавје.

Во деветтото поглавје со наслов *Габи* се различните видови на мувли кои не се развиваат во виното со сигнификантен ефект врз алкохолната ферментација и квалитетот на крајниот производ. Посебно се нагласени мувлите кои имаат значење во винската индустрија, и тоа класите *Asscomycetes*, *Phycomycetes*, *Basidiomycetes* и *Fungi imperfecti*.

Десеттото поглавје со наслов *Микробиологија на плута* ја опишува постапката за производство на плутени тапи, како и микрофлората на необработената плута. Во ова поглавје се опишани и идентитетот и својства на мирисно-активните метаболити, како и начинот на подготовка за испорака.

Во единаесеттото поглавје *Расипување на виното* се опишани најчестите причини за расипување на виното, болести и мани, како и превентивни мерки против болести на виното.

Во последното поглавје *Методи за изолација, селекција и идентификација на квасци од гроздова каша* детално е опишана постапката на изолација на квасци од различни видови на грозје, нивна селекција во три чекори, како и PCR идентификација на најважните *автохтони* квасци кои даваат најдобри резултати при ферментација на црвени вина. Во последното поглавје авторката нагласува дека производство на црвени вина со ферментација со изолирани *автохтони* соеви на квасци (посебно од регионот на Тиквеш) значително влијае на квалитетот и органолептичките особини на оригиналните вина произведени од регионот на Република Северна Македонија.

На крај, ракописот завршува со листа на *цитирана* литература од реномирани светски списанија со високо влијание во областа на микробиологија на вино која авторката ја користела за време на пишување учебникот.

**З А К Л У Ч О К**

Учебникот со наслов „Микробиологија на вино“ од авторката вон. проф. д-р Фиданка Илиева ги опфаќа сите содржини од теоретски аспект, според наставниот план и програма за истоимениот предмет, за студентите на прв циклус студии на студиските програми Лозарство и винарство и Енологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Со издавање на овој учебник студентите ќе имаат можност да го изучуваат потребниот материјал во соодветен обем на македонски јазик. Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите за учебник, како и условите за издавање пропишани според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип.

Според сето погоре наведено, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ракописот „Микробиологија на вино“ од вон. проф. д-р Фиданка Илиева да биде издаден како учебник за студентите на Земјоделскиот факултет, а воедно да им предложи на органите на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип негово понатамошно објавување.**

**Рецензенти**
Проф. д-р Сања Костадиновиќ-Величковска, с.р.
Проф. д-р Виолета Димовска, с.р.

**П Р Е Г Л Е Д**
**на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата**

| Билтен 2.10.2023 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Наслов на тема | Одлука | Ментор | Студент |
| **ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ** | 1. Современите тенденции на транспортното право во новите превирања во транспортната индустрија | 1102-108/3 од 21.9.2023 год. | Проф. д-р Борка Тушевска-Гавриловиќ | Славица Ефтимова |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ** | 2. Серопреваленца на HbsAg и анти HCV кај пациенти на хемодијализа | 2002-231/24 од 15.9.2023 год. | Проф. д-р Милка Здравковска | Сокица Геговска |